# ОТВОРЕНО СКРИЕНИ ОПРЕСИИ:

## СТАВОВИ, ВРЕДНОСТИ И ПРАКТИКИ НА ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ ЗА ПОЛИТИЧКОТО УЧЕСТВО И ЗА ХОМОСЕКСУАЛНОСТА

Анета Цекиќ
Јован Близнаковски
Ирена Цветковиќ
Билјана Котевска

# ОТВОРЕНО СКРИЕНИ ОПРЕСИИ:

## СТАВОВИ, ВРЕДНОСТИ И ПРАКТИКИ НА ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ ЗА ПОЛИТИЧКОТО УЧЕСТВО И ЗА ХОМОСЕКСУАЛНОСТА

**Анета Цекиќ**
**Јован Близнаковски**
**Ирена Цветковиќ**
**Билјана Котевска**

Коалиција МАРГИНИ
Скопје, октомври 2023

# Содржина:

Вовед. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

Анета Цекиќ и Јован Близнаковски

**ШТО СТИМУЛИРА ХОМОФОБИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА? АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕВРОПСКОТО ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ . . . . . . . . . . 9**

Ирена Цветковиќ

**ШТО ПРИДОНЕСУВА ЗА ХОМОФОБИЈА? ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДНОСОТ МЕЃУ ЧОВЕЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ И СТАВОВИТЕ ПОВРЗАНИ СО ХОМОСЕКСУАЛНОСТА ВО КОНТЕКСТ НА АНТИРОДОВАТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА . . . . . . . . 37**

Јован Близнаковски и Анета Цекиќ

**РОДОВИОТ ЈАЗ ВО ПОЛИТИЧКОТО УЧЕСТВО И ВНАТРЕШНАТА ПОЛИТИЧКА ЕФИКАСНОСТ . . . . 63**

Билјана Котевска

**КОН МАПИРАЊЕ НА РОДОВИОТ ЈАЗ ВО ПОЛИТИЧКОТО УЧЕСТВО: ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА ДОБА И ОДРЕДЕНИ ЛИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ ПОЛИТИЧКАТА АКТИВНОСТ КАЈ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ . . . . . . . . . . . . 91**

# Вовед

Македонското општество е сè уште недоволно сензитивно и се однесува дискриминаторски кон жените и сексуалните малцинства. Што поточно ги условува овие распространети ставови и што придонесува тие да опстојуваат низ подолг период? Во оваа студија обработуваме теми поврзани со политичкото учество низ родова перспектива, како и ставовите кон хомосексуалноста на граѓанките и граѓаните на Република Северна Македонија. За тоа користиме податоци од Европското општествено истражување, голема компаративна анкета која за првпат беше спроведена во Република Северна Македонија во 2021 – 2022 година. Преку неа имаме пристап до широка база на податоци за ставовите на испитаниците за различни општествени прашања, општествени групи и вредности, како и перцепции и оценки за сопствената состојба, што овозможува да ја испитуваме нивната меѓузависност. Анализата на повеќе видови фактори и ситуациски услови во кои се наоѓаат граѓанките и граѓаните треба да даде насоки за тоа каде е коренот на овие раширени предрасуди меѓу населението.

Во текстот *Што стимулира хомофобија во Република Северна Македонија? Анализа на податоците од Европското општествено истражување,* Анета Цекиќ и Јован Близнаковски детално ги истражуваат хомофобичните ставови на испитаниците, тестирајќи го истовремено и за првпат значењето на повеќе демографски, социо-економски и ситуациски фактори, како и фактори поврзани со човечките вредности. Хомофобијата е разгледана како повеќедимензионален концепт за кој се утврдени разлики околу тоа што ги условува различните ставови кон поддимензиите.

Во делот *Што допринесува до хомофобија? Истражување на односот меѓу човечките вредности и ставовите поврзани со хомосексуалноста во контекст на антиродовата мобилизација во Република Северна Македонија,* Ирена Цветковиќ се фокусира поподробно на значењето на човечките вредности за формирањето на хомофобичните ставови. Со оглед на тоа дека овие фактори се покажаа како многу значајни, таа ја истражува нивната поврзаност со актуелните антиродови и популистички движења, и нивната експлоатација за креирање и спроведување политики на страв.

Во делот *Родовиот јаз во политичкото учество и внатрешната политичка ефикасност,* Јован Близнаковски и Анета Цекиќ ги разгледуваат разликите во политичкото учество меѓу жените и мажите во Република Северна Македонија, низ анализа на повеќе форми на политичко учество. Авторите нудат подлабока анализа на тоа што ја одредува увереноста на жените во нивната способност да учествуваат поактивно во политичките процеси.

Во слична насока, во својот текст *Кон мапирање на родовиот јаз во политичкото учество: влијанието на животната доба и одредени лични карактеристики врз политичката активност кај жените и мажите,* Билјана Котевска ги разгледува факторите поврзани со животната доба и специфичностите што секој од нив ги носи за политичкото учество на жените. Препознавајќи ја детално нивната важност, таа ги објаснува разликите во политичкото учество меѓу жените и мажите во Република Северна Македонија.

Се надеваме дека наодите од оваа студија ќе најдат своја примена во институциите што се задолжени да работат во овие области и ќе придонесе за преземање акции кои би воделе кон намалување на предрасудите и стереотипите, како и кон зајакнување на жените во насока на нивно поголемо учество во политиката и во различните процеси во општеството и во јавниот живот.

Од авторите

# ШТО СТИМУЛИРА ХОМОФОБИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

## АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕВРОПСКОТО ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ

**Анета Цекиќ**
**Јован Близнаковски**

# Вовед

Претходните истражувања на контекстот на Република Северна Македонија укажуваат дека конзервативните и патријархални вредности се широко распространети. Меѓу нив, ставовите кон групите што се перципирани од јавноста дека отстапуваат од традиционалните карактеристики на општата популација, какви што се ЛГБТИ лицата, се особено негативни (Popovikj 2010). Анкетните истражувања што ги испитуваат вредностите и политичката култура на граѓаните се фокусираат, главно, на мерење на социјалната дистанца – да се биде сосед со групи на маргинализирани лица, меѓу кои и ЛГБТИ лица (Клековски и др. 2011; Топузовска-Латковиќ и др. 2013; Димова 2022), на прифаќањето на хомосексуалноста генерално или како начин на живот (Клековски 2009; Марковиќ и др. 2013; Димова 2022) или на признавање на групните права (Топузовска-Латковиќ и др. 2019). Студијата за европски вредности, освен прашањата за прифаќањето на хомосексуалните двојки за соседи и генералната оправданост на хомосексуалноста, вклучува и прашања за тоа дали хомосексуалните двојки се еднакво добри родители како другите (European Values Study 2022). Наодите од овие истражувања без исклучок говорат за раширени хомофобични ставови меѓу граѓаните на РС Македонија.

Преку спроведувањето на 10-тиот бран на Европското општествено истражување (ЕОИ) во Република Северна Македонија во 2021–2022 година, имаме пристап до нови податоци, кои мерат три димензии/ставови кон хомосексуалноста, и тоа: 1) слобода геј мажите и лезбејките[1] да го живеат животот како што сакаат, 2) ставови кон можноста хомосексуалните двојки да посвојуваат деца, како и 3) чувството на срам доколку испитаникот има близок роднина кој е геј или лезбејка (European social survey 2016). Со оглед на тоа дека ЕОИ вклучува голем број демографски варијабли и објективни податоци

1 Отстапувањата од правилната форма на овој и на други зборови што не се употребени во согласност со Правописниот речник се направени по настојување на авторите на текстовите, наспроти укажувањата на лекторката.

за испитаниците, како и прашања што се однесуваат на вредностите, ставовите и перцепциите за други општествени прашања, имаме можност да испитаме подетално што ги условува ставовите кон хомосексуалноста на граѓаните во РС Македонија.

Генералната анализа на податоците и првичните компаративни наоди покажаа дека македонските граѓани се најхомофобични меѓу граѓаните од останатите триесетина земји вклучени во 10-тиот бран на ЕОИ. На сите три прашања/димензии на ставовите кон хомосексуалноста, испитаниците од земјава имаат најнегативни ставови (Цекиќ 2023). Следствено, хомофобијата во земјата не само што е распространета туку и таа распространетост е повисока во споредба со останатите земји од европскиот континент. Таквата состојба треба да ги алармира одговорните институции за неопходноста од градење на политики за инклузивност кон сите групи граѓани, меѓу другото, работејќи и директно со граѓаните за надминување на негативните предрасуди и стереотипи.

Во овој труд ги идентификуваме главните фактори што придонесуваат за стимулирање на хомофобичните ставови во РС Македонија. Тоа го правиме преку мултиваријантна статистичка анализа на податоците добиени од 10-тиот бран на ЕОИ. Ваквиот пристап ни овозможува да го процениме ефектот на повеќе различни групи фактори одеднаш (демографски, социо-економски, ситуациони и вредносни) и да извлечеме заклучоци за нивниот интензитет во дефинирањето на хомофобичните ставови на ниво на целата популација. Според нашите сознанија, ова е прва студија која се обидува на овој начин да ја истражи распространетоста на хомофобијата во Република Северна Македонија.

Во следните потпоглавја најпрво ги претставуваме претходните научни сознанија за факторите кои (де)стимулираат хомофобични ставови, по што преминуваме на методолошкиот дизајн на студијата. Во третиот дел ги претставуваме резултатите од нашите анализи, а во последната даваме кус преглед на најважните наоди.

## Што условува хомофобија?
## Претходни сознанија од научната литература

Ставовите кон хомосексуалноста се едни од подинамичните општествени ставови кои беа подложни на значителна промена во последните пет декади. Почнувајќи од движењето за човековите

права и „сексуалната револуција“ во САД во 1970-тите, дискриминацијата на луѓето со нехетеросексуална ориентација е во редот на политички најексплоатираните теми врз основа на кои се одвиваше идеолошка диференцијација и политичка мобилизација. Низ овие декади, преку декриминализација, промени во законодавствата и афирмативни практики, деградирачките ставови кон хомосексуалноста се редуцираа постепено, но претежно на северноамериканскиот континент и во Западна и во Северна Европа (Roberts 2019). Во останатите региони во светот, вклучувајќи го и европското соседство, сѐ уште преовладуваат амбивалентни ставови (Bolzendahl and Gracheva 2018), предрасуди, неприфаќање и практики на дискриминација кон ЛГБТИ лицата. Во некои муслимански земји и земји од африканскиот континент, пак, во 21 век лицата кои декларираат нехетеросексуална ориентација се соочуваат со смртна казна. Дури и во западните земји, генерално, пораспространети се ставовите за општо прифаќање на хомосексуалноста, преку споделување на убедувањето дека ЛГБТИ лицата треба да бидат оставени да го живеат својот живот како што сакаат, додека помал процент граѓани ја прифаќаат, на пример, можноста хомосексуалните двојки да посвојуваат деца (Dotti Sani and Quaranta 2020). Антиродовите движења од последната декада особено ангажирано се обидуваат да го запрат процесот на постепено прифаќање на ЛГБТИ правата што се случуваше во западните демократии и ги постигнуваат своите посакувани ефекти на назадување, особено во новите демократии.

Компаративните студии укажуваат на разлики меѓу земјите во врска со ставовите кон хомосексуалноста што се поврзуваат со правниот контекст, како и со други структурни карактеристики, како социо-економските услови или културниот контекст, и особено религиозноста на општеството (Van den Akker et al. 2013; Roberts 2019; Whitworth and Moretti 2023 и др.). На индивидуално ниво, пак, веќе постои значајна литература која ги испитува разликите во ставовите на испитаниците, условени од нивните социо-демографски карактеристики, личните вредности и ставови кон други општествени прашања. Овој вид индикатори во претходните студии ги вклучуваат: полот, возраста, степенот на образование, приходот, местото на живеење, религиозноста, религиската припадност и религиските практики, интензитетот на контакт со ЛГБТИ лица, задоволството од животот и личното чувство на среќа, како и вредностите на испитаниците и нивните (социјално-) психолошки карактеристики – авторитарност, прифатеност на родовите улоги и сл.

Повеќето минати студии ги вклучуваат стандардните демографски и социо-економски варијабли при испитување на ставовите кон хомосексуалноста (Steffens and Wagner 2004; Van den Akker et al. 2013; Kuntz A. et al. 2015; Dotti Sani and Quaranta 2020; Whitworth and Moretti 2023 и др.). Според нивните наоди, мажите имаат похомофобични ставови од жените. Помладите испитаници вообичаено имаат попозитивни ставови кон хомосексуалноста, со објаснување дека се социјализирани во време и во контекст кој е поповолен за прифаќање на хомосексуалноста (Van den Akker et al. 2013: 68). И во однос на образованието, како една од најзначајните демографски варијабли, но и форми на социјализација, врската е стабилна – како што расте степенот на образование така опаѓаат хомофобичните ставови на испитаниците. Испитаниците од руралните средини/мали населени места, вообичаено имаат похомофобични ставови во споредба со испитаниците од урбаните средини/големите градови (Steffens and Wagner 2004). Во некои студии и приходот на испитаниците е поврзан со ставовите кон хомосексуалноста, директно или преку ефект на посредување на други варијабли, па така, како што расте приходот расте и прифатеноста на хомосексуалноста (Dotti Sani and Quaranta 2020; Whitworth and Moretti 2023). Работниот статус исто така е вклучуван во претходните студии, најчесто како контролна варијабла и со претпоставка дека испитаниците кои искусуваат економска нестабилност, како што се невработените, искажуваат поголема хомофобичност (Van den Akker et al. 2013; Dotti Sani and Quaranta 2020). Овој ефект во земјите од Источна Европа сепак не е потврден (Bolzendahl and Gracheva 2018). Некои компаративни студии, кои се фокусираат посебно на можноста за посвојување деца од страна на хомосексуалните двојки, го испитуваат и значењето на брачниот или партнерски статус и имањето деца (Takács et al. 2016), но поголемо внимание му придаваат на правниот контекст во кој се градат овие ставови. Задоволството од животот е спорадично истражувана варијабла во поновите студии и без широко елаборирани заклучоци (Whitworth and Moretti 2023), но упатува на значењето на еден нов корпус независни варијабли кој може да биде од значење во помалку развиените земји.

Повеќе студии утврдиле дека религиозноста има многу важна улога во формирањето на ставовите кон хомосексуалноста. Не само припадноста кон одредена религија, и која е таа религија (ислам, католицизам, православие и др.), туку честотата на практикување на религијата преку верски обреди е особено битна за формирањето на ставови кон хомосексуалноста (Van den Akker et al. 2013; Roberts 2019; Bolzendahl and Gracheva 2018). Така, припадниците на католичката

религија, православните христијани и муслиманите се похомофобични од протестантите. Почестото практикување религија, пак, е уште посилно поврзано со хомофобичните ставови, односно, според повеќето студии, овој ефект е поголем дури и од самата религиска припадност.

Ставовите кон хомосексуалноста се истражуваат и преку поврзаноста на авторитарните ставови и хомофобичните ставови (Van den Akker et al. 2013; Bolzendahl and Gracheva 2018). Со оглед на тоа дека профилот на авторитарна личност се карактеризира со ригидност кон различностите (особено кон сексуалните практики) и отстапувањата од воспоставените социјални норми, личностите кои имаат авторитарни вредности почесто споделуваат и хомофобични ставови. Идеолошките ориентации на испитаниците, припадноста кон политичка партија од одреден идеолошки вид, задоволството од демократијата и слично, се следната група испитувани варијабли (Steffens and Wagner 2004; Takács et al. 2016; Dotti Sani and Quaranta 2020). Според претходните наоди, попозитивните ставови кон хомосексуалноста се поврзани со идентификувањето со левичарски идеологии и припадност на либерални, зелени и социјалдемократски партии, како и со поголемото задоволство од демократијата. Некои студии ги испитуваат и поврзаноста на демократските ставови и политичкото учество на испитаниците со ставовите кон хомосексуалноста (Bolzendahl and Gracheva 2018), при што, колку се поприфатени демократските вредности и колку повисоко е политичкото учество, толку се помали хомофобичните ставови.

Повеќе минати студии се занимаваат и со поврзаноста на основните човечки вредности со ставовите кон хомосексуалноста. Најшироко, вредностите се дефинирани како посакувани, натситуациски цели кои варираат во значењето и служат како водечки принципи во животот на поединците или на други општествени ентитети (Schwatrz 1994: 21). Во општествените науки позната е поврзаноста на индивидуалните и групните вредности и различните општествени и политички ставови (Inglehart and Welzel 2005), меѓу кои и ставовите за хомосексуалноста (Roberts 2019). Но особено често употребуван инструмент е скалата на човечки вредности на Шалом Шварц, која е нашироко користена за истражување на голем корпус општествени теми (ESS 2021; Swartz et al. 2012). Резултатите од претходни студии кои ја користат оваа скала зборуваат дека попозитивните ставови кон хомосексуалноста се споделуваат од испитаниците кои имаат повисоки вредности на димензиите како

што се отвореност и универзализам, додека негативните ставови се поврзани, пред сѐ, со желбата за моќ и вредностите на конзервација[2] (Kuntz A. et al. 2015; Whitworth and Moretti 2023).

## Податоци и методолошки пристап

Во овој текст ги користиме податоците од 10-тиот бран на ЕОИ во Република Северна Македонија (ESS 2023). Теренското истражување беше спроведено на примерок од 1.429 возрасни испитаници (15 години и повеќе) во периодот октомври 2021 – март 2022 година, од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со оглед на тоа дека во Република Северна Македонија не постојат попродлабочени студии од овој тип, нашето испитување на ставовите поврзани со хомосексуалноста вклучува поголем број варијабли. Скоро сите погоренаведени варијабли беа тестирани при обработката на податоците. Голем дел од нив задржуваме во презентираните модели. Така, ги вклучуваме стандардните демографски и социо-економски варијабли, релогиозноста (2 варијабли), идеолошката ориентација и четири вредности од повисок ред од скалата на човечки вредности. Иако авторитарноста е широко распространета во земјава, за што говорат и компаративно високите вредности на две поставени прашања во ЕОИ, во анализата се фокусираме на димензии од скалата на човечки вредности кои ги опфаќаат или се поврзани и со авторитарните ставови (конзервација, традиција). Во нашата студија ги вклучуваме и задоволството од животот и перцепцијата за сопствената среќа, за да го испитаме влијанието на општиот социјален контекст во кој живеат испитаниците, со оглед на тоа дека големо мнозинство граѓани во РС Македонија изразуваат незадоволство од функционирањето на демократските институции и економската состојба, како и од институциите кои треба да ги обезбедат основните социјални услуги на граѓаните, како што се образование и здравство (Димитровска 2023). Таквото незадоволство би можело да се одразува и во други сфери од животот на испитаниците, односно да придонесува за општо незадоволство и непријателски однос кон групи во општеството кон кои тие не припаѓаат.

2 Го користиме терминот конзервација (на англиски јазик: conservation), а не конзервативизам, со цел да направиме дистинкција од конзервативизмот како еден вид политичка идеологија.

За да ги испитаме разликите во ставовите кон хомосексуалноста, развивме четири различни модели што ги испитуваат факторите кои ги определуваат хомофобичните ставови на испитаниците. Како метод на анализа ја користиме обичната линерна регресија на најмали квадрати (Ordinary least squares – OLS). Секој OLS-модел содржи различна зависна варијабла која мери хомофобични ставови. Презентираните податоци се пондерирани за да ја отсликуваат подоследно структурата на населението во земјата (види: Kaminska 2023). Описот на сите користени варијабли е поместен во следните делови, како и во Додаток 1 кон овој труд.

## Зависни варијабли

Ставовите кон хомосексуалноста ги меревме преку одговорите на следните три прашања: *Геј мажите и лезбејките треба да имаат слобода да го живеат својот живот како што сакаат* (од 1 – сосема се согласувам до 5 – воопшто не се согласувам); *Геј машките и лезбејските парови треба да ги имаат истите права за посвојување деца како и паровите составени од маж и жена.* (од 1 – сосема се согласувам до 5 – воопшто не се согласувам) и *Доколку близок член на семејството е геј маж или лезбејка, јас би се чувствувал/а засрамен/а* (од 1 – сосема се согласувам до 5 – воопшто не се согласувам). Последното прашање е рекодирано во обратна насока од онаа дадена на испитаниците/чките со цел повисоката оценка да означува похомофобичен став, како што тоа е случај со првите две прашања.

Од трите достапни прашања создадовме една композитна варијабла која мери општи хомофобични ставови (варијабла: хомофобија). Внатрешната релијабилност (internal reliability) на новокреираната мерка е вредност на Cronbach Alpha од 0,65, параметар кој означува прифатлива (иако не и идеална) релијабилност со која можеме да ја продолжиме анализата. Во регресионите модели го истражуваме овој композитен став, како и секој став посебно, при што зависната варијабла од првото прашање наведено погоре ја нарековме „слободен живот“, од второто прашање „посвојување“, а варијаблата од третото прашање е наречена „срам“. Посебните регресиони модели за секоја од овие варијабли ни овозможуваат да ги процениме факторите зад секој од трите посебни става (под претпоставка дека тие можат да се разликуваат), но и да компензираме за евентуалната слабост предизвикана од степенот на внатрешната вродостојност на композитната мерка. Фактот што ги испитуваме ефектите на истите варијабли низ четири различни модели треба

да нè упати и кон тоа кои од истражуваните фактори се поробустни[3] од останатите во определувањето на хомофобичните ставови на индивидуално ниво.

## Независни варијабли

### Демографски и социо-економски варијабли

Во листата на независни варијабли вклучуваме неколку стандардни демографски варијабли: *Пол; Возраст; Степен на образование* – варијабла со три категории – низок степен на образование (незавршено основно и завршено основно образование), среден степен на образование (завршено средно образование) и висок степен на образование (вишо, високо, магистерски и докторски студии); *Место на живеење:* урбано (голем град, предградие на голем град и мало гратче) или рурално (село); *Работен статус* – вработени, невработени и испитаници надвор од пазарот на труд (студенти, пензионери, домаќини/ки); *месечен приход на домаќинството,* мерен преку варијабла со 10 категории на приход (децили на приход), од низок кон висок; и *Етничка припадност* (Македонци и Албанци). Очекуваме дека насоката на влијание на сите овие варијабли ќе биде како што е опишано во прегледот на постојната литература. Кога станува збор за етничката припадност, очекуваме дека Албанците ќе пројават похомофобични ставови од Македонците, со оглед на поголемото значење на традиционалните вредности кај овој дел од населението, што е констатирано и со претходните национални истражувања.

### Религиозност

*Религиска припадност* е декларираната припадност на испитаникот/чката кон одредена верска заедница (православни христијани или муслимани), како и неприпаѓањето на ниту една религиска група. *Религиозноста* е мерена според честотата на посетување на религиски служби, односно преку добиените одговори на прашањето: *Покрај посебни прилики како свадби и погреби, колку често присуствувате на религиски служби?,* со можни одговори кои варираат од 1 (никогаш) до 7 (секој ден). Очекуваме дека и во нашиот случај повисоката религиозност ќе придонесува кон похомофобични ста-

3 Отстапувањата од правилната форма на овој и на други зборови што не се употребени во согласност со Правописниот речник се направени по настојување на авторите на текстовите, наспроти укажувањата на лекторката.

вови, при што припадниците на муслиманската религија ќе бидат понегативно настроени кон хомосексуалноста од православните христијани, под претпоставка дека религиската и етничката припадност во голема мера се поклопуваат во македонскиот контекст.

### Идеолошки ориентации

За мерење на *идеолошки ориентации* е користена скала за самопозиционирање на испитаниците од 0 до 10, каде нула е „лево“, а 10 е „десно“. Испитаниците се групирани во три групи – лево (0 – 4), центар (5) и десно (6 – 10). Во согласност со постојната литература, очекуваме дека испитаниците кои се позиционираат кон десно ќе бидат похомофобични, за разлика од оние кои се позиционираат кон лево.

### Задоволство од животот и перцепција на среќа

Задоволството од животот е мерено преку одговор на прашањето: *Имајќи ги предвид сите работи, колку сте во моментот задоволни од Вашиот живот во целина?*, на скала од 1 до 10 степени, каде 1 значи „Исклучително незадоволен/на“, а 10 „Исклучително задоволен/на“.

Перцепцијата на среќа е мерена преку одговор на прашањето: *Имајќи ги предвид сите работи, колку би рекле дека сте среќни?*, на скала од 0 до 10, каде 0 значи „Исклучително несреќен/на“, а 10 значи „Исклучително среќен/на“.

Задоволството од животот се поврзува, пред сè, со објективните услови во кои живеат луѓето (економска положба, ресурси), додека чувството за лична среќа е посубјективен став. Очекуваме овие варијабли да влијаат на тој начин што поголемото задоволство и лична среќа ќе придонесуваат за помалку хомофобични ставови.

### Основни човечки вредности

Од самите почетоци на ЕОИ во 2002 година, човечките вредности се испитуваат преку скалата на човечки вредности, збир од 21 прашање осмислени од Шалом Шварц (Swartz 1994; Swartz et al. 2012). Скалата претставува круг од 10 основни човечки вредности кои се универзални за луѓето од различни географски простори, и тоа: универзализам, беневолентност, традиција, конформизам, безбедност, моќ, постигнување, хедонизам, стимулација и себенасочување.

Во прашалникот скалата е зададена на тој начин што опишува одредена личносна карактеристика, а испитаникот/чката треба да одговори колку е сличен/на со така опишаната личност: „Сега накратко ќе опишам некои луѓе. Ве молам слушнете го секој опис и кажете ми колку личноста која се опишува е слична или не е слична со Вас.“ Степенот на согласност се мери на скала од 1 до 6, каде 1 значи „Воопшто не е слична на мене“, а 6 „Многу слична со мене“. (Подетално во Додаток 1).

Следејќи ги Kuntz et al. 2015, во нашата анализа вклучуваме 19 прашања од скалата групирани во четири композитни варијабли кои дефинираат четири вредности од повисок ред: конзервација, отвореност кон промени, универзализам и желба за моќ. Основните вредности и вредностите од повисок ред кои се користени во нашата анализа се претставени подолу, онака како што се опишани во Swartz et al. 2012. Користените прашања се дадени во Додаток 1.

**Конзервацијата** е вредност од повисок ред која ги опфаќа следните три основни вредности: традиција, конформизам и сигурност. *Традицијата* претставува почитување и прифаќање на обичаите и идеите карактеристични за традиционалната култура или што произлегуваат од религијата; *конформизмот* претпоставува воздржување од дејства или импулси што може да ги вознемират или повредат другите и да ги прекршат општествените очекувања или норми; а *сигурноста* претставува безбедност, хармонија и стабилност на општеството, во односите и со себе.

**Отвореноста кон промени** е вредност од повисок ред која ги опфаќа самонасочувањето, стимулацијата и хедонизмот. *Самонасочувањето* означува независност на мислата и акцијата преку избирање, креирање и истражување; *стимулација* е вредност која им дава предност на возбудата, новините и предизвиците во животот, а *хедонизмот* означува задоволства и сетилно задоволување на самиот себе.

**Универзализмот** е вредност која претпоставува разбирање, почитување, толеранција и заштита на добросостојбата на сите луѓе и на природата.

**Желбата за моќ** ги вреднува социјалниот статус и престижот, контролата и доминацијата над луѓето и ресурсите.

Во согласност со претходните наоди, очекуваме дека испитаниците кои имаат повисоки резултати на димензиите конзервација и моќ ќе искажуваат понегативни ставови кон трите димензии

на хомосексуалноста, односно испитаниците кои имаат повисоки резултати на димензиите универзализам и отвореност ќе имаат пониски резултати, односно ќе се помалку хомофобични.

## Резултати

### Дескриптивна статистика

Како што најавивме погоре во овој труд, степенот на согласност со трите хомофобични става е релативно висок меѓу населението, но не и еднаков меѓу трите понудени изјави (види Графикон 1). Безмалку 60% од испитаниците/чките не се согласуваат со тврдењето дека геј мажите и лезбејките треба да имаат слобода да го живеат својот живот како што сакаат, а нешто над 61 % се согласуваат дека би се чувствувале засрамени доколку близок член на семејството е геј маж или лезбејка. Противењето на идејата за еднакви права на посвојување меѓу хомосексуалните и хетеросексуалните двојки е уште поизразено – нешто над 84 % од населението не се согласуваат со таквата идеја (а впечатливо е и дека дури 62 % воопшто не се согласуваат – највисоко ниво на противање на скалата). Следствено, може да се каже дека хомофобичните ставови се најсилни кога станува збор за идејата за посвојување и дека не се еднакви како во случајот со распределбата на одговорите кај останатите две прашања.

Овие наоди сугерираат, главно, дека различни хомофобични ставови можат да резонираат со различни типови на индивидуи и

**Графикон 1. Степен на согласност со различни хомофобични ставови (изразено во проценти, извор: ЕОИ).**



групи, а тоа е токму еден од аспектите што ќе ги опфатиме подолу со регресионите анализи. Засега доволно е да се констатира дека хомофобичните ставови се широко присутни меѓу населението, но и дека варираат во раширеноста зависно од специфичниот став кој е земен предвид.

## Мултиваријатна анализа

Општо земено, нашите регресиони анализи покажуваат дека хомобофичните ставови во Република Северна Македонија се поврзани со конкретни општествени вредности, повисоки нивоа на религиозност, како и со специфични субјективни чувства за квалитетот на сопствениот живот. Меѓу демографските групи, наоѓаме дека хомофобијата расте со возраста, е почеста е меѓу мажите отколку кај жените, кај руралниот сегмент на населението во споредба со урбаниот, меѓу нискообразованите, кај вработените повеќе отколку кај оние кои не се присутни на пазарот на труд, кај Албанците повеќе отколку кај Македонците и меѓу граѓаните кои припаѓаат на конкретни религиозни групи во споредба со оние кои не припаѓаат на такви групи. Наоѓаме и дека хомофобијата на никој начин не е поврзана со нивото на приходи и со идеолошките предиспозиции во политичка смисла. Сепак, наведените ефекти не се константни и варираат во зависност од мерката што ја користиме во регресионата анализа. Целосните резултати од анализите се достапни во Табела 1.

## Табела 1. Резултати од ОЛС-регресии на четири мерки на хомофобија

| | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| | **Хомофобија** | **Слободен живот** | **Посвојување** | **Срам** |
| Возраст | **0.01**** | **0.01***** | 0 | **0.01*** |
| Жени (референтна категорија: мажи) | **-0.15*** | -0.06 | **-0.21**** | **-0.22**** |
| Рурално место на живеење (референтна категорија: урбано) | **0.20***** | **0.30***** | 0.13 | 0.15 |
| Среден степен на образование (референтна категорија: низок степен на образование) | **-0.27**** | **-0.30**** | **-0.27**** | **-0.35**** |
| Висок степен на образование (референтна категорија: низок степен на образование) | -0.2 | -0.22 | -0.17 | **-0.43**** |
| Невработени (референтна категорија: вработени) | -0.13 | -0.05 | -0.01 | **-0.31**** |
| Не се на пазарот на труд (референтна категорија: вработени) | **-0.17*** | **-0.32**** | -0.12 | **-0.28*** |
| Приход на домаќинството | -0.01 | -0.02 | 0.01 | -0.02 |
| Албанци (референтна категорија: Македонци) | **0.41*** | **1.04***** | 0.29 | -0.19 |
| Учество во религиозни обреди | 0.10*** | 0.09* | 0.06 | 0.12*** |
| Муслимани (референтна категорија: православни христијани) | -0.28 | -0.73** | -0.28 | 0.23 |
| Не припаѓаат на ниту една религија (референтна категорија: православни христијани) | -0.40** | -0.16 | -0.47*** | -0.46** |
| Идеолошка позиција: центар (референтна категорија: лево) | 0.01 | -0.05 | 0.05 | 0.15 |
| Идеолошка позиција: центар (референтна категорија: десно) | -0.04 | -0.09 | 0.02 | 0.01 |
| Задоволство од животот | 0.04*** | 0.06*** | 0.05** | 0.04* |
| Перцепција на лична среќа | -0.09*** | -0.14*** | -0.07*** | -0.07** |
| Конзервација | 0.23*** | 0.12 | 0.23*** | 0.40*** |
| Отвореност кон промени | -0.19*** | -0.08 | -0.21*** | -0.15* |
| Универзализам | -0.07 | -0.23*** | 0.1 | -0.19** |
| Желба за моќ | 0.09** | 0.01 | 0.01 | 0.15** |
| Константа | 3.58*** | 4.36*** | 3.82*** | 2.72*** |
| Број на опсервации | 564 | 595 | 601 | 586 |
| R2 | 0.15 | 0.16 | 0.11 | 0.12 |

Степен на значајност: *** p<0.01, ** p<0.05, * p<0.1

### *Фактори кои условуваат хомофобија: композитна мерка*

Во првиот модел како зависна варијабла ја користиме нашата композитна мерка за хомофобија. Во овој модел хомофобијата е статистички значајно определена од вредностите на конзервација и желбата за моќ (кои ја зголемуваат), како и од отвореноста кон промени (кои ја намалуваат), додека вредностите на универзализмот не покажуваат статистички значаен ефект. Овие наоди сугерираат дека луѓето кај кои конзервацијата и желбата за моќ е повисока имаат поголеми предиспозиции да развијат хомофобични ставови од оние кај кои овие вредности се помалку присутни. На сличен начин, вредностите на отвореност кон промени дејствуваат во насока на намалување на хомофобичните ставови.

Перцепциите за квалитетот на сопствениот живот, исто така, покажуваат силни статистички ефекти. Перцепцијата за среќа во сопствениот живот ја намалува хомофобијата, додека задоволството од сопствениот живот, спротивно на нашите очекувања, ја зголемува. Овие наоди укажуваат дека поимањето на граѓаните за сопствените животи е значаен фактор. Наодите можат да се интерпретираат на следниот начин. Повисока лична среќа сугерира пониско ниво на чувства на релативна депривација – граѓаните кај кои овие чувства се помалку присутни развиваат пониски ниво на стигматизација на останатите граѓани кои се различни по сексуалната ориентација. Кажано едноставно – граѓаните кои се чувствуваат среќни во своите животи имаат пониска тенденција да ја вреднуваат својата животна ситуација преку другите индивидуи и групи, додека оние кои манифестираат чувства на несреќа ја имаат спротивната тенденција, сентимент кој може да води кон неодобрување, па дури и кон омраза на ориентациите различни од сопствените. Во оваа смисла, личната среќа претставува значаен фактор за развојот на хомофобичните ставови – нејзиното зголемување доведува до значително намалување на хомофобичните чувства.

Задоволството од сопствениот живот, пак, може да биде поврзано со вредноста на желба за моќ – задоволството може да биде оценето соодветно на амбициите за индивидуална моќ во однос на располагањето со материјални и нематеријални ресурси. Граѓаните кои се сметаат позадоволни со сопствените животи (во однос на можностите за располагање со различни ресурси) можат да развијат повисоки нивоа на стигматизација кон останатите групи и индивидуи различни од нив самите, со цел оправдување на својата позиција во општеството. Кажано едноставно – повисоките општествени позиции често можат да претпоставуваат создавање јасна разлика од

оние кои се перципирани на пониски позиции (меѓу кои често се и лицата со различна сексуална ориентација).

Социјализацијата во религиозни пракси – тука мерена преку честотата на учество во религиозни обреди – покажува очекуван статистички значаен ефект во насока на зголемување на хомофобијата. Како што е случај на многу места низ светот, така и во РС Македонија религиската социјализација е значаен пренесувач на хомофобични ставови. Во однос на религиозните групи, во овој модел наоѓаме и дека хомофобијата значително се намалува меѓу луѓето кои не се припадници на ниту една религиска група во споредба со православните христијани, додека не наоѓаме статистички значајни разлики меѓу вторите и припадниците на муслиманската религија.

Демографските варијабли, исто така, имаат очекувани ефекти. Образованието е значен фактор во првичниот модел (како и во останатите) и ова се согледува со значително намалување на хомофобичните ставови меѓу лицата со средно образование во споредба со оние со ниско образование. Возраста и полот, исто така, покажуваат ефекти во очекувани насоки: хомофобијата се зголемува како што се зголемува возраста и е пониска кај граѓанките во споредба со граѓаните. Руралната популација е, исто така, значително похомофобична од урбаната.

Наоѓаме и еден статистички значаен ефект меѓу групите во демографската категорија работен статус. Граѓаните кои не се присутни на пазарот на труд (тука специфицирани како група составена од студенти, пензионери и домаќини/домаќинки) покажуваат значително пониски хомофобични ставови во споредба со вработените. Ова сугерира дека работното место може да биде значаен фактор во социјализацијата кон хомофобични ставови.

Конечно, наоѓаме и ефект во однос на етничката припадност. Албанците, повеќе од Македонците, имаат тенденција да развијат хомофобични ставови. Ова може да се интерпретира со повисоките нивоа на традиционализам кај првата етничка група и е во согласност со наодите согледани кај човечките вредности.

Следните модели ги детализираат овие ефекти низ различни мерки за хомофобија достапни во базата на податоци на ЕОИ. Првично, можеме да согледаме дека ефектите варираат во зависност од мерката, наод кој сугерира дека хомофобичните ставови не се еднозначни, туку дека можат да преземаат повеќе форми, определени од различни фактори.

### *Фактори кои условуваат хомофобија: слобода да се живее*

Во нашиот втор модел како зависна варијабла го користиме индикаторот „неподготвеност да им се остави на луѓето со хомосексуална ориентација да живеат како што сакаат". И во овој модел ги согледуваме веќе познатите ефекти на возраст, место на живеење и образование. Значајноста на факторот пол исчезнува во овој модел во споредба со претходниот: тука нема никаква разлика меѓу мажите и жените во однос на хомофобичниот став. Статистичката значајност во категоријата работен статус, пак, во овој модел е зајакната: повторно, неприсутните на пазарот на труд имаат помали изгледи да развијат хомофобични ставови од вработените. Истото важи и за варијаблата етничка припадност: во овој модел Албанците имаат уште повисоки изгледи за хомофобични ставови во однос на Македонците, гледано и според статистичка значајност и според интензитет.

Религиозната социјализација покажува поттикнувачки ефект кон хомофобичниот став и во овој модел, но на пониско ниво на статистичка значајност во однос на првиот модел. Тука наоѓаме и дека муслиманите статистички значајно се разликуваат од православните христијани: првите имаат значително помали изгледи од вторите да го развијат конкретниот хомофобичен став, а повторно се повторува ефектот на пониска хомофобија кај испитаниците кои не припаѓаат на ниту една религија во споредба со православните христијани.

Како и во првиот модел така и во овој, поимањето на граѓаните за сопствените животи е значаен фактор. Овие ефекти се безмалку идентични како и во првиот модел, во однос на статистичката значајност и интензитетот: зголемувањето на задоволството од сопствениот живот стимулира хомофобија, додека зголемувањето на индивидуалното чувство на среќа ја намалува.

Најголеми разлики меѓу првите два модела согледуваме кај групата на четири варијабли кои мерат човечки вредности. Наспроти првиот модел, тука конзервацијата, желбата за моќ и отвореноста кон промени не даваат никакви статистички ефекти. Наспроти тоа, нашата мерка за универзализам дава ефекти со силна статистичка значајност во очекувана насока: како што вредностите на универзализам се зголемуваат така се намалува хомофобијата измерена преку неподготвеноста да се оставаат лицата со поинаква сексуална ориентација да живеат како што сакаат.

### *Фактори кои условуваат хомофобија: посвојување*

Во нашиот трет модел ги тестираме ефектите на истите варијабли во однос на ставот за оправданоста од посвојување деца од страна на хомосексуалните двојки. Земени како група, нашите независни варијабли имаат најмала предвидувачка моќ во овој модел, сугерирајќи дека овој конкретен хомофобичен став е пораспространет меѓу различните демографски и други групи во споредба со останатите два става, како и во однос на композитната мерка за хомофобија. Во овој трет модел, меѓу демографските варијабли согледуваме ефекти само кај варијаблата пол (жените го имаат хомофобичниот став во однос на посвојувањето на деца помалку од мажите) и кај образование (испитаниците со средно помалку од испитаниците со ниско образование), додека разлики во рамки на останатите категории како возраст, место на живеење, етничката припадност и работен статус не се забележуваат, потврдувајќи дека овој хомофобичен став е речиси еднакво распространет низ сите овие групи.

Степенот на религиозност во овој модел исто така не игра улога, за разлика од претходните два и од следниот модел, но оние кои не припаѓаат на ниту една религија повторно покажуваат поголема подготвеност за одобрување за посвојување деца од страна на хомосексуалните двојки во споредба со православните христијани.

Двете варијабли кои мерат индивидуално поимање за сопствениот живот (задоволство и среќа) повторно ги покажуваат истите ефекти како и во претходните два модела.

Кај вредностите забележуваме силни статистички ефекти само кај конзервацијата и отвореноста кон промени, и тоа во очекувани насоки: вредноста на конзервација значително го зголемува ставот против посвојување на деца од страна на хомосексуалните двојки, додека отвореноста кон промени го намалува.

### *Фактори кои условуваат хомофобија: срам*

Нашиот последен и четврт модел го регресира ставот за антиципиран срам доколку член на семејството е геј маж или лезбејка на истите варијабли. Наоѓаме голем дел од ефектите регистрирани во претходните модели. Варијаблите возраст, пол, учество на религиозни обреди, неприпадност на религиозна група, задоволството од животот, перцепцијата за лична среќа и сите четири човечки

вредности (конзервација, отвореност кон промени, универзализам и желба за моќ) покажуваат очекувани ефекти. Во овој модел, ефектите на варијаблите образование и работен статус стануваат уште поизразени. Додека во претходните ефекти регистриравме разлики само меѓу ниско- и средннообразованите, тука регистрираме и статистички значајни разлики меѓу ниско- и високообразованите, потврдувајќи ја важноста на образовниот систем во намалување на хомофобичните ставови во општеството. Во овој модел, невработените, исто така, се разликуваат од вработените (помали изгледи за хомофобичниот став), дополнително на веќе регистрираните (и тука повторените) ефекти меѓу испитаниците кои не се на пазарот на труд и вработените. Овој наод може да укажува на споделено чувство на срам, или солидарност што една загрозена општествена група ја има за друга таква група.

## Заклучоци

Што откриваат сите овие наоди за факторите што (де)стимулираат хомофобија во земјата? Прво, наоѓаме дека различни фактори се значајни во зависност од конкретниот хомофобичен став. Така, противењето на идејата хомосексуалните двојки да посвојуваат деца е хомофобичен став што е најраспространет меѓу различните демографски групи и за кој имаме најмалку можности за предвидување, во споредба со останатите хомофобични ставови разгледувани во оваа студија. Останатите два става (во однос на одобрувањето на слободата на живот и евентуалниот срам) се проценети подобро во нашите модели и ни откриваат поцврсти разлики, како меѓу демографските групи така и меѓу останатите разгледувани фактори. Сето ова сугерира дека хомофобијата нема едно кохеретно лице и дека луѓето кои се согласуваат со еден од трите хомофобични става не мора да се согласуваат и со останатите. Се чини дека хомофобичниот став во однос на противењето за посвојување деца е најраспостранет меѓу различните демографски групи, додека кај останатите ставови наоѓаме повеќе значајни разлики меѓу истите тие групи.

Второ, нашите модели откриваат фактори што (де)стимулираат хомофобија во земјата. Од стандардните демографски варијабли, во согласност со претходните студии, наоѓаме дека возраста, полот и образованието се прилично робусни предиктори.[4] Возраста и полот

4 Отстапувањата од правилната форма на овој и на други зборови што не се употребени во согласност со Правописниот речник се направени по настојување на авторите на текстовите, наспроти укажувањата на лекторката.

покажуваат статистичка значајност во три од четирите модели: постарите граѓани и граѓаните од машки пол имаат повисока веројатност да развијат хомофобични ставови во споредба со останатите возрасни и полови групи. Во сите модели наоѓаме значаен ефект во насока на дестимулирање на хомофобичниот став при преминот од ниско кон средно образование, а во последниот модел тоа е случај и со преминот од ниско кон високо, значаен наод кој укажува на тоа дека образованието е важно за намалување на хомофобијата меѓу населението.

Некои од другите демографски индикатори, исто така, покажуваат спорадични ефекти. Руралните испитаници имаат повисоки шанси да развијат хомофобичен став од урбаните во однос на одобрувањето на начинот на живот на хомосексуалните луѓе, како и во основниот модел со композитната варијабла, додека тоа не е случај во моделите каде што зависна варијабла е одобрувањето за посвојување деца и очекувањето дека ќе се почувствува срам. Ова значи дека урбаните и руралните демографски групи воопшто не се различни по последните два хомофобични става – единствената разлика што можеме да ја согледаме е кај ставот за одобрувањето на начинот на живот. Слична е ситуацијата и со разликите меѓу групите во демографските категории работен статус, каде што испитаниците кои не се на пазарот на труд покажуваат значителни разлики во однос на вработените во два од четирите модели; како и меѓу Македонците и Албанците, каде вторите искажуваат значително похомофобични ставови во два од четирите модели (и особено истакнато во моделот каде што зависната варијабла го мери неодобрувањето на начинот на живот).

Религиската социјализација е, исто така, значаен фактор за развој на хомофобични ставови. Ова е согледано во три од четирите модели во кои зголеменото учество на религиозни обреди го зголемува хомофобичниот став на статистички значаен начин, како и во наодот дека испитаниците кои не припаѓаат на ниту една религија се помалку хомофобични од испитаниците кои се изјаснуваат како православни христијани (исто така, во три од четирите модели). Овие наоди водат кон заклучок дека религијата е значителен преносител на хомофобични ставови меѓу населението.

Индивидуалните вредности и перцепцијата за квалитетот на сопствениот живот исто така имаат големо влијание развојот на хомофобични ставови. Луѓето кои пријавуваат повисоко ниво на лична среќа се значително помалку хомофобични од оние кои пер-

ципираат пониски нивоа, а истото важи и за луѓето кои се помалку задоволни од сопствениот живот. Индивидуалните вредности, пак, покажуваат очекувани ефекти низ повеќето од моделите, со тоа што анализата ни овозможува да процениме кои од вредностите се поважни за кој хомофобичен став. Така, можеме да заклучиме дека пониски нивоа на универзализам придонесуваат кон развој на ставот против допуштање на слободен живот за хомосексуалните граѓани, а истото важи и за повисоките нивоа на конзервација во однос на правото на посвојување. Противењето кон правото на посвојување, пак, е значително ослабено со зголемување на вредноста отвореност кон промени. Во моделот каде зависна варијабла е перцепцијата за можен срам, сите варијабли кои мерат човечки вредности имаат некаква статистичка значајност во очекувана насока: растот на козервацијата и желбата за моќ стимулираат хомофобија, додека растот на отвореноста кон промени и универзализам дестимулираат. Во основниот модел во кој зависна варијабла е композитната мерка за хомофобија, сите варијабли за човечки вредности, освен отвореноста кон промени, даваат статистички значаен ефект и повторно во очекувана насока. Ваквите наоди упатуваат на тоа со кои вредности треба да се работи во иднина за намалување на конкретни хомофобични ставови меѓу населението.

Конечно, важно е да се истакне дека хомофобичните ставови во Република Северна Македонија на никаков начин не се определени од нивото на приходи или од политичките идеолошки ставови. Напротив, тие се споделени во слична мера меѓу приходните и идеолошките групи.

## Библиографија


Bolzendahl, C., & Gracheva, K. (2018). Rejecting the West? Homonegative attitudes and political orientations in contemporary Eastern Europe. *European Journal of Politics and Gender, 1*(3), 345-366.

Димитровска, М. (2023). *Ставови за демократскиот систем и европската интеграција,* презентација, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје. <https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-04/6.-dimitrovska-stavovi-za-demokratskiot-sistem-i-eu_1.pdf>

Димова, Н. (2022). *Толеранција и вредности на граѓаните.* Скопје: МЦМС.

Dotti Sani, G. M., & Quaranta, M. (2020). Let them be, not adopt: General attitudes towards gays and lesbians and specific attitudes towards adoption by same-sex couples in 22 European countries. *Social Indicators Research, 150*(1), 351-373.

European Social Survey European Research Infrastructure (ESS ERIC). (2023). ESS10 integrated file, edition 3.1 [Integrated file]. Sikt - Norwegian Agency for Shared Services in Education and Research. <https://doi.org/10.21338/ess10e03_1>

European Social Survey (2021) The Human Values Scale: Findings from the European Social Survey. <http://www.europeansocialsurvey.org/sites/default/files/2023-06/ESS_Findings_HVS.pdf>

ESS8 (2016) New core items on attitudes to homosexuality. <https://www.europeansocialsurvey.org/sites/default/files/2023-06/ESS8_attitudes_homosexuality_final.pdf>

European Values Study (2022) Documentation- Survey 2017. <https://europeanvaluesstudy.eu/methodology-data-documentation/survey-2017/full-release-evs2017/documentation-survey-2017/>

Inglehart, R., and Welzel, C. (2005). Modernization, Cultural Change, and Democracy: The Human Development Sequence. Cambridge, UK: Cambridge University Press.

Kaminska, O. (2023) Guide to Using Weights and Sample Design Indicators with ESS Data. V1.2. European Social Survey. <https://stessrelpubprodwe.blob.core.windows.net/data/methodology/ESS_weighting_data_1_2.pdf>

Клековски, С. (2009). *Односот кон традиционалните/секуларните вредности*. Скопје: МЦМС.

Клековски С., Кржаловски А., и Стојанова, Д. (2011). *Македонски општествени вредности*. Скопје: МЦМС.

Kuntz, A., Davidov, E., Schwartz, S. H., & Schmidt, P. (2015). Human values, legal regulation, and approval of homosexuality in Europe: A cross-country comparison. *European Journal of Social Psychology, 45*(1), 120-134.

Латковиќ, Топузовска, М., Поповска, Борота, М., Серафимовска, Е., Цекиќ, А., Старова Н. (2019). *Студија за млади на Северна Македонија 2018/2019.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Латковиќ, Топузовска, М., Поповска, Борота, М., Серафимовска, Е., Цекиќ, А., (2013). *Студија за младите во Р Македонија*. Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Марковиќ Н., Мисев В., Трошановски, М., Поповиќ М., (2013): *Политичката култура во Македонија, извештај за националното теренско истражување,* Скопје: Фондација Фридрих Еберт. <https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2013/06/politicka%20kultura%20vo%20makedonija_izveshtaj%20od%20anketa_mk.pdf>

Popovikj, M. (2010). *Homophobia in the Contemporary Public Discourse in Macedonia: Constructing homosexuality as national Other.* Master Thesis. School of Slavonic and East European Studies, University College London

Roberts, L. L. (2019). Changing worldwide attitudes toward homosexuality: The influence of global and region-specific cultures, 1981–2012. *Social science research, (80),* 114-131.

Steffens, M. C., & Wagner, C. (2004). Attitudes toward lesbians, gay men, bisexual women, and bisexual men in Germany. *Journal of sex research, 41*(2), 137-149.

Schwartz, S. H. (1994). Are there universal aspects in the structure and contents of human values?. *Journal of social issues, 50*(4), 19-45.

Shwartz, S. H., Cieciuch, J., Vecchione, M., Davidov E., Fischer R., Beierlein C., Ramos A., Verkasalo M., Lönnqvist J-E, Demirutku K., Dirilen-Gumus O., and Konty, M. (2012) Refining the theory of basic individual values. *Journal of personality and social psychology, 103*(4), 663-688.

Takács, J., Szalma, I., & Bartus, T. (2016). Social attitudes toward adoption by same-sex couples in Europe. *Archives of sexual behavior, 45,* 1787-1798.

Van den Akker, H., Van der Ploeg, R., & Scheepers, P. (2013). Disapproval of homosexuality: Comparative research on individual and national determinants of disapproval of homosexuality in 20 European countries. *International Journal of Public Opinion Research, 25*(1), 64-86.

Whitworth, A., & Moretti, A. (2023). Homopositivity across Europe: predictors, pathways, and moderators. *Archives of Sexual Behavior, 52*(3), 945-955.

Цекиќ А. (2023) *Идеолошки ориентации и климатски промени,* презентација, Иститут за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје. <https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-04/5.-cekik-ideoloshki-orientacii-klimatski-promeni_1.pdf>

# ДОДАТОК 1

| Варијабла | Број на обсервации | Минимум | Максимум | Средна вредност | стандардно отстапување | Кодирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хомофобија: композитна варијабла | 1238 | 1 | 5 | 3.902096 | 0.9444975 | Од ниска кон висока хомофобија, композитна варијабла составена од изјавите наведени во начин на живот, посвојување и срам. Cronbach's Alpha = 0,65. |
| Хомофобија: слободен живот | 1333 | 1 | 5 | 3.669094 | 1.309183 | Степен на согласност со изјавата: „Геј мажите и лезбејките треба да имаат слобода да го живеат својот живот како што сакаат.“, со можни одговори 1 = „Сосема се согласувам“, 2 = „Се согласувам“, 3 = „Ниту се согласувам ниту не се согласувам“, 4 = „Не се согласувам“, 5 = „Сосема не се согласувам“. |
| Хомофобија: посвојување | 1336 | 1 | 5 | 4.384809 | 0.9391388 | Степен на согласност со изјавата: „Геј машките и лезбејските парови треба да ги имаат истите права за посвојување деца како и паровите составени од маж и жена.“, со можни одговори 1 = „Сосема се согласувам“, 2 = „Се согласувам“, 3 = „Ниту се согласувам ниту не се согласувам“, 4 = „Не се согласувам“, 5 = „Сосема не се согласувам“. |
| Хомофобија: срам | 1310 | 1 | 5 | 3.629359 | 1.402928 | Степен на согласност со изјавата: „Доколку близок член на семејството е геј маж или лезбејка, јас би се чувствувал/а засрамен/а.“, со можни одговори 1 = „Сосема се согласувам“, 2 = „Се согласувам“, 3 = „Ниту се согласувам ниту не се согласувам“, 4 = „Не се согласувам“, 5 = „Сосема не се согласувам“. Во анализите, варијаблата е кодирана обратно за да упатува на хомофобија со растењето на вредностите. |

| Варијабла | Број на обсервации | Минимум | Максимум | Средна вредност | стандардно отстапување | Кодирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Возраст | 1413 | 15 | 89 | 43.20499 | 15.36631 | Од ниска кон висока возраст |
| Пол | 1429 | 1 | 2 | 1.4991 | 0.5001742 | 1 = машки, 2 = женски |
| Место на живеење | 1428 | 1 | 2 | 1.456079 | 0.4982417 | 1 = урбано, 2 = рурално |
| Образование | 1425 | 1 | 3 | 1.96587 | 0.6648248 | 1 = ниско, 2 = средно, 3 = високо |
| Работен статус | 1423 | 1 | 3 | 1.787911 | 0.8740056 | 1 = вработени, 2 = невработени, 3 = не се на пазарот на труд |
| Приход на ниво на домаќинство | 1092 | 1 | 10 | 4.827523 | 2.648822 | Од низок кон висок приход |
| Етничка припадност | 1299 | 1 | 2 | 1.167049 | 0.3731634 | 1 = Македонци, 2 = Албанци |
| Учество на религиски пракси | 1425 | 1 | 7 | 3.270577 | 1.269126 | Одговор на прашањето: „Покрај посебни прилики како свадби и погреби, колку често присуствувате на религиски служби?“: 1 = никогаш, 2 = поретко, 3 = само на значајни религиски празници, 4 = барем еднаш месечно, 5 = еднаш неделно, 6 = повеќе од еднаш неделно, 7 = секој ден |
| Религиска деноминација | 1409 | 1 | 3 | 1.307996 | 0.5393563 | 1 = православно христијанска, 2 = муслиманска, 3 = не припаѓа на ниедна религија |
| Идеолошка ориентација | 880 | 1 | 3 | 2.075203 | 0.8020741 | 1 = лево, 2 = центар, 3 = десно |
| Задоволство со живот | 1409 | 0 | 10 | 6.3465 | 2.612984 | Одговор на прашањето: „Имајќи ги предвид сите работи, колку сте во моментот задоволни од Вашиот живот во целина?“, скала од 0 до 10, каде 0 значи „Исклучително незадоволен/на“, а 10 значи „Исклучително задоволен/на“. |
| Среќа со сопствениот живот | 1426 | 0 | 10 | 6.700062 | 2.333185 | Одговор на прашањето: „Имајќи ги предвид сите работи, колку би рекле дека сте среќни?“, скала од 0 до 10, каде 0 значи „Исклучително несреќен/на“, а 10 значи „Исклучително среќен/на“. |

| Варијабла | Број на обсервации | Минимум | Максимум | Средна вредност | стандардно отстапување | Кодирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Конзервација | 1364 | 1 | 6 | 4.670269 | 0.745048 | Композитна варијабла составена од одговорите на следното прашање: „Сега накратко ќе опишам некои луѓе. Ве молам слушнете го секој опис и кажете ми колку личноста која се опишува е слична или не е слична со Вас.“ Вклучени се следните изјави: „Важно му/ѝ е да биде ненаметлив/а и скромен/на. Тој/таа се обидува да не привлекува внимание на себе.“; „Традицијата е важна за него/неа. Тој/таа се обидува да ги следи обичаите што се пренесуваат преку неговата/нејзината религија или фамилија.“; „Важно му/ѝ е секогаш да се однесува соодветно. Тој/таа сака да избегнува какво било однесување што другите би го сметале за погрешно.“; „Тој/таа смета дека луѓето треба да го прават тоа што им е кажано. Смета дека луѓето треба постојано да почитуваат правила, дури и кога никој не ги гледа.“; „Важно му/ѝ е да живее во безбедна средина. Тој/таа избегнува сè што може да ја загрози неговата/нејзината безбедност.“; „Важно му/ѝ е владата да ја гарантира неговата безбедност од сите закани. Тој/таа сака државата да биде силна за да може да ги брани своите граѓани.“ Степенот на согласност се мери на скала: 1 = „Воопшто не е слична на мене“; 2 = „Не е слична на мене“; 3 = „Малку слична на мене“; 4 = „Донекаде слична на мене“; 5 = „Слична со мене“; 6 = „Многу слична со мене“. Cronbach's Alpha = 0,71. |
| Отвореност | 1356 | 1 | 6 | 4.023948 | 0.9551849 | Композитна варијабла составена од одговорите на следното прашање: „Сега накратко ќе опишам некои луѓе. Ве молам слушнете го секој опис и кажете ми колку личноста која се опишува е слична или не е слична со Вас.“ Вклучени се следните изјави: „Смислувањето нови идеи и креативноста се важни за него/неа. Тој/таа сака да ги прави работите на свој оригинален начин.“; „Важно му/ѝ е да носи сопствени одлуки за тоа што го прави. Тој/таа сака да биде слободен и да не зависи од други.“; „Тој/таа сака изненадувања и секогаш е во потрага да прави нови нешта. Тој/таа смета дека е важно да се прават многу различни нешта во животот.“; „Тој/таабара авантури и сака да презема ризици. Тој/таа сака да има возбудлив живот.“; „Тој/таа бара секаква можност за забава. Важно му/ѝ е да прави работи што му/ѝ причинуваат задоволство.“; „Важно му/ѝ е убаво да си поминува. Сака да се „разгалува“ себеси.“ Степенот на согласност се мери на скала: 1 = „Воопшто не е слична на мене“; 2 = „Не е слична на мене“; 3 = „Малку слична на мене“; 4 = „Донекаде слична на мене“; 5 = „Слична со мене“; 6 = „Многу слична со мене“. Cronbach's Alpha = 0,79. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Универзализам | 1392 | 1 | 6 | 4.696674 | 0.8354909 | Композитна варијабла составена од одговорите на следното прашање: „Сега накратко ќе опишам некои луѓе. Ве молам слушнете го секој опис и кажете ми колку личноста која се опишува е слична или не е слична со Вас.“ Вклучени се следните изјави: „Тој/таа мисли дека е важно секоја личност во светот да биде третирана еднакво. Тој/таа верува дека секој треба да има еднакви можности во животот.“; „Важно му/ѝ е да ги сослуша луѓето поинакви од него. Дури и ако не се согласува со нив, тој/таа сепак сака да ги разбере.“; „Тој/таа е длабоко уверен/а дека луѓето треба да се грижат за природата. Важно му/ѝ е да се грижи за животната средина.“ Степенот на согласност се мери на скала: 1 = „Воопшто не е слична на мене“; 2 = „Не е слична на мене“; 3 = „Малку слична на мене“; 4 = „Донекаде слична на мене“; 5 = „Слична со мене“; 6 = „Многу слична со мене“. Cronbach's Alpha = 0,61. |
| Желба за моќ | 1399 | 1 | 6 | 3.915324 | 1.010447 | Композитна варијабла составена од одговорите на следното прашање: „Сега накратко ќе опишам некои луѓе. Ве молам слушнете го секој опис и кажете ми колку личноста која се опишува е слична или не е слична со Вас.“ Вклучени се следните изјави: „Важно му е да биде богат. Тој/таа сака да има многу пари и скапи нешта.“; „Важно му/ѝ е да е почитуван од другите. Тој/таа сака луѓето да го прават она што го кажува.“ Степенот на согласност се мери на скала: 1 = „Воопшто не е слична на мене“; 2 = „Не е слична на мене“; 3 = „Малку слична на мене“; 4 = „Донекаде слична на мене“; 5 = „Слична со мене“; 6 = „Многу слична со мене“. Cronbach's Alpha = 0,34. |

# ШТО ПРИДОНЕСУВА ЗА ХОМОФОБИЈА?

## ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДНОСОТ МЕЃУ ЧОВЕЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ И СТАВОВИТЕ ПОВРЗАНИ СО ХОМОСЕКСУАЛНОСТА ВО КОНТЕКСТ НА АНТИРОДОВАТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

---

**Ирена Цветковиќ**

## Вовед

Во Република Северна Македонија стигматизацијата, дискриминацијата и изолацијата се составен дел од животите на ЛГБТИК лицата, најмногу поради традиционалните патријархални општествени ставови и вредности, несоодветното законодавство, недостигот на информации за правните методи на заштита, немањето политичка волја за гарантирање и заштита на правата на ЛГБТИК луѓето.[1] Недостатокот на позитивна репрезентација во културата, образованието, медиумите и останатите јавни сфери дополнително ги влошува овие предизвици (Димитров 2015). ЛГБТИ Глобалниот индекс на прифаќање на Институтот „Вилијамс" ја позиционира нашата земја на 133-то место од 175 испитани земји, со 3,13 поени.[2] Дополнително, кога станува збор за прифаќањето на ЛГБТИК+ луѓето, Европското општествено истражување ја позиционира Република Северна Македонија на последното место (споредено со 32 европски земји).

Постоечката литература и истражувањата правени на оваа тема во Република Северна Македонија се фокусираат главно на степенот на хомофобија во нашето општество, како и на искуствата на дискриминација, насилство и изолација со кои се соочува ЛГБТИК заедницата. Сепак, недостига длабинско испитување на хомофобијата, односно откривање и разбирање на факторите што влијаат врз создавањето ставови и/или позиции кон хомосексуалноста. Поаѓајќи од овој интерес, нашето истражување се осврнува на поврзаноста на човековите вредности со ставовите кон хомосексуалноста, односно на нивната можна меѓузависност. Неколку кроснационални

1 UNDP. 2017. *BEING LGBTI in EASTERN EUROPE: The former Yugoslav Republic of Macedonia Country Report*

2 <https://williamsinstitute.law.ucla.edu/projects/gai/>

квантитативни студии во Европа се насочени кон испитување на причините за варијација во ставовите кон хомосексуалноста (Kuntza et al. 2015; Whitworth & Moretti 2023), и во Источна Европа (Bolzendahl & Gracheva 2018). Сепак, овој тип истражувања се ретки за нашиот регион (Југоисточна Европа), а комплетно отсуствуваат во нашата држава.

Оваа студија е фокусирана на релацијата меѓу човечките вредности и ставовите за хомосексуалноста во контекст на зголемена мобилизација на антиродовите движења. Имајќи го предвид растечкиот отпор кон потолерантни и вклучувачки ставови, политики и знаења за ЛГБТИК заедницата, сметаме дека оваа студија може да открие: а) што придонесува за хомофобијата, а што за позитивни ставови за хомосексуалноста; б) кои се причините за големата поддршка на иницијативите на антиродовите движења; в) кои се начините на операирање на политиките на страв и морална паника поврзани со хомосексуалноста; и г) да открие потенцијали и точки на надеж, како и да даде насоки за идно градење на стратегии за прифаќање и еднаквост на ЛГБТИ заедницата.

Податоците за ова истражување се користени од 10-тиот бран на Европското општествено истражување, спроведено меѓу 2020 и 2022 година, во 32 европски земји.

## Контекст

Европското општествено истражување покажува дека македонските граѓани се меѓу најхомофобичните и најксенофобичните во Европа,[3] а истовремено и меѓу најрелигиозните. Македонските граѓани најсилно се противат на идејата за слобода да се живее како геј маж или лезбијка, како и на правото истополови двојки да посвојуваат деца, а чувствуваат најсилен срам доколку во нивното семејство има геј маж или лезбијка, споредено со сите останати земји. Дополнително, податоците од истото истражување говорат дека Република Северна Македонија претставува еден од најрелигиозните контексти. Дури 96,2 % од испитаниците се изјасниле дека припаѓаат на одредена религија, а само 3,8 % се изјасниле дека не припаѓаат на ниедна религија.

Ваквиот амбиент претставува плодна социјална средина за мобилизација на антиродовите иницијативи, кои во Северна Ма-

3 Види: Анета Цекиќ, Идеолошки ориентации и ставови кон климатските промени, ИСППИ-УКИМ

кедонија започнуваат од 2020 година, а денес го доживуваат својот зенит на влијание и широко општествено и политичко прифаќање. Антиродовите движења претставуваат организирана форма на дејствување против она што се дефинира како „родова идеологија“, форма што обединува различни актери. Во општа смисла, „родовата идеологија“ претставува збир од поими што се однесуваат на идејата за постоењето на радикални „родови феминистки“ и „хомосексуална агенда“, што застапуваат „агенди“ за нарушување на природниот ред на нештата (како, на пример, „природната хиерархија“ меѓу мажите и жените), и кои со претпочитувањето на индивидуалниот идентитет на сметка на општествените очекувања, ја поткопуваат антрополошката основа на семејството, а со тоа и на општеството (Denkovski, Bernarding & Lunz 2021). Сите овие идеи се обединети и претставуваат мобилизирачки фактор преку нивно потпирање на реакции засновани врз страв, спроведување политики на страв и поттикнување на морална паника најопшто насочена кон идејата дека правната, социјалната и политичка еднаквост на сите претставува радикална и дестабилизирачка идеја (Цветковиќ и Величковска 2022; Denkovski, Bernarding & Lunz 2021).

Имајќи го предвид овој контекст, нашето истражување не се водеше од намерата да ја докажеме истата негативна состојба, туку да ги откриеме причините за успешната антиродова мобилизација, да ги разбереме подобро хомофобичните ставови на Македонците и да лоцираме потенцијали кои лежат, меѓу другото, во базичните човечки вредности што понатаму може да се искористат како насоки во иницијативите за градење на иклузивни и демократски општества.

## Метод

Следејќи ја постоечката литература која се однесува на поврзаноста на човековите вредности и ставовите кон хомосексуалноста, нашето истражување тргна од претпоставката дека личностите кои приоретизираат отвореност и универзализам имаат помалку хомофобични ставови споредено со оние кои приоретизираат конзервација и моќ. За да ја испитаме оваа теза, креиравме модел со повеќе варијабли, меѓу кои, покрај човековите вредности, додадовме контролни варијабли кои се однесуваат на социо-демографските карактеристики, како и добросостојбата на испитаниците.[4]

4 За повеќе види Прво поглавје од оваа публикација.

Европското општествено истражување вклучува три прашања што се однесуваат на ставовите кон хомосексуалноста. Трите прашања опфаќаат три различни димензии на хомофобијата. Во литературата и студиите поврзани со ставовите кон хомосексуалнсота, најчесто хомофобијата не е доволно дефинирана, односно таа се мери преку општо прашање за степенот на согласност со идејата дека геј мажите и лезбијките треба да имаат слобода да го живеат својот живот како што ќе изберат. Сепак, одредени студии ја препознаваат комплексноста на хомофобијата или хомопозитивноста (Whitworth & Moretti 2023) и ја третираат како латентен концепт со различни димензии. Значајната метаанализа на Кајт и Витли (1996) разликува три димензии: 1) ставови кон хомосексуални однесувања (т. е. хомосексуалноста како начин на живот или моралот што тоа го имплицира), ставовите кон граѓанските права на ЛГБ (т. е. слобода на говор, брак, домување или посвојување) и ставови кон хомосексуалците (т. е. кон хомосексуалните личности кои се блиски до испитаниците или хомосексуалците кои не се блиски, кои се непознати). Овие три димензии се меѓузависни и ја опфаќаат мултидимензионалната природа на хомофобијата или хомопозитивноста. Па така, првата димензија ги мери ставовите кон хомосексуалноста преку аголот на слобода и право на избор (либерална позиција), втората димензија преку аголот на правна еднаквост (легалистичка позиција), а третата преку аголот на социјална близина (емоционална позиција). Токму затоа, оваа студија ја истражува хомофобијата како композитен концепт кој е составен од три концептуално дистинктивни димензии и четврта, која се однесува на сите три димензии заедно.

Заради полесно читање, во студијата ги одбираме следниве имиња за четирите димензии: 1) композитна хомофобија, 2) слобода да се живее – која одговара на изјавата „геј мажите и лезбијките треба да имаат слобода да го живеат својот живот како што сакаат“, 3) посвојување – која одговара на изјавата „геј и лезбијските двојки имаат право да посвојуваат деца“ и 4) срам – која одговара на изјавата „доколку близок член на семејството е геј маж или лезбијка, јас би се чувствувал засрамено“.

## Вредности, ставови, однесувања

Вредностите, како и нивната релација со ставовите и однесувања претставуваат долг научен интерес во општествените науки. Интересот за вредностите се наоѓа не само во социологијата туку и во психологијата, антропологијата, а денес сѐ почести се истражу-

вањата на човечките вредности во рамки на дисциплините како што се социјална психологија и политички науки. Проучувањето на односите меѓу вредностите, ставовите и однесувањата ни овозможува да ги разбереме движечките сили (мотивации) кои стојат зад човечките постапки, да предвидиме одговори во различни ситуации, да осмислиме ефективни стратегии за промена на дадени ставови и однесувања, да промовираме меѓукултурна и меѓугрупна емпатија.

**Вредностите** претставуваат длабоко прифатени и вкоренети верувања и принципи кои ги насочуваат одлуките, постапките и проценките на поединците. Тие ја претставуваат базата на она што поединците или групите го сметаат за важно, пожелно или морално исправно. Вредностите служат како основа за обликување на ставови и однесувања.

**Ставовите** се однесуваат на проценките и расудувањата, чувствата и релациите што поединците ги имаат кон луѓето, стварите или идеите. Генерално, ставовите можат да бидат позитивни, негативни или неутрални и да влијаат врз перцепцијата и проценката на личноста кон различни ситуации. Ставовите може да се обликуваат од лични искуства, општествени влијанија и културни норми. Тие играат клучна улога во одредувањето на начинот на кој поединците пристапуваат и комуницираат со светот околу нив.

**Однесувањето** претставува забележливо дејство или реакција кои поединците ја искажуваат како одговор на внатрешни или на надворешни стимули. Овие дејства можат да бидат физички, вербални или невербални и да опфаќаат широк опсег на активности, од едноставни гестови до сложени акти. Однесувањето е под влијание на комбинација од фактори, вклучувајќи вредности, ставови, емоции и надворешни околности. Однесувањата даваат увид во тоа како поединците ги изразуваат своите верувања, ставови и намери во пракса.

Со други зборови, вредностите се основните верувања кои ги насочуваат нашите ставови и  одлуки, ставовите се нашите проценувачки судови и чувства кон различните аспекти на животот, а однесувањата се забележливи дејства и реакции што произлегуваат од комбинацијата на вредности, ставови и надворешни влијанија. Заедно, овие елементи го обликуваат карактерот на поединецот и дефинираат како поединците комуницираат со светот.

## Основни човечки вредности

Истражувањето на човековите вредности во Европското општествено истражување се базира врз скалата на човекови вредности создадена од Шварц во 80-тите, а надградена во 2012 година. Накратко, скалата на Шварц претставува круг од 10 човечки вредности, групирани во 4 кластери (види Приказ 1). Теоријата на Шварц ја докажува панкултурната природа на десетте базични човечки вредности и успева да објасни од каде тие доаѓаат. Во средиштето на оваа теорија е идејата дека вредностите формираат циркуларна структура која ги одразува мотивациите што секоја вредност ги изразува. Дополнително, оваа циркуларна структура ги доловува различните релации помеѓу десетте вредности (релации на конфликт и компатибилност). Циркуларната структура на вредностите претставува мотивациски континиум (Giménez & Tamajón 2019). Па така, колку се поблиски кои било две вредности во која било насока на кругот, толку се послични нивните мотивации, односно колку се пооддалечени, толку се поантагонистички нивните мотивации.




Приказ 1.

Десетте човечки вредности што ги дефинира Шварц се[5]:

**моќ** (социјален статус и престиж, контрола или доминација над луѓето и ресурсите);

**постигнување** (личен успех преку демонстрација на компетентност според социјалните стандарди);

**хедонизам** (сетилно задоволување);

**стимулирање** (возбуда, новина и предизвик во животот);

**самонасочување** (независна мисла и избирање на акција, создавање, истражување);

**универзализам** (разбирање, благодарност, толеранција и заштита на благосостојбата на сите луѓе и на природата);

**благонаклоност** (зачувување и унапредување на благосостојбата на лицето со кое е во чест личен контакт);

**традиција** (почитување, посветеност и прифаќање на обичаите и идеите што нечија култура или религија ги наметнуваат на поединецот);

**конформизам** (воздржаност во постапки, склоности и импулси кои можат да ги вознемират или оштетат другите и да ги нарушат социјалните очекувања или норми);

**безбедност** (безбедност, хармонија и стабилност на општеството, на односите и на самиот себе).

За потребите на ова истражување, ние се фокусиравме на четири кластери, и тоа: конзервација, универзализам, отвореност и моќ, кои се во соодном или како комплементарни или како спротивставени.

5 Серафимовска, Е. 2023. Човечките вредности во современ контекст. Скопје: ИСППИ-УКИМ

**КОНЗЕРВАЦИЈА**
Стабилност и безбедност, потчинетост и саморепресија, традиција

**ОТВОРЕНОСТ**
Возбуда, новина и промени, независност во мислењето и дејствувањето

**МОЌ**
Личен интерес, личен успех и доминација над другите

**УНИВЕРЗАЛИЗАМ**
Благосостојба на општеството над личните интереси, еднаквост, грижа за другите

Приказ 2.

**Конзервацијата** како човечка вредност подразбира зачувување на стабилноста и безбедноста во околината и општеството, потчинетост и саморепресија, зачувување на традиционалните практики и заштита на стабилноста.

**Моќта** како човечка вредност подразбира промовирање на личниот интерес на сметка на другите, потрага по личен успех и доминација над другите.

**Универзализмот** како човечка вредност подразбира промовирање на благосостојбата на општеството и природата над сопствените интереси, прифаќање на другите како еднакви, грижа за благосостојбата на другите и на природата.

**Отвореноста** како човечка вредност подразбира потрагата по возбуда, новина и промени, како и независност во мислењето, дејствувањето и ставовите.

## Влијанието на базичните човечки вредности врз ставовите кон хомосексуалноста во Република Северна Македонија

Истражувањето покажа дека социо-демографските карактеристики, степенот на индивидуалната добросостојба, како и човечките вредности влијаат врз ставовите кон хомосексуалноста со различен степен на значајност. Со други зборови, истражувањето

ни покажа дека: а) дел од социо-демографските карактеристики влијаат врз ставовите кон хомосексуалноста, а дел немаат значајност во влијанието, б) степенот на индивидуална добросостојба може да влијае врз ставовите кон хомосексуалноста и в) човечките вредности влијаат врз ставовите кон хомосексуалноста[6]. Човековите вредности на различен начин влијаат врз ставовите кон хомосексуалноста, односно дел од нив влијаат врз зголемување на хомофобијата, а дел кон зголемување на позитивните ставови кон хомосексуалноста (види Приказ 3)




**Приказ 3.**

## Вредности што придонесуваат за хомофобија

Доминантна позиција на **конзервацијата** како човечка вредност влијае врз зголемување на хомофобијата. Една можна интерпретација на овој наод е фактот дека на хомосексуалноста се гледа како на отстапка од традиционалните норми, чие зачувување лежи во основата на оваа човечка вредност. Имено, конзервацијата не само што подразбира зачувување на традицијата и стабилноста туку подразбира и потчинетост и саморепресија во согласност со доминантните културни, морални и социјални норми. Оттука, оваа

6 За повеќе види Прво поглавје од оваа публикација.

човечка вредност значително влијае врз сите три димензии на хомофобијата (слобода да се живее, посвојување и срам), на различни нивоа. Срамот да се има геј или лезбијка во своето семејство е компатибилен со конзервацијата, затоа што претставува морална отстапка која социјално се регулира емоционално, а не правно. Правото да се посвојуваат деца е во спротивност со конзервацијата, затоа што подразбира системска промена која е во колизија со доминантниот порив за зачувување на постоечкиот систем. Слободата геј и лезбијките да живеат како што сакаат е во судир со конзервацијата затоа што тој подразбира потчинетост и себерепресија во име на стабилноста на постоечкиот морален и културен контекст.

Луѓето кои ѝ даваат предност на конзервацијата како човечка вредност можат да чувствуваат поголема припадност кон антиродовите движења и поголема согласност со нивните наративи и аргументи, затоа што основата на антиродовите движења е борба против „родовата идеологија“ дефинирана како опозиција на традицијата и религијата. Општеството кое антиродовите движења го замислуваат како единствено нормално, здраво и потенцијално, а со тоа и најдобро можно, е општество чие јадро е хетеронормативното семејство (мајка, татко и деца) и чиј поредок се ориентира и гради исклучиво околу оваа единствена можна форма на заедница. Секоја отстапка од оваа норма (во смисла на поддршка на хомосексуалноста или давање граѓански права на ЛГБТИК луѓето, какво што е правото на формирање семејство) во антиродовите наративи е дефинирана како девијација (Цветковиќ, Величковска 2022) која е погубна токму за областите што се најзначајни за конзервацијата: заедницата, традицијата и стабилноста.

Доминантна позиција на **моќта** како човечка вредност влијае врз зголемувањето на хомофобијата, но не толку силно како конзервацијата. Моќта како човечка вредност подразбира потрага по социјален статус и престиж (Giménez & Tamajón 2019), што подразбира прифаќање на доминантните културни и морални норми. Дополнително, вреднувањето на моќта подразбира тенденција кон идејата за себе како за супериорен и отсуство на сочувство кон другите кои се ранливи или маргинализирани. Предрасудите кон ранливите или социјално маргинализираните групи какви што се геј мажите и лезбијките е еден можен начин да се потврди нечија супериорност. Вреднувањето на моќта лежи во основата на авторитаризмот и на тенденцијата кон социјална доминација (Kuntz et al. 2015), има позитивен сооднос со нив и придонесува за поддршка на деснопопулистички партии (Marne 2021).

Употребата на навредлив хумор (како една форма на дискурзивно насилство), особено кон геј мажите и трансжените, е стандардна практика на антиродовите групи (Цветковиќ, Величковска 2022). Луѓето кои покажуваат високо поддржување на постоечкиот систем, повеќе уживаат во шеги навредливи кон групи со понизок статус, додека луѓето кои покажуваат ниско оправдување на системот повеќе уживаат во шеги насочени кон групи со повисок статус (Baltiansky et al. 2021). Оттука, тенденцијата да се промовира хомофобичен и трансфобичен хумор може да се интерпретира како вреднување на моќта, односно зајакнување на чувството на супериорност и доминација. Оваа вредност, исто така, има мобилизирачки потенцијал, како и конзервацијата. Еден пример за тоа е порастот на рејтингот на Доналд Трамп на изборите во 2016 година веднаш по жестоките говори против лица со понизок општествен статус, какви што се жените, транслуѓето, мигрантите и лицата со посебни потреби. Чувството на супериорност кое произлегува од вербалното насилство врз луѓе со понизок општествен статус е во колизија со општествените норми и политичката коректност. Токму затоа, дискурзивното насилство врз послабите претставува еден од стиловите на десниот популизам. Популизмот на Трамп претставува токму популизам во стилот на „кршење на табуа“ (Ozdemir & Jacob 2022). Луѓето кои ги делат овие вредности сакаат да го чујат од лидерите она што тие би го сакале, но поради општествената осуда не смеат да го кажат, односно поддржуваат популистички или авторитарни лидери кои се политички некоректни во своите изјави. Еден таков дополнителен глас е хомофобичниот наратив на антиродовите иницијативи, кој честопати претставува компензациско вреднување на моќта.

## Вредности што придонесуваат кон хомопозитивност

Доминантна позиција на **отвореноста** како човечка вредност влијае врз намалување на хомофобијата, односно врз пораст на позитивни ставови кон хомосексуалноста. Хомопозитивноста подразбира спротивставување на социјалните и културните норми, прифаќање на идејата за слобода, но и право на поединците да живеат како што сакаат, како и поддршка на правни и политички промени чија цел е создавање систем што не ги исклучува ЛГБ луѓето. Луѓето кои ја вреднуваат отвореноста даваат најголема поддршка кон правото за посвојување на деца од истополови двојки, споредено со групите кои ги приоретизираат останатите вредности. Оттука, вреднувањето на отвореноста не само што овозможува прифаќање на различни

идентитети и животни стилови  туку може да доведе до критичко промислување и промена на традиционалните општествени норми и пракси.

Токму оваа можност за критичко промислување и општествени и политички промени наидува на отпор во рамки на антиродовите иницијативи. Вреднувањето на отвореноста е спротивно со вреднувањето на конзервацијата. Вредносниот судир се согледува главно кај односот **стабилност – промени** (на системот и културата) и кај **минато – иднина** (како визија или посакуван контекст).

Во средиштето на антиродовите парадигми лежи идејата за негирање на родот како социјален конструкт на сметка на полот сфатен единствено како биолошки факт.  Антиродовите наративи се врамени единствено во „биологијата" (и тоа на прилично ограничен начин сфатена од страна на овие групи) како единствен извор на апсолутна вистина и знаење и, во согласност со тоа, како единствен извор на социјална стабилност и кохезија (Denkovski, Bernarding & Lunz 2021). Инсистирањето на „биолошки факти" наспроти „социјални конструкти" е одредено од немањето потенцијал за промена. Имено, полот според редуктивното и селективното читање кое не соодветствува со современите истражувања во природните науки, вклучително и биологијата (Fausto-Sterling 2012) е биолошки факт кој е стабилен и универзален, а неговата употреба како политичка одредница има за цел **зачувување на стабилноста** на постоечките системи и односи на моќ и **спречување на промени** и балансирање на моќта. Оттука, вреднувањето на отвореноста е исклучително влијателна и значајна одредница не само за промовирање на позитивни ставови кон хомосексуалноста туку и за поддршка на системски, политички и правни промени што водат кон инклузивни општества.

Тагувањето по традицијата и „старите добри времиња" во кои доминирале „старите добри вредности" претставува уште една димензија на овој вредносен судир меѓу отвореноста и затвореноста за промени, карактеристична за антиродовите групи и популистичките политичари. Популистите, но и антиродовите актери мошне успешно ја инструментализираат носталгијата за да ја создадат срцевината на својата политичка стратегија, срцевина која не е ништо повеќе од една ретроспективно конструирана утопија (ретротопија) заснована врз напуштено, но сè уште живо минато. Тенденцијата кон минатото претставува реакција на современиот свет карактеризиран од несигурност, фрагментација, индивидуализам и насилство. Токму анксиозноста која произлегува од сложеноста на

современиот свет резултира со фантазии за враќање на **идеалното минато** (Bauman 2017). Голем дел од литературата која се однесува на антиродовите мобилизации ги поврзува антиродовите групи и популистичките политичари токму во нивниот однос кон минатото сфатено како **најдобра можна иднина** (Kuhar & Patternotte 2017; Graff & Korolczuk 2022). Оттука, вреднувањето на отвореноста претставува влијателна и значајна одредница не само за промовирање на позитивни ставови кон хомосексуалноста туку и за поддршка кон потенцијалите на замислување и градење на иднина преку критичко преиспитување на минатото.

Доминантната позиција на **универзализмот** како човечка вредност влијае врз намалување на хомофобијата, односно врз порастот на позитивни ставови за хомосексуалноста. За разлика од вреднувањето на отвореноста, вреднувањето на универзализмот нема значајно влијание во димензијата „посвојување“, односно поддршката на правото за посвојување деца од истополови двојки. Универзализмот имплицира разбирање и прифаќање на другите и грижа за благосостојбата на општеството и природата, односно и за другите кои не ни се блиски. Луѓето кои го вреднуваат универзализмот покажуваат посветеност на идеите за еднаквост, правда и заштита на сите луѓе. Тие се потолерантни, односно ги прифаќаат и разбираат оние кои се различни од нив (Giménez & Tamajón 2019). Вреднување на универзализмот е во негативна релација со поддршката на деснопопулистички партии (Marne 2021).

Вреднувањето на универзализмот е во спротивност со вреднувањето на моќта. Вредносниот судир се согледува главно кај односот **грижа за себе – грижа за другите.** Една од клучните антиродови точки на аргументација е идејата дека родовата еднаквост (вклучително и унапредувањата на правата и статусот на ЛГБТИК луѓето) е одамна постигната цел, која сега веќе отишла и предалеку на штета на белите хетеросексуални цисродови мажи. Овој став е заснован врз погрешната претпоставка дека унапредувањето на правата на одредени групи (како ЛГБТИК луѓето) оди секогаш на сметка на правата на останатите групи.  Оттука, антиродовите актери, додека наводно се грижат за правата на одредени групи, всушност, се заинтересирани за зачувување на привилегиите што дадена група ги ужива (Denkovski, Bernarding & Lunz 2021). Антиродовите групи ги претставуваат интересите на оние кои се привилегирани (економски, но и морално и општествено) во дадени контексти, односно се повеќе насочени кон грижа за себе и блиските на себе (моќ) отколку кон грижа за другите кои не ни се блиски (универзализам).

## Односи меѓу вредностите: биполарни димензии на вредностите и нивната релација со ставовите кон хомосексуалноста

Теоријата на Шварц нуди можност за промислување на односот меѓу човечките вредности. Организирањето на вредностите во биполарни димензии ни овозможува не само да ги сумираме спротивностите помеѓу конкурентните вредности туку и дополнително да ги анализираме мотивациите и ефектите од нив. Една таква димензија претставува спротивставеноста меѓу вредностите на отвореност кон промени **(отвореност)** и зачувување и стабилност **(конзервација).** Оваа димензија го доловува конфликтот меѓу вредностите што ја нагласуваат независноста на мислата, дејствувањето и чувствата и подготвеноста за промена (самонасочување, стимулација – отвореност) и вредностите што ги нагласуваат редот, самоограничувањето, зачувувањето на минатото и отпорот кон промените (сигурност, усогласеност, традиција – конзервација) (види Приказ 4).




**Приказ 4.**

Втората димензија ги спротивставува вредностите на самонапредување и супериорност на сметка на другите **(моќ)** и самонадминување и грижа за другите **(универзализам).** Оваа димензија го доловува конфликтот меѓу вредностите што ја нагласуваат грижата за благосостојбата и интересите на другите (универзализам, благонаклоност) и вредностите што ги нагласуваат сопствените интереси и релативниот успех и доминација над другите (моќ, достигнувања) (види Приказ 5).




**Приказ 5.**

Во однос на човечките вредности, личностите кои приоретизираат отвореност и универзализам имаат помалку хомофобични ставови во споредба со оние кои приоретизираат конзервација и моќ.

Антиродовите наративи се засновани врз идејата за зачувување на стабилноста на постоечките социјални норми и традицијата, што претставува вредност која е компатибилна со конзервацијата.

Антиродовите наративи се засновани и врз идејата за супериорност на одредени личности или групи (хетеросексуални, цисродови, семејни луѓе), што претставува вредност која е компатибилна со моќта.

Позитивните ставови кон хомосексуалноста, вклучувајќи ги трите нејзини димензии (слобода да се живее, посвојување и срам) се засновани врз идејата за: а) критичко преиспитување и проблематизирање на хегемониските социјални и културни норми, што претставува вредност која е компатибилна со отвореноста, и б) грижа за различните од нас и прифаќање на идејата за еднаквост на луѓето, што претставува вредност која е компатибилна со универзализмот.

Луѓето кои ги вреднуваат стабилноста на општеството и почитувањето на традицијата (конзервација), како и оние кои ја вреднуваат својата супериорност во однос на другите (моќ) претставуваат целна група за мобилизација на антиродовите иницијативи.

Луѓето кои ја вреднуваат отвореноста за новитети и промени, како и критичка мисла (отвореност), како и оние кои ја вреднуваат грижата за другите и благосостојбата на општественото и сите поединци во него (универзализам) претставуваат целна група за мобилизација кон позитивни ставови за хомосексуалноста.

## Политики на страв и морална паника: односот меѓу стравот, човечките вредности и ставовите кон хомосексуалноста

Односот меѓу човечките вредности и стравот/анксиозноста претставуваат уште еден принцип на организирање во рамки на теоријата на Шварц. Вреднувањето на **конзервацијата** и **моќта** служи за **справување со анксиозноста** која произлегува од неизвесноста од социјалниот и физичкиот свет, што претставува значајна карактеристика на современиот контекст. Овие вредности  се самозаштитни. Луѓето се обидуваат да избегнат конфликти (конформизам) и да го одржат сегашниот систем (традиција, безбедност) или активно да ја контролираат перципираната закана (моќ) (Giménez & Tamajón 2019). Спротивно на ова, вредностите како **отвореност** и **универзализам** изразуваат мотивации **ослободени од страв/анксиозност.** Овие вредности се вредности за развој и себенадминување (Ibid). Испитувањето на релациите меѓу вредностите и анксиозноста може да придонесе за предвидување и разбирање на влијанието на вредностите врз различните ставови и однесувања.




Приказ 6.

Токму оваа спротивставеност на мотивациите: вредности мотивирани од анксиозност и закана **(страв)** и вредности мотивирани од предвизвик и самоизразување **(ослободеност од страв)** е впечатлива за понатамошна анализа не само на предусловите за хомофобија туку и на мобилизацискиот потенцијал на антиродовите иницијативи. Мобилизацијата во антиродовите иницијативи речиси без исклучок се одвива преку нивната способност да „натискаат различни дискурси во една голема закана" и да го конструираат „родот/родовата идеологија" како закана за барем едно од трите N за кои овие актери тврдат дека ги бранат: природата, нацијата и нормалноста (nature, nation, normality) (Kuhar & Patternotte 2017). Оттука, политиките на страв и морална паника се најчесто користен пристап на антиродовите иницијативи, низ кои хомосексуалноста е претставена како закана за традицијата, семејството и моралот и како двигател на морална и социјална ерозија (Цветковиќ и Величковска 2022). Фактот дека вредностите мотивирани од страв се поврзуваат со негативните ставови кон хомосексуалноста (хомофобијата) за нас претставува клучно објаснување за појавата и растечката мобилизација на антиродовите иницијативи.

Стравот како политика има трансформациски капацитет да ги промени политиката, нормите и институциите. Концептот на „течен страв/liquid fear" на Бауман претставува основа за интересот на оваа студија. Имено, за Бауман, течниот страв, за разлика од конкретна специфична опасност којашто можеме да ја лоцираме и јасно да ја препознаеме е тоа што не можеме да го лоцираме и не знаеме „од каде може да нè удри". Оттука, современите контексти карактеризирани со постојани промени, кризи и несигурности се контексти на течен страв, односно окарактеризирани од постојана анксиозност предизвикана од лебдечка закана која не е конкретна туку омниприсутна, непредвидлива и секогаш спремна да нападне од заседа. Во вакви контексти, очекувана е доминацијата на вредностите мотивирани од анксиозност, какви што се конзервацијата и моќ.

Стравот вклучува различни стимули (различни претстави за заканата) и се поврзува со неколку современи феномени: 1) губење на доверба во системот, 2) разделување на моќта од политиката и 3) продлабочување (и понатаму радикализација) на социјалната дистанца врз широк спектар на основи (како нееднаквост, идеологија, идентитет и моќ) (Kazarinova & Dutkiewicz 2017). Стравот во современите контексти станува системски, односно омниприсутен во секој аспект на човечкиот живот, а она што претставува најсериозен

ризик за нас е неговиот ефект врз уништувањето и сериозното намалување на довербата во различните институции кои би требало да се справат со оваа анксиозност, како што се системите на социјална заштита, сервисите и услугите за ранливите и маргинализираните групи овозможени од граѓанските организации, и синдикатите. Во последниве години овие тенденции се особено видливи во македонскиот контекст, најчесто поврзани со комплицирањето на процесот на интеграцијата во ЕУ предизвикано од споровите со Грција и со Бугарија (Наумовски 2022), потоа здравствената, економската и енергетската криза, војната во Украина, како и порастот на националистичките дискурси (Дединец и Дединец 2022; Узунов 2022).

Постојат бројни примери (Wodak 2015) за тоа како дискурсите од овој тип не само што мобилизираат замислени закани за иницирање промени во законодавството или за спречување на инклузивна легислатива, туку и легитимизираат напади и недоверба врз постоечките институции и владеењето на правото. Во македонски контекст, овие тенденции можеме да ги исчитаме во иницијативите на антиродовите групи и верските заедници[7] против усвојување на инклузивна легислатива: а) Законот за родова еднаквост, и б) Законот за матична евиденција кој треба да го регулира правното признавање на родот, напад врз постоечките родово инклузивни политики каква што е Концепцијата за основно образование и воведувањето на сеопфатно сексуално образование (Цветковиќ и Величковска 2022) и промовирање на исклучувачки дефиниции за бракот и семејството како заедница исклучиво на еден маж, една жена и нивните деца (Цветковиќ и Величковска 2022). Сите иницијативи на антиродовите групи се мобилизирани низ сугерирање на голема закана која доаѓа од „хомосексуалната агенда“, надоградување на преставите за заканата со ЛГБТИК заедницата и активистите, како и предизвикување страв и анксиозност заради можна социјална дестабилизација, но и лична загуба поврзана со стравот од губењето на родителскиот авторитет (децата во училиште ќе се учат на прифаќање на хомосексуалноста) (Ibid.), како и намалување на безбедноста на децата и жените (особено преку портретирање на трансжените како насилни „жени со пениси“ кои се опасни за најранливите членови на семејството – жените и децата) (Ibid). Успехот на антиродовите мобилизации во споменатите иницијативи лежи во доминацијата на вредностите на конзервација и моќ, што претставуваат вредности мотивирани од анксиозност.

7 За повеќе види: <https://meta.mk/reakcii-i-osuda-na-povikot-za-protest-na-mpc/>

Спротивно на ова, вредностите како **отвореност** и **универзализам,** чија мотивација лежи во **ослободеноста од анксиозност,** отвораат потенцијал за мобилизација кон позитивни и поддржувачки ставови за хомосексуалноста. Она што недостасува во нашиот контекст е избор на политики и стратегии за мобилизација кои не се базирани врз страв/анксиозност, туку врз надеж, критичка мисла и потенцијал за новини и промени. Со други зборови, овие стратегии треба да се врамени во мотивацијата за преземање ризици и експериментирање со цел градење на нови парадигми на општествата и културите, кои се инклузивни и засновани врз идејата за еднаквост и социјална благосостојба.

Вреднувањето на **отвореноста** претставува силен контрапункт на вреднувањето на **конзервацијата,** затоа што отвореноста е мотивирана од желбата за новина и промени кои подразбираат потенцијали за социјална имагинација и политичко дејствување, наспроти тенденцијата на конзервацијата за зачувување на системската и социјална стабилност и традиција (види Приказ 7).




**Приказ 7.**

Вреднувањето на **универзализмот** претставува силен контрапункт на вреднувањето на **моќта,** затоа што универзализмот како вредност е мотивиран од грижата за другите кои не ни се блиски и обезбедување еднаквост во распределбата на ресурсите и моќта, наспроти тенденцијата на вреднувањето на моќта мотивирана од зацврстување на постоечките односи на моќ (хетеросексуалноста е вреднувана повеќе од хомосексуалноста) и гарантирање и зачувување на сопствените привилегии (хетеронормативност) (види Приказ 8).




**Приказ 8.**

Стравот игра клучна улога како мобилизирачки потенцијал кај вредностите на конзервација и моќ, затоа што тој ги зацврстува односите на моќ и ги ограничува социјалната имагинација и политичкото дејствување за промени (Kazarinova & Dutkiewicz 2017). Сепак, стравот не игра важна улога како мобилизирачки фактор кај вредностите на отвореност и универзализам. Оттука, мобилизацијата кон позитивни ставови за хомосексуалноста треба да се одвива врз поинакви основи.

Екстрахирајќи ја свртеноста кон минатото (ретротопијата) како клучна карактеристика на мобилизациите засновани врз страв, можеме да ја дефинираме свртеноста кон иднината (социјалната имагинација) како добра стратегија за мобилизации кон хомопозитивноста заснована врз ослободеност од страв. **Стравот** и **надежта** претставуваат доминантни идеолошки рамки кои ги одбележуваат траекториите на современите политички дискусии (Skrimshire 2008). Оттука, креирањето стратегии на отпор кон хомофобијата треба да биде врамено во јадрото на политичката и социјалната имагинација, односно преку барање одговори на прашањето како ја замислуваме иднината, каде ја гледаме надежта и кои се актуелните можности за акција насочена кон остварување на овие визии во сегашноста.

## Насоки за идни истражувања: човечки вредности, тенденции кон популизам и хомофобија

Човечките вредности претставуваат фактор кој може да ја објасни тенденцијата на поддршка на популистичките политики, надминувајќи го „рационалниот ефект“, односно преференците на поединците поврзани со економската левица/десница и политичката припадност на авторитарност/либертаријанизам, така што давањето приоритет на безбедноста (една од компонентите на конзервацијата) води кон поддршка на десничарскиот популизам, а давањето предност на универзализмот води кон намалување на поддршка на десничарскиот популизам (Marne 2021). Политиките на страв и тука играат клучна улога, затоа што поддршката на популизмот зависи од приоретизирањето на безбедноста, кое секогаш е потенцирано при појава на наводна закана.

Значајно место во литературата посветена на антиродовите движења зазема десниот популизам, или популизмот воопшто (Graff & Korolczuk 2022; Kováts & Põim 2015; Denkovski, Bernarding & Lunz 2021). Истражувањата на антиродовите движења покажуваат дека современите антиродови дискурси се структурирани како популистички дискурси (Цветковиќ, Величковска 2022). Политиките на страв и моралната паника се исклучително значајни за десничарскиот популизам. Овој популизам се потпира на демонизацијата на своите непријатели преку поттикнување на морална паника или општествен страв. Во рамки на антиродовите светогледи спротивставувањето на „родот“ се изведува преку популистичка поларизација на општеството на „два антагонистички табора“: „чистиот народ“, чии животи и иднина се под наводна закана од „корумпираната елита“, составена од „морално извитоперени“ ЛГБТИК луѓе претставени како „опасно хомосексуално лоби“. ЛГБТИК заедницата се прикажува како длабоко инфилтрирана во институциите, семоќна и над останатите. Како резултат на ефектот од хиперболизирањето на заканата, следбениците на антиродовата агенда се заведени и иницирани во создавањето бранови на морална паника и мобилизирање кон антидемократски, дискриминаторски и исклучувачки акции (Ibid).

Траекториите на десните популистички партии од маргините на политичкиот пејзаж до центарот се објаснуваат токму преку злоупотреба на современата колективна анксиозност и страв низ дискурзивно префрлање на вината за глобалните кризи и проблеми

врз конкретни групи (како хомосексуалците), кои добиваат улога на „жртвени јагниња“ чие политичко, правно и симболичко уништување овозможува канализирање на колективниот гнев.

Вреднувањето на отвореноста и универзализмот не само што доведува до позитивни ставови кон хомосексуалноста туку може да доведе и до намалување на поддршката на десничарскиот популизам, надминување на политиките на страв и морална паника, како и намалување на колективната анксиозност. Оттука, исклучително важно е истражувањето на релациите меѓу човечките вредности, ставовите кон хомосексуалноста и популистичките однесувања (гласање за популистички партии или поддршка на популистички иницијативи).

## Референци


Baltiansky, D., Maureen A. C., & John T. (2021). At Whose Expense? System Justification and the Appreciation of Stereotypical Humor Targeting High-Versus Low-Status Groups. *Humor 34*(3). 375–392.

Bauman, Z. (2006). *Liquid Fear.* Cambridge: Polity.

Bauman, Z. (2017). *Retrotopia.* Cambridge: Polity Press.

Bolzendahl, C, Gracheva, K. (2018). Rejecting the West? Homonegative Attitudes and Political Orientations in Contemporary Eastern Europe. *European Journal of Gender and Politics,* 1, 345–366.

Dimitrov, Slavcho. (2015). "The Heteronormative Distribution of the Sensible," In Hassentab, Christine and Ramet P. Sabrina (eds.), *Gender (In)equality and Gender Politics in South-Eastern Europe.* Hampshire: Palgrave Macmillan.

Fausto-Sterling, A. (2012). *Sex/Gender Biology in Social World.* New York: Routledge.

Giménez, A., Tamajón, L. (2019). Analysis of the third-order structuring of Shalom Schwartz's theory of basic human values in Heliyon, 5.

Graff, A., Korolczuk, E. (2022) *Anti-Gender Politics in the Populist Moment.* New York: Routledge.

Denkovski, D., Bernarding, N., Lunz, K. (2021). Power Over Rights/ Understanding and Countering the Transnational Anti-Gender Movement. Volume 1. Berlin: Centre for Feminist Foreign Policy.

Kazarinova, D., Dutkiewicz, P. (2017). Fear as politics. *Polis Political Studies,* 4, 8-21.

Kuntz, A., Davidov, E., Schwartz, S., & Schmidt, P. (2015). Human Values, legal Regulation, and Approval of Homosexuality in Europe: A Cross-Country Comparison. *European Journal of Social Psychology,* 45, 120–134.

Kuhar, R. Paternotte, D. (2017). *Anti-Gender Campaigns in Europe.* Mobilizing Against Gender Equality. Rowman and Littlefield.

Marne, M, H. (2021). The Effects of Basic Human Values on Populist Voting. An Analysis of 13 European Democracies. *Political Behavior 44* (9).

Skrimshire, S. (2008). *Politics of Fear, Practices of Hope.* London: Continuum.

Цекиќ, Анета. (2023). *Идеолошки стaтови и стaвови кон климатските промени.* Скопје: ИСППИ-УКИМ.

Ozdemir, U., Jacob, M. (2022). Values, Taboos, and Votes: How Basic Human Values Affect Populist Electoral Support. S*wiss Political Science Review,* 28, 455-476.

Schwartz, S. H., Cieciuch, J., Vecchione, M., Davidov, E., Beierlein, C., Ramos, A., … Konty, M. (2012). Refining the Theory of Basic Individual Values. *Journal of Personality and Social Psychology, 103*(4), 663–688.

Whitworth, A. & Moretti, A. (2023) Homopositivity Across Europe: Predictors, Pathways, and Moderators. *Archives of Sexual Behavior, 52* (3). pp. 945-955.

European Union Agency for Fundamental Rights (FRA). (2020). A Long Way To Go for LGBTI Equality.

Wodak, R. (2015). *The Politics of Fear: What Right-Wing Populist Discourses Mean.* London: SAGE.

Цветковиќ, И., Величковска, М. (2022). *Кој се плаши од родот? Анализа на клучните наративи и стратегии на антиродовите движења во Северна Македонија.* Скопје: Коалиција Маргини.

Узунов, В. (2022). Криза по кризата: Каде и зошто се создаде и како да се лекува? *Предизвици бр. 14.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Дединец, А., Дединец, А. (2022). Минато или иднина – Што избираат развиените земји, а што земјите во развој на европскиот континент. *Предизвици бр. 14.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Наумовски, В. (2022). Процесите на (де)стабилизација на Балканот низ призмата на европската интеграција. *Политичка мисла бр. 63.* Скопје: Фондација Конрад Аденауер.

# РОДОВИОТ ЈАЗ ВО ПОЛИТИЧКОТО УЧЕСТВО И ВНАТРЕШНАТА ПОЛИТИЧКА ЕФИКАСНОСТ

Јован Близнаковски
Анета Цекиќ

## Вовед

Родовата еднаквост во политичкото учество е сè уште недостижна во контекстот на Република Северна Македонија. Жените многу поретко преземаат политички функции од мажите, како во централната така и во локалната власт (Коруновска и др. 2015; Јакимова 2022; Башевска 2023), но и поретко се застапени во управувањето на јавните институции (Колозова и Савовска 2019: 18–19; Башевска 2023) и во политичките партии (Ивановски и Поповски 2021). Внатре во политичките партии, пак, жените се соочуваат со бариери при обидите за соработка во однос на прашања што се однесуваат на општествената и политичката позиција на жените во земјата (Мукоска и Јованова 2019; Јовевска Ѓорѓевиќ и Јанеска 2020: 19–20), па дури и со родово базирано насилство (Институт Охрид и др. 2020). Воведувањето на правила за родови квоти во избирачките листи за централните и за локалните избори од 2002 година натаму во голема мера ја подобрија застапеноста на жените во Собранието и во општинските совети (Јовевска Ѓорѓевиќ и Јанеска 2020: 9–12). Сепак, имплементацијата на изборните квоти е честа тема на критики во јавната сфера. Се забележува дека квотите се спроведуваат на начин со кој жените сè уште се маргинализираат на изборните листи (преку нивно поставување на „недобитни“ позиции на листите, види: Поддршка за изборните реформи 2021). Се забележува и дека квотите обезбедуваат само дескриптивна репрезентација на жените во политичките процеси, но не и суштинска,[1] факт што се огледува во слабото учество на жените во клучните собраниски комисии (Мукоска и Јованова 2019: 122; Јовевска Ѓорѓевиќ и Јанеска 2020: 13–16). Според наодите од следењето на квалитетот на дебатата во Собранието, спроведено од ИДСЦС, жените, исто така, нешто помалку учествуваат во собраниската дебата од мажите (види: Јовевска Ѓорѓевиќ и Јанеска 2020: 17–18).

1 Под дескриптивна репрезентација ја подразбираме бројноста на жените во преставничките тела, а под суштинска – ефектот од работата на жените во претставничките тела. Види: Wängnerud, 2009.

Положбата на жените во националната и во локалната политика е одраз на целокупната општествена состојба на жените во земјата. Според повеќе проценки, македонското општество се карактеризира со традиционални и патријархални вредности (Клековски 2009; Клековски и др. 2011; Марковиќ и др. 2013), кои можат да претставуваат директен фактор за пониско учество на жените во политиката (види: Inglehart и Norris 2003). Жените, исто така, имаат пониски приходи од мажите и се наоѓаат во поголем ризик од сиромаштија, а се и помалку застапени во оние образовни области за кои се смета дека носат повисоки приходи (како природните науки, технологијата и инженерството) (види: Вистиномер 2023). Жените, исто така, поретко учествуваат во управните одбори на приватните компании (Топузовска Латковиќ 2019: 62). Последните социо-економски наоди упатуваат на пониско ниво на ресурси кај жените во споредба со мажите – уште еден фактор кој може да влијае ограничувачки во однос на можностите за политичко учество (за истражување што ја допира оваа тема во националниот контекст, види Петрова 2019).

Оваа студија се фокусира на родовиот јаз во политичкото учество на општествено ниво во Република Северна Македонија. Во продолжение понудуваме нови и оргинални податоци за родовиот јаз во политичкото учество во земјата преземени од Европското општествено истражување (ЕОИ), спроведено во периодот 2021–2022. Најпрво, се обидуваме да го квантифицираме родовиот јаз во однос на повеќе индикатори за учество кои вклучуваат политички пракси и предиспозиции за политичко учество. Второ, понудуваме и аргумент кој е изведен емпириски за коренот на согледаниот родов јаз. Преку мултиваријантна анализа наоѓаме дека жените, статистички значајно помалку од мажите, имаат доверба во сопствената способност за учество во политика, односно имаат пониска самоперципирана внатрешна политичка ефикасност. Ваквиот наод упатува на потреба за понатамошно зајакнување на довербата кај жените во сопствените политички компетенции, како значаен фактор преку кој може да се подобри нивното политичко учество.

Трудот е структуиран на следниот начин. Во првиот дел даваме краток преглед на научната литература за родовиот јаз во политиката, но и ги дефинираме клучните концепти што ги користиме понатаму во анализата, пред сè – концептите за внатрешна и надворешна политичка ефикасност. Нашиот преглед на литературата покажува дека родовиот јаз е присутен на светско ниво со одредени меѓунационални разлики, но и дека варира во зависност од конкрет-

ниот модалитет на политичко учество кој се разгледува. Во вториот дел даваме информации за податоците што ги користиме, како и за употребената истражувачка стратегија и методологија. Во третиот и четвртиот дел ги претставуваме податоците од нашата статистичка анализа: во првиот од двата понудуваме обична дескриптивна статистика на повеќе индикатори со цел да го процениме родовиот јаз, додека понатаму прикажуваме наоди од нашата мултиваријантна анализа, каде што регресираме варијабли за внатрешната и надворешна политичка ефикасност на повеќе релеватни предиктори. Во заклучниот дел ги сумираме наодите од целокупната студија.

## Родовиот јаз и политичката ефикасност во научната литература

Родовиот јаз во политичкото учество е нашироко идентификуван во општествените науки, и покрај значајните позитивни поместувања во насока на негово надминување во последните стотина години насекаде низ светот (види: Inglehart и Norris 2003 и Burns и др. 2009). Истражувачите емпириски забележуваат дека жените се значително помалку политички заинтересирани и информирани во споредба со мажите (Verba и др. 1997; Karp и Banducci 2008), поретко искажуваат политички ставови (Rae Atkeson и Rapoport 2003) и извршуваат политички функции (Paxton и др. 2007), како и дека имаат пониски можности да акумулираат партиципативни ресурси на работното место (Schlozman и др. 1999). Друга група на студии, пак, прават разлика меѓу различните модалитети на политичко учество во однос на родовиот јаз. Dalton (2008), на пример, емпириски покажува дека жените поретко работат за политичките кандидати, контактираат политичари и донираат финансиски средства за политички активности, додека Coffé и Bolzendahl (2010) забележуваат дека жените повеќе гласаат, но помалку учествуваат во директни контакти со политичарите, во колективни акции и дека се поретки членови на политички партии. Portney и др. (2009), пак, наоѓаат дека жените почесто учествуваат од мажите во волонтерски активности. Родовиот јаз во современата демократска политика, опишан во дадените наоди, е секако производ на досегашните историски текови и релативно кусата историја на обиди за вклучување (или неисклучување) на жените во политичките процеси, како и на различните патишта на социјализација кои двата рода ги имале низ историјата, но и во современите општества.

Повеќето од наведените студии, сепак, користат податоци од развиените западни демократии, контекст во кој родовиот јаз може да се манифестира различно од тоа што е случај со земјите кои покажуваат демократски дефицити и имаат патријархална културна традиција, вклучително и повеќето посткомунистички демократии. Оваа студија ќе придонесе кон литературата за родовиот јаз во политичкото учество во посткомунистичките земји, при што ќе се обидеме да ги прикажеме главните разлики за повеќето од наведените индикатори меѓу мажите и жените во контекстот на Република Северна Македонија.

Студијата ќе придонесе и кон литературата за индивидуалната политичка ефикасност, понудувајќи податоци за родовиот јаз во овој сегмент и во контекстот на РС Македонија. Под индивидуална политичка ефикасност го подразбираме „чувството дека индивидуалната политичка акција има, или може да има, влијание врз политичките процеси, односно дека е вредно да се извршуваат граѓанските должности“ (Campbell и др. 1954: 187). Дефинирана на овој начин, индивидуалната политичка ефикасност, или нејзиното присуство или отсуство, може да претставува важен предуслов за учество во политичките процеси, вклучувајќи ги конвенционалните механизми (како што се гласањето, членувањето во политичките партии и политичките групи), како и неконвенционалните (учеството во протестни движења, бојкотирање и сл.) (види: Norris 2002).

Некои од горенаведените студии покажале родови ефекти поврзани со субјективните чувства за политичка ефикасност, пропоратно на останати наоди кои упатуваат на родов јаз. Verba и др. (1997) наоѓаат пониски субјективни чувства на ефикасност кај жените во споредба со мажите, користејќи податоци од Соединетите Американски Држави од доцните 1980-ти; Coffé и Bolzendahl го наоѓаат истото користејќи податоци од 18 западни демократии од 2004 (2010: 323). Coffé и Bolzendahl, исто така, покажуваат дека зајакнувањето на чувствата за политичка ефикасност статистички значајно позитивно влијае врз повеќе модалитети на политичко учество како гласањето, членството во партии и политичкиот активизам, како кај жените така и кај мажите (2010: 328–329).

Почнувајќи од влијателната студија на Balch (1974), во општествените науки е општо прифатено дека индивидуалната политичка ефикасност има два значајни аспекта – внатрешен и надворешен, при што првиот ја отсликува вербата во индивидуалната способност за учество во политика, а вториот, пак, вербата во ефикасноста на политичкиот систем да ги инкорпирира барањата на граѓаните.

Двата аспекта се релевантни за современото политичко учество: отсуството на верба во сопствената политичка способност може да води кон повлекување од политичката јавност, додека отсуството на верба кон капацитетите на институциите да ги адресираат граѓанските барања може да придонесе кон политичка апатија на индивидуално и на групно ниво. Двата аспекта се, исто така, значајни и во контекст на родовиот јаз во политичкото учество, па следствено, оваа студија прави обид да утврди во која мера родот игра улога во формирањето на индивидуалната политичка ефикасност кај граѓаните во Република Северна Македонија.

## Методолошки пристап и податоци

Во овој текст ги користиме податоците од 10-тиот бран на ЕОИ во Република Северна Македонија (ESS 2023). Теренското истражување беше спроведено на примерок од 1.429 возрасни испитаници (15 години и повеќе) во периодот октомври 2021 – март 2022 година, од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За идентификување на разликите во политичкото учество меѓу мажите и жените имплементираме дескриптивна статистика, покажувајќи фреквенции, средни вредности или медијана (каде што е соодветно), како и информација за степенот на значајност на утврдените разлики. Ова ни овозможува иницијално да го процениме родовиот јаз преку повеќе индикатори кои се однесуваат на политички пракси (гласање на избори, блискост со политички партии, разни форми на политичка партиципација); и предиспозиции за политичко учество (интерес и степен на информирање за политика, внатрешна и надворешна ефикасност).

Со оглед на тоа што индикаторите за ефикасност покажуваат најјасен родов јаз во дескриптивната статистика, во вториот дел од анализата имплементираме серија на регресиони анализи, со кои понатаму ја испитуваме важноста на родот во формирањето на индивидуалните чувства за политичка ефикасност. Тоа го правиме преку шест различни модели (регресија на најмали квадрати, OLS), каде како зависни варијабли користиме индикатори за внатрешна и надворешна ефикасност, а како независни повеќе можни објаснувачки фактори согласно постојната литература. На овој начин имаме можност да видиме како родот учествува во формирањето на индивидуалната политичка ефикасност во конкуренција на повеќе можни алтернативни објаснувачки фактори.

Два од нашите модела се имплементирани на целиот примерок, два се имплементирани само на групата мажи и два само на делот од примерокот составен од жени, односно по еден модел за секој од овие примероци, каде зависна варијабла е внатрешната ефикасност, и по еден каде тоа е надворешната ефикасност. Оние модели кои се имплементирани на целиот примерок ја вклучуваат варијаблата род, која најдиректно ни овозможува да го согледаме ефектот од интерес, односно разликите меѓу мажите и жените. Во останатите модели, пак, кои се имплементирани на делови од целосниот примерок, можеме да видиме како различните можни објаснувачки фактори придонесуваат кон степенот на ефикасност за мажите и за жените *посебно.*

Во серијата модели ги вклучуваме истите зависни варијабли, со исклучок на варијаблата пол, која ја имплементираме само во моделите со целосни примероци (од очигледни причини). Вклучуваме возраст, место на живеење (урбано и рурално), образование (ниско, средно и високо), приход на домаќинство, работен статус (вработени, невработени и не се на пазарот на труд), како и етничка припадност (Македонци и Албанци). Сите наведени варијабли претставуваат стандардни демографски варијабли за македонскиот контекст, а некои од нив претставуваат и варијабли за кои може да имаме јасни теоретски очекувања. Во однос на возраста, очекуваме дека внатрешната ефикасност ќе биде повисока кај испитаниците кои се наоѓаат во средната доба од животот (под претпоставка дека тие се најактивни во општествениот живот), а дека ќе биде пониска кај помладиот и постариот дел од популацијата. За да ја испитаме оваа претпоставка, во моделите каде зависна варијабла е внатрешната ефикасност ја вклучуваме и варијаблата *возраст на квадрат,* која ја добиваме со едноставно квадрирање на линеарната варијабла возраст. На овој начин можеме да ја провериме претпоставката за нелинеарен ефект на возраста кон внатрешната ефикасност (посилни ефекти во средната доба отколку во најмладата и најстарата). Спротивно на ова, немаме цврсти очекувања за ефектот на возраста во однос на надворешната ефикасност од причина што таа повеќе се однесува на перцепции за функционирањето на системот, а не на сопствениот капацитет, каков што е случајот со внатрешната ефикасност (и следствено, во тие модели не вклучуваме варијабла возраст на квадрат). Очекуваме и дека образованието ќе има позитивен ефект кон двата подвида на ефикасност (под претпоставка дека образованието им дава ресурси на граѓаните за политичко учество, како и за разбирање на политичките процеси). Од оваа група на варијабли имаме очекувања и за социо-економските фактори: оче-

куваме дека повисоките приходни групи ќе демонстрираат поголема ефикасност, како и вработените (особено наспроти невработените) поради посилната социјална сигурност.

Во моделите вклучуваме и варијабли кои се однесуваат на предиспозиции за политичко учество. Очекуваме дека зајакнатото информирање за политика и зајакнатиот интерес позитивно ќе влијаат особено врз внатрешната ефикасност (под претпоставка дека поинформираните и позаинтересираните се чувствуваат поспособни за политичко учество). Двете варијабли што ги користиме се линеарни и растат со зголемување на интересот и информирањето.

Конечно, во моделите вклучуваме и варијабли во однос на семејниот живот, под претпоставка дека семејните обврски можат да претставуваат ограничувачки фактор за политичка партиципација (особено кај жените) и дека би можело да се рефлектира врз нивоата на ефикасност. Вклучуваме бинарни варијабли за живот во партнерство (вклучително брак и други видови заедници) и деца во домаќинството.

Сите презентирани податоци се пондерирани за да ја отсликуваат подоследно структурата на населението во земјата (види: Kaminska 2023). Описот на користените варијабли е поместен во следните делови, како и во Додаток 1 кон овој труд.

## Колкав е родовиот јаз во политичкото учество?

Во овој дел нудиме едноставна дескриптивна статистика со цел да го процениме родовиот јаз во Република Северна Македонија. Разликите меѓу мажите и жените се претставени преку повеќе индикатори, кои првично ги делиме на две групи: политички пракси (гласање, блискост до партии и различни форми на политичко учество) и предиспозиции за политичко учество (интерес и информирање за политика, внатрешна и надворешна ефикасност).

### Родовиот јаз во политичките пракси

Според податоците од ЕОИ, родовиот јаз е во некоја мера присутен во сите присутни индикатори што се однесуваат на политички пракси, односно жените покажуваат пониска честота на политичко учество од мажите низ сите достапни индикатори. Иако

ова е случај, важно е да се напомене дека ниту една од разликите кои следуваат не е статистички значајна, а исто така, во многу примери разликите во честотата се навистина ниски и се сведуваат на едноцифрени процентни поени. Последното води до заклучок дека, иако постои тенденција на родов јаз, таа не е секогаш статистички јасно разграничена преку овие податоци.

Кога се работи за блискоста до политичка партија, како еден од најраспространетите формални облици на политичко учество, мажите се поангажирани во споредба со жените, со воочлива разлика во честотата. Скоро половината од мажите се наклонети кон некоја политичка партија, додека тоа е случај со околу 38 % од жените. Кога станува збор за гласање на избори, процентите се значително повисоки и за двата пола. Овие вредности се, исто така, и скоро изедначени, односно изнесуваат безмалку 81 % за мажи и 79 % за жени, наод кој упатува дека жените и мажите учествуваат на избори во еднаква мера. Овие податоци се претставени во Табела 1.

**Табела 1. Родов јаз во однос на блискост до политички партии и гласање на избори**

| | Мажи (%) | Жени (%) |
|---|---|---|
| Дали постои одредена политичка партија која ја чувствувате поблиска во споредба со сите останати партии? (% на одговори ДА) | 48,8 % | 38,3 % |
| Дали гласавте на последните парламентарни избори во Република Северна Македонија што се одржаа во јули 2020 г.? (% на одговори ДА) | 80,7 % | 78,8 % |

* Разликите не се статистички значајни

Кога станува збор, пак, за помалку формалните облици на политичко учество, повторно согледуваме сличен родов јаз, со забелешка дека разликите повторно не се статистички значајни и во некои случаи се навистина ниски. Прашањата на ЕОИ за политичко учество ги опфаќаат формите на формална и неформална (протестна) политичка партиципација, како и онлајн политичката активност,

и учеството во волонтерски активности. За да се испита индивидуалното учество во сите овие форми, на испитаниците/чките им беше поставено следното прашање: *Постојат различни начини за да се подобрат работите во Северна Македонија или да се спречи тие да одат кон полошо. Дали во текот на изминатите 12 месеци сте направиле нешто од следново?* Наведени беа следните форми на формална активност: контактирање политичар или службено лице во Владата или во општината во која живее испитаникот/чката; донирање средства или учество во активности на политичка партија или група за политичко влијание; и носење или истакнување беџ/облека поврзана со некоја кампања. Во неформална политичка партиципација беа наведени следните (протестни) активности: потпишување петиција, учество во јавни протести и бојкотирање на одредени производи.

Во сите форми на политичко учество мажите имаат повисоко ниво на учество во споредба со жените (Табела 2). Најмали, односно скоро непостоечки се разликите во случајот со волонтирањето за непрофитна или добротворна организација, активност која според минатите студии е покарактеристична за жените.

### Табела 2. Родов јаз во различните облици на политичка партиципација

| | % на мажи кои го направиле тоа | % на жени кои го направиле тоа |
|---|---|---|
| Контактирале политичар, службено лице во Владата или во општината? | 23,3 % | 15,5 % |
| Донирале средства или учествувале во активности на политичка партија или група за политичко влијание? | 8,2 % | 5,8 % |
| Носеле или истакнале беџ/облека поврзана со некоја кампања? | 16,9 % | 10,8 % |
| Потпишале петиција? | 8,2 % | 7,1 % |
| Учествувале во јавни протести? | 11,6 % | 5,9 % |
| Бојкотирале одредени производи? | 8,1 % | 4,7 % |
| Објавиле или споделиле онлајн некаква содржина во врска со политика, на пример, на блог, преку електронска пошта или на социјални мрежи како што се Фејсбук или Твитер? | 18,8 % | 14,1 % |
| Волонтирале за непрофитна или за добротворна организација? | 7,2 % | 7% |

* Разликите не се статистички значајни

Генерално, и мажите и жените пријавуваат повисоко ниво на учество во формалните облици на партиципација и во онлајн политичката активност, во споредба со активностите поврзани со протестната политика или волонтерската активност. Така, 23 % од испитаните мажи и 15 % од жените контактирале службено лице на централно или на локално ниво, облик на партиципација кој е најраспространет во Република Северна Македонија. Следен тип на практикувана активност е учеството во некаква кампања, преку носење или истакнување на беџ или облека. Овие кампањи може да се поврзани со политички партии, но и со невладини организации и дури неформални групи. Скоро 17 % од мажите и 11 % од жените потврдиле ваков вид учество во политиката.

Онлајн активноста е доста популарна во РС Македонија, споредено со останатите типови учество. Овде јазот меѓу мажите и жените не е премногу голем – 18 % од мажите и 14 % од жените пријавуваат дека споделиле некаква содржина поврзана со политика.

Учеството во протестни активности е помало во споредба со останатите видови партиципација. Кај потпишувањето петиција речиси и нема разлика меѓу мажите и жените, односно процентите се 8 % и 7 %, соодветно. При учеството на јавни протести и во бојкотирање одредени производи постои одреден јаз: скоро 12 % од мажите учествувале на јавни протести во споредба со двојно помалку (6 %) од жените, додека 8 % од мажите и 5 % од жените бојкотирале одредени производи како форма на политичка акција.

### Родовиот јаз во предиспозициите за политичко учество

Групата индикатори кои се однесуваат на предиспозициите за политичко учество покажуваат нешто поизразени (и често статистички значајни) разлики меѓу мажите и жените. Интересот за политика е важна варијабла во студиите за политичка партиципација и за политиката воопшто. Во насока на многубројните претходни истражувања, и во Република Северна Македонија постојат значајни разлики во интересот за политика меѓу мажите и жените. Дури половина од жените во примерокот одговориле дека воопшто не се заинтересирани за политика (Табела 3). Само 13 % од жените искажале поголема заинтересираност за политика. Повеќе од една третина од испитаничките (скоро 38 %) одговориле дека се малку заинтересирани за политика. Кај мажите ситуацијата е различна, односно близу една третина од испитаниците одговориле дека имаат

значителен интерес за политика, а 31 % се малку заинтересирани за политика. Истовремено, мошне е висок и процентот на мажи кои одговориле дека воопшто не се заинтересирани за политика – 38 %, честота која е сепак значително пониска од онаа кај жените.

**Табела 3. Родовиот јаз во интересот за политика**

| | Мажи (%) | Жени (%) |
|---|---|---|
| Многу заинтересиран/а | 9,2 % | 2,4 % |
| Прилично заинтересиран/а | 21,8 % | 10,6 % |
| Малку заинтересиран/а | 31 % | 37,6 % |
| Или воопшто незаинтересиран/а? | 37,9 % | 49,4 % |

* статистички значајни разлики, $p < 0,05$

Информирањето за политика во ЕОИ се мери преку прашањето: *Во еден типичен ден, колку време поминувате во гледање, читање или слушање вести за политика и актуелни случувања?* Одговорите се изразени во часови и минути.

Според податоците, родовиот јаз во информирањето за политика меѓу мажите и жените е прилично голем. Просечното време што мажите го поминуваат во следење вести за политика е за една третина поголемо од времето што го поминуваат жените во истите активности. Односно, медијаната за мажите изнесува 90 минути, а за жените 60 минути (средните вредности, односно просекот е 118 минути за мажи и 105 минути за жени). Медијаната е посоодветна мерка за претставување на одговорите на ова прашање со оглед на екстремните вредности што се појавуваат.

Во литературата, ваквите разлики меѓу мажите во однос на интересот и информирањето за политика често се интерпретираат како очекувани, земајќи предвид дека за жените обврските во домот и одгледувањето деца можат да претставуваат значителна бариера за пошироко политичко и општествено учество.

Споредбата, пак, на средните вредности на одговорите меѓу мажите и жените на прашањата што ги испитуваат внатрешната и надворешната политичка ефикасност, покажува дека постојат (статистички значајни) разлики меѓу вака групираните испитаници. Разликите се поизразени кога се работи за внатрешната ефикасност, односно увереноста на испитаниците за нивната способност да земат учество во политиката, а истите се помали и главно не се

статистички значајни кога се работи за проценката на испитаниците во врска со отвореноста на политичкиот систем за учество на граѓаните, односно да влијаат врз она што го прави Владата или да влијаат врз политиката генерално (надворешната ефикасност). Овие наоди упатуваат на тоа дека, иако разликите во самоперципираното ниво на внатрешна ефикасност се значајни, двете групи – и мажите и жените – се приближуваат во гледиштето на политичкиот систем како неефикасен за инкорпирање на граѓанските барања, став кој се чини дека е соодветен земајќи ги предвид значителните дефицити при имплементацијата на демократијата во земјата.

Така, прашани за својата способност да земат активно учество во група што се занимава со политички прашања, и генерално за својата увереност да земат учество во политиката, на скала од 1 до 5, каде 1 е „воопшто не сум способен/на", а 5 е „целосно способен/на", средните вредноси на мажите на прашањата за внатрешна ефикасност се M = 2,33 и M = 2,39, осносно се меѓу вториот степен („малку сум способен") и третиот степен на скалата („прилично сум способен"), но наклонуваат кон вториот степен (Табела 4). Кај жените, пак, овие резултати се меѓу првиот („воопшто не сум способна") и вториот степен на скалата („малку сум способна"), M = 1,86 и M = 1,89, наклонувајќи силно кон вториот степен.

### Табела 4. Родовиот јаз во внатрешната ефикасност

| | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| Колку сметате дека сте способни да земете активно учество во група што се занимава со политички прашања? (1 „воопшто не сум способен/на" – 5 „целосно сум способен/на") | 2.33*** | 1.86*** |
| Колку сте уверени во својата способност да учествувате во политика? | 2.39*** | 1.89*** |

*** статистички значајни разлики p < 0,01

Кога се работи за надворешната ефикасност, одговорите на жените остануваат во рамки на истите степени на понудената скала, која е иста со онаа користена во претходното прашање, но кај мажите тие се намалени скоро за третина од еден степен. Така, мажите сметаат дека политичкиот систем многу малку им овозможува на луѓето да влијаат врз она што го прави Владата (M = 2,04) и генерално во

политиката (М = 2,11) (Табела 5). И одговорите на жените натежнуваат кон вториот степен на скалата, односно и тие сметаат дека многу малку им е овозмоожено да влијаат врз она што го прави Владата (М = 1,87) или генерално во политиката (М = 1,85). Овде разликите меѓу мажите и жените се многу мали, односно се нешто поголеми (и статистички значајни) само кога се работи за прашањето колку политичкиот систем овозможува генерално влијание во политиката.

**Табела 5. Родовиот јаз во надворешната ефикасност**

| | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| Во која мера сметате дека политичкиот систем во Северна Македонија им овозможува на луѓето како Вас да имаат влијание врз она што го прави Владата? | 2.04 | 1.87 |
| Во која мера сметате дека политичкиот систем во Северна Македонија им овозможува на луѓето како Вас да имаат влијание во политиката? | 2.11* | 1.85* |

* статистички значајни разлики p < 0,1

Земајќи предвид дека најјасните разлики во политичкото учество меѓу мажите и жените се согледани при анализата на предиспозициите за политичко учество, а поконкретно кај нивоата на самоперципирана внатрешна ефикасност и дополнително кај нивоата на надворешна ефикасност, овој труд продолжува со разгледување на родовиот ефект во рамки на тие два индикатора. Во продолжение, се обидуваме да го процениме родовиот ефект во однос на ефикасноста преку истовремено контролирање на ефектот со повеќе други можни објаснувачки фактори.

## Политичката ефикасност и родовиот јаз: мултиваријантна анализа

### Внатрешна ефикасност

Земено општо, кога се работи за способноста за учество во политика, односно за внатрешната ефикасност, нашиот модел на вкупниот примерок покажува дека родовите разлики се важни и дека опстојуваат дури и при додавање на повеќе можни објасну-

вачки варијабли (Табела 6). Така, жените имаат значително помала внатрешна ефикасност од мажите, ефект кој не ослабува дури и со додавањето на различни демографски, социо-економски и ситуациони варијабли.

### Табела 6. Регресиона анализа: внатрешна ефикасност

| | **МОДЕЛИ: ВНАТРЕШНА ЕФИКАСНОСТ/ СПОСОБНОСТ ЗА ПОЛИТИКА (INTERNAL EFFICACY)** | | |
|---|---|---|---|
| | **Внатрешна ефикасност (сите)** | **Внатрешна ефикасност (мажи)** | **Внатрешна ефикасност (жени)** |
| Жени (референтна категорија: мажи) | **-0.23*** ** | | |
| Возраст | **0.04*** ** | **0.05** ** | **0.03* ** |
| Возраст на квадрат | **-0.001*** ** | **-0.001*** ** | **-0.0004** ** |
| Рурално место на живеење (референтна категорија: урбано) | 0.06 | 0.14 | -0.06 |
| Среден степен на образование (референтна категорија: низок степен) | **0.20** ** | 0.16 | 0.18 |
| Висок степен на образование (референтна категорија: низок степен) | **0.64*** ** | **0.68*** ** | **0.52*** ** |
| Приход на домаќинството | 0.02 | 0.01 | **0.03* ** |
| Невработени (референтна категорија: вработени) | 0.11 | 0.16 | 0.03 |
| Не се на пазарот на труд (референтна категорија: вработени) | 0.02 | 0.09 | -0.06 |
| Албанци (референтна категорија: Македонци) | 0.02 | -0.01 | 0.03 |
| Има интерес за политика (референтна категорија: нема) | **0.95*** ** | **1.05*** ** | **0.74*** ** |
| Информации за политика | 0 | 0 | 0 |
| Нема деца во домаќинството (референтна категорија: има) | 0.01 | -0.15 | 0.14 |
| Живее со партнер/ка (референтна категорија: не живее со партнер/ка) | -0.07 | 0.1 | **-0.19* ** |
| Константа | 1.02*** | 0.73 | 1.04** |
| Број на опсервации | 921 | 430 | 491 |
| R2 | 0.29 | 0.32 | 0.21 |

Степен на значајност: *** p<0.01, ** p<0.05, * p<0.1

Заедно со родот, внатрешната ефикасност е значајно определена и од возраста. Во сите три модели – следејќи ги насоката и интензитетот на двете варијабли поврзани со возраста – можеме да заклучиме дека зголемувањето на возраста најпрво придонесува позитивно кон нивото на внатрешна ефикасност, но презема негативен ефект по одредено ниво. Тоа значи дека возраста има нелинеарна врска со внатрешната ефикасност во обратна-U-форма, при што возраста има најсилен позитивен ефект кај испитаниците од средната доба, умерен кај најмладите испитаници и најнизок кај најстарите. Следејќи ги наодите од првиот модел, ова значи дека нивото на внатрешна ефикасност расте меѓу годините 15 и 38, по што почнува да паѓа од 39-тата година натаму (неприкажано). Така, на пример, испитаниците од 20-годишна возраст имаат просечно повисоко ниво на внатрешна ефикасност од испитаниците на 69 години и повеќе (статистички значајно на $p < 0,01$, неприкажано).

Степенот на образование, исто така, покажува статистичка значајност. Во првиот модел имплементиран на целиот примерок таа значајност се огледува меѓу ниското и средното, како и меѓу ниското и високото ниво на образование. Кај моделите на посебни примероци составени само од мажи и жени, истата разлика е видлива само меѓу ниското и високото образование. Сепак, ефектот е секогаш позитивен – образованието стимулира зголемување на самоперципираната способност за учество во политика.

Приходот на домаќинството е важен за увереноста да се влијае во политиката само кај жените, со пониско ниво на статистичка значајност и со очекуван, позитивен предзнак. Овој наод сугерира дека жените од ранливите категории на приход може да се соочуваат со силни бариери за учество во политиката, за разлика од мажите, кај кои економскиот статус не влијае на истиот начин.

Од друга страна, живеењето во домаќинство со деца не влијае статистички значајно за внатрешната ефикасност ниту кај мажите ниту кај жените. Иако ефектите се во очекуваната насока (кај жените имањето деца дестимулира увереност), тие не се статистички значајни. Воедно, животот во партнерство има статистички значаен ефект повторно само кај жените: жените кои се во партнерска врска се помалку уверени во својата способност да влијаат врз политиката, на пониско ниво на статистичка значајност.

Во сите три модели, ефикасноста е силно и статистички значајно определена од интересот за политика, што е и еден од најконзистентните наоди во политиколошката литература воопшто. Ин-

формирањето за политика, пак, не го следи истиот тренд, односно тој нема статистички значајна поврзаност со внатрешната ефикасност, ниту кај мажите ниту кај жените.

Според нашите наоди, местото на живеење и работниот статус не играат улога за политичкото учество, ниту кај мажите ниту кај жените. Овие наоди се донекаде во спротивност со постојната литература, која претпоставува дека активниот работен статус и живеењето во град се пресликуваат и во поголемо политичко учество. Етничката припадност, која е важна во мултикултурниот контекст на Република Северна Македонија, исто така нема значење за внатрешната политичка ефикасност, односно не постојат значајни разлики меѓу Македонците и Албанците кога се работи за увереноста да се учествува во политиката. Ова е добар показател за мултиетничките општества, во кои малцинствата често искажуваат помали нивоа на партиципација поради негативното влијание на структурните фактори на кои вообичаено се изложени.

### Надворешна ефикасност

Земено општо, кога се работи за надворешната ефикасност, следните три модели покажуваат поинакви резултати (Табела 7). Овде, слично како и во дескриптивната анализа, родовите разлики се мали и не се статистички значајни. Возраста станува статистички значајна – повозрасните испитаници се поскептични за тоа колку политичкиот систем им овозможува да влијаат врз тоа што го прави Владата или да влијаат врз политиката воопшто. За разлика од моделите каде зависна варијабла е внатрешната ефикасност, во моделите поврзани со надворешната ефикасност не го наоѓаме истиот нелинеарен ефект на варијаблата возраст (неприкажано).

### Табела 7. Регресиона анализа: надворешна ефикасност

| | МОДЕЛИ: НАДВОРЕШНА ЕФИКАСНОСТ (EXTERNAL EFFICACY) | | |
|---|---|---|---|
| | **Надворешна ефикасност (сите)** | **Надворешна ефикасност (мажи)** | **Надворешна ефикасност (жени)** |
| Жени (референтна категорија: мажи) | -0.02 | | |
| Возраст | **-0.01***** | **-0.01***** | **-0.01***** |
| Рурално место на живеење (референтна категорија: урбано) | -0.02 | -0.07 | 0.04 |
| Среден степен на образование (референтна категорија: низок степен) | -0.11 | -0.12 | -0.13 |
| Висок степен на образование (референтна категорија: низок степен) | 0.03 | -0.13 | 0.15 |
| Приход на домаќинството | **0.04***** | **0.03**** | **0.06***** |
| Невработени (референтна категорија: вработени) | **-0.21***** | -0.194 | **-0.21**** |
| Не се на пазарот на труд (референтна категорија: вработени) | -0.1 | -0.14 | -0.08 |
| Албанци (референтна категорија: Македонци) | 0 | -0.05 | 0.08 |
| Има интерес за политика (референтна категорија: нема) | **0.70***** | **0.69***** | **0.78***** |
| Информации за политика | **0.001**** | **0.001*** | **0.001*** |
| Нема деца во домаќинството (референтна категорија: има) | 0.1 | 0.09 | 0.1 |
| Живее со партнер/ка (референтна категорија: не живее со партнер/ка) | -0.06 | 0.01 | -0.13 |
| Константа | 2.06*** | 2.23*** | 1.90*** |
| Број на опсервации | 920 | 432 | 488 |
| R2 | 0.23 | 0.23 | 0.24 |

Степен на значајност: *** p<0.01, ** p<0.05, * p<0.1

Од друга страна, некои од социо-економските варијабли добиваат поголемо значење во овие модели. Приходот на домаќинството има позитивна врска со перцепцијата за надворешната ефикасност на системот – испитаниците со повисок приход перципираат и повисока отвореност на политичкиот систем за барањата на граѓаните.

Ефектот е ист и за мажите и за жените, и во сите три модели, но има повисок интензитет кај жените. Ова значи дека поголемата економско-социјална сигурност позитивно влијае врз перцепцијата на жените дека нивното политичко учество е овозможено од Владата или од политичкиот систем. Од друга страна, невработените жени имаат сосема спротивна перцепција (во споредба со вработените жени), наод кој говори за навистина високото значење на овој вид индикатори. Додека на ниво на целиот примерок негативниот ефект на невработеноста е ист како и во моделите со потпримерок составен само од жени, во потпримерокот само од мажи тој не е статистички значаен.

Интересот за политика и овде е силен предиктор на ставовите за надворешна ефикасност, во истата насока, со статистички значаен ефект. Во овие модели и информирањето за политика е значајна варијабла – колку е тоа поголемо, толку се попозитивни ставовите на целиот примерок, и на мажите и на жените одделно, дека луѓето може да влијаат врз она што го прави Владата и дека влијаат врз политиката.

Останатите варијабли, како образованието, местото на живеење (урбано или рурално) и етничката припадност не покажуваат статистички значајни ефекти.

## Заклучоци

Почнувајќи од веќе познатата констатација дека постои родов јаз во политиката во Република Северна Македонија (како и во многу други земји во светот), оваа студија се обиде да опише како тој јаз се манифестира во политичкото учество. Притоа, користевме податоци од 10-тиот бран на Европското општествено истражување (2021 – 2022), целосно искористувајќи ги можностите кои базата на податоци на ЕОИ ги нуди за проценување на јазот, како во врска со неговиот интензитет така и во врска со можните фактори што ги предизвикуваат родовите разлики.

Понудивме прилично сеопфатни податоци кои покажуваат дека жените во Република Северна Македонија генерално помалку учествуваат во политичкиот живот, вклучително како членови на политички партии и во различните форми на политичко учество, како и во однос на понискиот интерес и информирањето за политиката. Сепак, прикажаните разлики во честотата на учество често не се статистички значајни, наод кој упатува на извесно прибли-

жување меѓу жените и мажите во различните форми на политичко учество кои се практикуваат во земјата. Од друга страна, нашата дескриптивна анализа покажа и дека жените и мажите најмногу се приближуваат во однос на гласањето на избори, но и во вреднувањето на политичкиот систем како несоодветен за вклучување на барањата на граѓаните во политичките процеси, односно во нивото на надворешна политичка ефикасност.

Спротивно на последното, нашата анализа покажува јасни и статистички значајни разлики меѓу жените и мажите во однос на довербата во сопствената способност за учество во политика, односно во внатрешната политичка ефикасност. Во овој индикатор, жените како група перципираат значително пониска способност за учество од мажите, наод кој во вториот чекор од анализата го испитавме во контекст на повеќе можни фактори што стимулираат (не-) учество. Нашите мултиваријантни регресиони модели покажуваат дека родот значително ја определува внатрешната ефикасност и дека ефектот опстојува и кога други релевантни фактори се вклучени во анализата. Со оглед на тоа што разликите во нивото на внатрешна ефикасност се најизразени, нашиот генерален заклучок е дека голем дел од родовиот јаз се должи токму на разликите во нивоата на внатрешна ефикасност.

Забележавме и внатрешни родови ефекти на дел од испитаните социо-економски фактори. Повисоките приходи на домаќинствата играат позитивна улога за зајакнување на внатрешната и надворешната ефикасност кај жените (а во однос на надворешната ефикасност истото важи и на ниво на целиот примерок и посебно кај мажите). Воедно, невработеноста кај жените влијае негативно во поглед на зајакнувањето на надворешната ефикасност (а истото важи на ниво на целиот примерок, но не и посебно кај мажите). Овие наоди покажуваат дека социо-економските фактори се важни за политичкото учество, но и дека се поважни за зајакнувањето на учеството на жените, повеќе од тоа што е случај со учеството на мажите.

Што ни кажуваат сите овие наоди за можностите за намалување на родовиот јаз во земјата? Прво, извесно е дека јазот би се намалил доколку кај групата жени се подигне перцепцијата за зајакнати внатрешни капацитети за учество, како и за самите вештини за политичко учество. Второ, и поврзано, тоа би можело да се направи со активности што водат кон подигнување на индивидуалните политички компетенции кај жените. Повеќе општествени актери би можеле да се вклучат во таков потфат – почнувајќи од образовните

институции, приватните општествени актери какви што се невладините организации, приватните компании, но и политичките партии, кои се едни од најважните субјекти за политичка социјализација на граѓаните. Следствено, таквото подигнување на внатрешните компетенции за политичко учество би било најефикасно доколку претставува заеднички споделена агенда кај споменатите актери. Трето, се чини и дека постои потреба за зајакната едукација во однос на различните модалитети за политичко учество кај жените, со цел намалување на јазот во рамките на оние модалитети каде што е најизразен. Потребата за политичко образование и зајакнување на граѓанските партиципативни вештини на ниво на целата популација е веќе идентификувана во земјата (види: Дамјановски и др. 2023).

Оваа студија претставува обид статистички да се процени родовиот јаз во политичкото учество на ниво на целата популација во Република Северна Македонија. Дополнително, студијата е една од ретките кои нуди аргумент за коренот на тој јаз, посочувајќи ги различните нивоа на самоперципираната способност за учество во политика кај жените и кај мажите, како една од главните причини за воочените родови разлики во учеството. Се надеваме дека наодите ќе им послужат на засегнатите страни – во прв ред, на државните институции, но и на приватните субјекти кои работат во областа – за понатамошно намалување на јазот во политичкото учество меѓу жените и мажите во земјата.

## Референци


Balch, G. I. (1974). Multiple Indicators in Survey Research: The Concept “Sense of Political Efficacy”. *Political Methodology, Vol. 1,* No. 2 (Spring 1974), pp. 1-43.

Башевска, М. (2023). *Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022.* Министерство за труд и социјална политика и Државен завод за статистика.

Burns, N., Schlozman, K. L., & Verba, S. (2009). The private roots of public action: Gender, equality, and political participation. In *The Private Roots of Public Action*. Harvard University Press.

Вистиномер. (2023). АНАЛИЗА: Родова (не)еднаквост: жени vs мажи според пари, моќ и знаење. Вистиномер, 1 август 2023. <https://vistinomer.mk/analiza-rodova-neednakvost-zheni-vs-mazhi-spored-pari-mokj-i-znaenje/> пристапено на: 8 октомври 2023.

Verba, S., Burns, N., & Schlozman, K. L. (1997). Knowing and caring about politics: Gender and political engagement. *The journal of politics, 59*(4), 1051-1072.

Dalton, R. J. (2008). Citizenship norms and the expansion of political participation. *Political studies, 56*(1), 76-98.

Дамјановски, И., Марковиќ, Н., Спасов, А. (2023). *Анализа за политичко образование во Северна Македонија*. Скопје: Фондација за демократија Вестминистер.

Ивaноски, В. и Поповски, Д. (2021). *На збор сите се за жени во политиката, а политиката е без жени.* Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија. 15 октомври 2021. <https://scoop.mk/%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80-%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B0/> пристапено на: 8 октомври 2023.

Inglehart, R., & Norris, P. (2003). *Rising tide: Gender equality and cultural change around the world.* Cambridge University Press.

Институт Охрид, Бинда, Ф., и Национален демократски институт (НДИ) (2020). *Насилство врз жените во политичките партии во Северна Македонија.* Институт Охрид, НДИ и УСАИД. <https://www.ndi.org/sites/default/files/Win%20with%20Women%20VAW-PP%20Assessment%20Report%20MK.pdf> пристапено на: 8 октомври 2023.

Јакимовска, Ј. (2022). *Ќе ни треба половина век за жените да станат рамноправни во власта.* Радио Слободна Европа. 26 јануари 2022. <https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D1%9C%D0%B5-%D0%BD%D0%B8-%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B4%D0%B0-%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D1%82-%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BD%D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%BB%D0%B0%D1%81%D1%82%D0%B0/31663506.html> пристапено на 8 октомври 2023.

Јовевска Ѓорѓевиќ, А. и Јанеска. С. (2020). *Суштинско или стерилно: Застапеноста на жените во собраниските состави на Република Северна Македонија (1990 – 2020).* Краток документ за јавна политика бр. 31/2020 Институт за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС). <https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/Kratok_dokument_za_javna_politika_Br.31_2020_SustinskoiliSterilno.pdf> пристапено на: 8 октомври 2023.

Kaminska, O. (2023) *Guide to Using Weights and Sample Design Indicators with ESS Data. V1.2.* European Social Survey. <https://stessrel-pubprodwe.blob.core.windows.net/data/methodology/ESS_weighting_data_1_2.pdf> пристапено на: 8 октомври 2023.

Karp, J. A., & Banducci, S. A. (2008). When politics is not just a man’s game: Women’s representation and political engagement. *Electoral studies, 27*(1), 105-115.

Клековски, С. (2009). *Односот кон традиционалните/секуларните вредности.* Скопје: МЦМС.

Клековски С., Кржаловски А., и Стојанова, Д. (2011). *Македонски општествени вредности.* Скопје: МЦМС.

Колозова, К. и Савовска, М. (2019) Студија: *Политичко учество на жените во Северна Македонија.* Во: Фондација за демократија на Вестминстер. Политичкото учество на жените во Северна Македонија. стр. 9–44. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Коруновска, Н., Србијанко, Ј. К., Илиќ, С., Малеска, Т. (2015). *Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија.* Скопје: Реактор.

Campbell, A., Gurin, G., & Miller, W. E. (1954). *The voter decides.* Row, Peterson, and Co.

Coffé, H., & Bolzendahl, C. (2010). Same game, different rules? Gender differences in political participation. *Sex roles, 62,* 318-333.

Марковиќ Н., Мисев В., Трошановски, М., Поповиќ М., (2013): *Политичката култура во Македонија, извештај за националното теренско истражување.* Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Мукоска, А. и Јованова, Е. (2019). *Улогата и влијанието на клубот на пратенички врз градењето на натпартиска соработка во Собранието.* Во: Фондација за демократија на Вестминстер. Политичкото учество на жените во Северна Македонија. стр. 115–153. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Norris, P. (2002). *Democratic Phoenix: Reinventing Political Activism.* Cambridge: Cambridge university press.

Paxton, P., Kunovich, S., & Hughes, M. M. (2007). Gender in politics. *Annu. Rev. Sociol., 33,* 263-284.

Петрова, Б. (2019). *Социо-економски фактори и нивното влијание врз политичкото учество на жените во Република Северна Македонија.* Во: Фондација за демократија на Вестминстер. Политичкото учество на жените во Северна Македонија. стр. 199–240. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Поддршка за изборните реформи. (2021). *Мешана слика за родовата еднаквост во контекст на локалните избори од 2021 година.* Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). <https://electoralreforms.mk/wp-content/uploads/2022/06/%D0%9C%D0%9A-%D0%A1%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%87%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%

BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%86%D0%B5%D1%81%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%A1%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf> пристапено на: 8 октомври 2023.

Portney, Kent E., Eichenberg, Richard C. and Niemi, Richard G. (2009) *Gender differences in political and civic engagement among young people,* Paper prepared for presentation at the annual meeting of the American Political Science Association, Toronto, Canada, September 3-6, 2009.

Rae Atkeson, L., & Rapoport, R. B. (2003). The more things change the more they stay the same: Examining gender differences in political attitude expression, 1952–2000. *Public opinion quarterly, 67*(4), 495-521.

Schlozman, K. L., Burns, N., & Verba, S. (1999). "What Happened at Work Today?": A multistage model of gender, employment, and political participation. *The Journal of Politics, 61*(1), 29-53.

Топузовска Латковиќ, М. (2019). *Положбата и моќта на жените како членови на управни одбори во македонското бизнис-опкружување.* Во: Фондација за демократија на Вестминстер. Политичкото учество на жените во Северна Македонија. стр. 50-82. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Wängnerud, L. (2009). Women in parliaments: Descriptive and substantive representation. *Annual Review of Political Science, 12,* 51-69.

# ДОДАТОК 1

| Варијабла | Број на опсервации | Минимум | Максимум | Средна вредност | Стандардно отстапување | Кодирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 1.429 | 1 | 2 | 1.5 | 0.5 | 1 = машки, 2 = женски |
| Возраст | 1.413 | 15 | 89 | 43.2 | 15.37 | Од ниска кон висока возраст |
| Место на живеење | 1.428 | 1 | 2 | 1.46 | 0.5 | 1 = урбано, 2 = рурално |
| Образование | 1.425 | 1 | 3 | 1.97 | 0.66 | 1 = ниско, 2 = средно, 3 = високо |
| Приход на ниво на домаќинство | 1.092 | 1 | 10 | 4.83 | 2.65 | Од низок кон висок приход |
| Работен статус | 1.423 | 1 | 3 | 1.79 | 0.87 | 1 = вработени, 2 = невработени, 3 = не се на пазарот на труд |
| Етничка припадност | 1.299 | 1 | 2 | 1.17 | 0.37 | 1 = Македонци, 2 = Албанци |
| Интерес за политика | 1.415 | 0 | 1 | 0.23 | 0.42 | 0 = низок интерес за политика, 1 = висок интерес за политика; одговор на прашањето: „Колку сте заинтересирани за политика?“ со можни одговори: „многу заинтересиран/а“, „прилично заинтересиран/а“, „малку заинтересиран/а“ и „воопшто незаинтересиран/а“. Варијаблата е рекодирана во бинарна, каде 0 значи „малку заинтересиран/а“ или „воопшто незаинтересиран/а“, а 1 значи „многу или прилично заинтересиран/а“. |

| Варијабла | Број на опсервации | Минимум | Максимум | Средна вредност | Стандардно отстапување | Кодирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Информации за политика | 1.398 | 0 | 1.44 | 113.3 | 129.53 | Од мал број кон голем број на минути; одговор на прашањето: „Во еден типичен ден, колку време поминувате во гледање, читање или слушање вести за политика и актуелни случувања?“, одговорот е даден во минути |
| Деца | 1.412 | 1 | 2 | 1.43 | 0.5 | 1 = испитаникот/чката нема деца со кои живее во исто домаќинство, 2 = испитаникот/чката има деца со кои живее во исто домаќинство |
| Живее со партнер/ка | 1.425 | 1 | 2 | 1.62 | 0.49 | 1 = испитаникот/чката не живее во исто домаќинство со партнер/ка, 2 = испитаникот/чката живее во исто домаќинство со партнер/ка |
| Внатрешна ефикасност | 1.397 | 1 | 5 | 1.92 | 1.05 | Од ниска кон висока. Композитна варијабла составена од одговори на следните прашања: „Колку сметате дека сте способни да земете активно учество во група што се занимава со политички прашања?“ (можни одговори: „Воопшто не сум способен/а“, „Малку сум способен/а“, „Прилично сум способен/а“, „Многу сум способен/а“, „Целосно сум способен/а“) и „Колку сте уверени во својата способност да учествувате во политика?“ (можни одговори: „Воопшто не сум уверен/а“, „Малку сум уверен/а“, „Прилично сум уверен/а“, „Многу сум уверен/а“, „Целосно сум уверен/а“). Cronbach's Alpha = 0,89. |
| Надворешна ефикасност | 1.387 | 1 | 5 | 1.88 | 0.84 | Од ниска кон висока. Композитна варијабла составена од одговори на следните прашања: „Во која мера сметате дека политичкиот систем во Северна Македонија им овозможува на луѓето како Вас да имаат влијание врз она што го прави Владата?“ и „Во која мера сметате дека политичкиот систем во Северна Македонија им овозможува на луѓето како Вас да имаат влијание во политиката?“ (можни одговори: „Воопшто не“, „Многу малку“, „Донекаде“, „Многу“, „Исклучително многу“). Cronbach's Alpha = 0,74. |

# **КОН МАПИРАЊЕ НА РОДОВИОТ ЈАЗ ВО ПОЛИТИЧКОТО УЧЕСТВО:** ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА ДОБА И ОДРЕДЕНИ ЛИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ ПОЛИТИЧКАТА АКТИВНОСТ КАЈ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

---

**Билјана Котевска**

# Вовед

Гледана низ призма на правната рамка (Kotevska & Pavlou, 2023) и низ практиката (European Institute for Gender Equality, 2022a), родовата еднаквост во политичкото учество останува предизвик за сите земји во Европа, а и во светот (IPU and UN Women, 2023). Таква е ситуацијата и во Република Северна Македонија (Македонија). Според Индексот за родова еднаквост, кога станува збор за доменот „Моќ" кој ја мери застапеноста на жените на клучни позиции на моќ, Македонија котира подобро од просекот на земјите членки на Европската Унија, со 3,6 поени повеќе од просекот во ЕУ (Башевска, 2023, стр. 28). Но, како што се вели и во самиот Индекс изработен за земјата за 2022 година, оваа позиција кажува повеќе за големите нееднаквости во застапеноста на позиции на моќ во земјите членки на ЕУ отколку за висок степен на родова еднаквост кај нас (Башевска, 2023, стр. 28). Дополнително, важно е да се нагласи и дека дури и во рамки на доменот „Моќ", со 1,7 поени помалку од просекот во ЕУ, земјава заостанува во поддоменот политичка моќ, односно застапеноста на жените на клучни позиции во парламентот, во Владата и во локалната власт (Башевска, 2023, стр. 28).

Ваквите резултати не доаѓаат како изненадување. Скоро сите парламентарни и локални избори и секој нов состав или реконструкција на Владата во последниве десет и повеќе години е проследен најпрво со силни барања за родова еднаквост меѓу предложените кандидати (на пример, Блажевски, 2021; Вељановски, 2017), по што редовно следува бран на јавно разочарување дека пак сме завршиле со ист резултат, односно со поразително мал број на министерки и градоначалнички, како и дека сѐ уште немаме претседателка на државата, владата или парламентот на земјава (на пример, Јакимова, 2022; Стојанчова, 2021). Значителниот напредок што е постигнат во последниве скоро дваесет години се должи на воведувањето на

квотите на избирачките листи (Коруновска et al., 2015, стр. 5) и на фактот што земјата сè уште има пропорционален изборен модел, иако со неповолно голем број на изборни единици (Атанасов et al., 2022, стр. 43). Таму каде што застапеноста треба да дојде како производ на политичка свесност и заложба, ја нема.

Сепак, учеството на жените директно во процесите на донесување одлуки било почесто во центарот на интерес и на внимание во истражувањата кај нас (на пример, (Јовевска Ѓорѓевиќ & Јанеска, 2020; Коруновска et al., 2015; Фондација за демократија на Вестминстер, 2019).[1] Според податоците од 10-тиот бран на Европското општествено истражување (ЕОИ), луѓето во Македонија имаат многу помал интерес за политика во споредба со европскиот просек, односно во Македонија 56,5% се многу, прилично или малку заинтересирани, а 43,6% се воопшто незаинтересирани за политика, додека во просекот од сите земји опфатени во истражувањето 82,9% се многу, прилично или малку заинтересирани, а 17,2% воопшто не се заинтересирани за политика (Наумовска, 2023). Но оваа голема разлика со директно изразениот интерес за политика не се пресликува кога се во прашање конкретни видови на политичко учество. На пример, наодите за гласање на избори, блискост до политичка партија и учество на јавни протести укажуваат на многу блиски резултати[2] помеѓу наодите во Македонија споредено со просекот од сите земји опфатени во истражувањето (Наумовска, 2023). Во врска со ваквото политичко учество, родовиот јаз во политичката активност на жените како граѓанки, и факторите што влијаат врз неа се помалку истражени, оставајќи ги нецелосно мапирани обемот и природата на родовиот јаз во врска со политичкото учество и факторите кои го формираат. Покрај ова, иако на глобално ниво литературата што ги разгледува факторите кои придонесуваат за родовите јазови во контекст на различни прашања, вклучително и во политичкото учество (види дел 1, подолу) покажува дека клучни животни настани како што се стапување во партнерство и живеење со деца имаат силно формативно влијание врз животот на жените, досега во Македонија не било разгледувано политичкото учество

1 Важно е да се спомене и дека државата досега нема финансиски поддржано ни едно истражување кое би ги истражило длабински причините за родовите разлики во врска со учеството во политичкиот живот.

2 На пример, блискост до политичка партија е 43.7% во Македонија споредено со 44.1% просек од сите земји; учеството на протести е 8.8% во Македонија споредено со 9.8% просек од сите земји (Наумовска, 2023); на последните избори гласале 79.5% од испитаниците во Македонија споредено со 70.3% просек од сите земји (пресметано со податоците од ESS10, n.d.).

низ призма на овие животни доба. Во врска со ова, не е разгледано ни влијанието на различни лични карактеристики, кои исто така може да дејствуваат како формативни фактори, како што се етничка припадност, возраст, степен на образование или рурална/урбана средина. Оттука и потребата од овој труд.

Овој труд се фокусира на идентификување на факторите што ги формираат родовите разлики во врска со политичкото учество, што ги разгледува во две групи. Прво, трудот се фокусира на тоа дали и во која насока е влијанието на животната доба во кое лицето се наоѓа, во рамките на што ги разгледува родовите разлики што произлегуваат од тоа дали лицето живее со родители, живее со партнер/ка, живее со деца. Второ, трудот разгледува дали и во која насока е влијанието на некои од личните карактеристики на лицето, и тоа образование, возраст, етничка припадност и дали живее во рурална или во урбана средина.

Примарната појдовна точка за изработката на овој труд беа податоците од 10-тиот бран на ЕОИ, кое за прв пат беше спроведено во Македонија помеѓу октомври 2021 година и март 2022 година, заедно со 31 друга европска земја (Институт за социолошки и политички и политичко-правни истражувања, 2023). Повеќе детали во врска со податоците врз основа на кои се работеше овој труд и пристапот кон нивната обработка е даден подолу, во делот „Истражувачки методи“. По методите, трудот дава преглед на главните наоди и ги анализира, по што изведува главни заклучоци и препораки за главните чинителки и чинители, во рамките на кои вклучува и препораки за можни идни истражувачки насоки. Основата за целиот труд претставуваше прегледот на постоечката литература, кој помогна за определување на фокусот на трудот и за интерпретацијата на главните наоди. Оттука, тоа е и првата точка во фокус на трудот.

## 1. Политичкото учество и родовите разлики во постоечката литература

Нееднаквата активност и вклученост во политиката на жените се објаснува низ многу различни фактори. Кваранта и Доти Сани ги резимираат главните аргументи за ова во три групи: процеси на социјализација, ситуациски фактори и структурни фактори (Quaranta & Dotti Sani, 2018). Процесите на социјализација кажуваат

дека жените и мажите се различно социјализирани, што придонесува за рано почнување на создавањето на јазот кај момчињата и девојчињата од најрана возраст, т.е. уште од детството. Така, на пример, девојчињата се социјализирани дека нивните животи треба да се дел од приватната сфера, во домот, што не е случај со момчињата. Според ситуациските фактори, во кои Кваранта и Доти Сани ги вбројуваат обврските околу домот и семејството, обврските за грижа итн., различните ситуациски фактори што вообичаено фигурираат во животите на жените и на мажите влијаат врз нивната активности (Quaranta & Dotti Sani, 2018, стр. 4). На пример, жените се грижат во значително поголем дел за домаќинството и за лицата на кои им е потребна нега. Во структурни фактори влегуваат социо-економските фактори и ресурсите што им се на располагање на едните и на другите, како што се образование, приход, мрежи на контакти (Quaranta & Dotti Sani, 2018, стр. 4). На пример, жените имаат во просек пониски работни позиции и пониски плати, со тоа и помали финансиски средства и помали мрежи или пристап до мрежи кои традиционално се важни за политичката активност.

Една од основните претпоставки за која се смета дека го диктира политичкото учество, покрај внатрешните вредности и очекуваните норми во општеството во врска со тоа што значи да се биде добра граѓанка или граѓанин, е дека за истото се потребни ресурси, како што се време, контакти, финансиска моќ или социјална сигурност. Бидејќи Македонија е дел од т.н. „поранешен комунистички блок“, за очекување е дека нормите во општеството за тоа што значи да се биде добра граѓанка или граѓанин нема да се пресликуваат во пракса односно дека нема интернализираност на вредностите и нормите што се проповедаат (Marquart-Pyatt & Paxton, 2007). Оттука, во врска со политичкото учество во македонскиот контекст, за авторката беше поинтересен фокусот на ресурсите и на други лични карактеристики преку кои може дополнително да се објасни пристапот до ресурси. Според литературата, треба да се очекува дека, со текот на времето, како и со поголема вклученост на лицата во работни активности, лицата се стекнуваат со поголеми ресурси, како што се финансии и мрежа на контакти, и вештини од кои може да се очекува да резултираат со поголема вклученост во политиката, со тоа што динамиката и обемот на истото ќе зависи и од процесите на социјализација и од ситуациските фактори, но и од тоа дали и колку ќе дојде до загуба на други ресурси, на пример, на време, односно загуби поради поголема вклученост во неплатен

труд. Поради ова, може да се очекува дека жените и мажите ќе се развиваат на различен начин, односно дека различните животни доба ќе имаат различно влијание врз нивното политичко учество (Quaranta & Dotti Sani, 2018, стр. 4–5).

Според наодите од други земји, напуштањето на родителскиот дом може, но не мора, да прави разлика за интересот и за начините на политичко учество. Имено, иако би се очекувало дека самостојниот живот би го зголемил интересот за политика и за политичка вклученост, напуштањето на родителскиот дом е вообичаено проследено со поограничени финансиски ресурси, а и времето како ресурс треба да се троши и на работи што произлегуваат од независното живеење. Свое влијание врз ова би можеле да имаат и структурните фактори, односно дали и колку државата им дава поддршка на младите за излегување од родителскиот дом и за започнување на независен живот, како и процесите на социјализација, односно дали и колку се придава важност на формирање семејство, на наоѓање партнер или партнерка, добивање деца, стабилна работа и друго. Понатаму, се очекува дека формирањето на партнерство ќе дејствува врз зголемување на ресурсите, како што се финансии, мрежа и интерес за политика, но намалување на ресурсот време, особено кај жените кај кои неплатениот труд околу домот се зголемува кога ќе започнат заеднички живот со партнер, додека кај мажите се намалува. Со доаѓањето на децата, очекувањето е дека постои зголемен интерес за политика, зголемени мрежи на контакти поради динамиката на процесите на социјализација помеѓу лица со деца на местата за рекреација, грижа, социјална заштита и образование на децата. Но, очекувањето е и дека поради грижата за децата лицата ќе имаат помалку време за други активности кои не се врзани со децата, особено додека се помали. Додека жените често го напуштаат работното место привремено или трајно и целосно се свртуваат кон грижа за децата и домаќинството, кај татковците тоа не е случај. Оттука, Кваранта и Доти Сани заклучуваат дека жените повеќе ги приспособуваат своите секојдневни животи поради доаѓањето на свет на дете отколку мажите (Quaranta & Dotti Sani, 2018, стр. 7).

Дел од овие динамики стануваат важни во контексти каде што има период на независно живеење пред да се стапи во партнерство или пред да се имаат деца, како и каде што има јасна фаза на т.н. „празно гнездо“, односно кога младите заминуваат од домот за да започнат независен живот. Но, младите во Македонија се иселуваат многу доцна од родителските домови и, по Хрватска и Црна Гора, живеат најдолго со родителите споредено со ЕУ-земјите и земјите

од т.н. „Западен Балкан“ – до 31,4 години во просек; жените во Македонија живеат со родителите до 27,4 години, додека мажите до 35,8 години (Eurostat, 2020). Според податоците од 2023 година на Државниот завод за статистика, просечната возраст за склучување прв брак кај жените е токму 27,4 години, додека кај мажите е 29,9 години (Државен завод за статистика, 2023). Жените во најголем дел го напуштаат домот со стапувањето во брак и сè уште се приклучуваат кон родителскиот дом на мажот, а мажите не се иселуваат ни откако ќе стапат во брак. Оттука, во Македонија е мал просторот за животна доба помеѓу иселување од домот на родителите и стапување во партнерство, и речиси нема простор за фазата „празно гнездо“. Оттука, фазата празно гнездо не е земена предвид во овој труд, а како животни фази се разгледуваат фазите на живот со родителите наспроти независен живот (пред стапување во партнерство и/или деца), живот со партнер/ка и живот со партнер/ка и со деца.

Покрај учеството по животни доба, од постоечката литература може да се утврди и насока за факторите што влијаат врз политичкото учество на лицата. Нееднаквостите во општеството се рефлектираат и како нееднаквости во врска со политичкото учество. Така, очекувањето би било дека колку е поголем степенот на образование, толку е поголемо учеството (Burns et al., 1997, стр. 382; Voorpostel & Coffe, 2012, стр. 36). Во поглед на возраста, ова се одразува така што активноста е помала кај младите и кај постарите лица, додека поголема е кај средовечните лица, односно со зголемување на возраста расте и политичкото учество, по што повторно почнува да опаѓа (Badescu & Neller, 2007, стр. 159). Очекувано е лицата кои живеат во урбани средини да се политички поактивни од лицата кои живеат во рурални средини (Teorell et al., 2007, стр. 397). Овие се општите тенденции и кај жените и кај мажите, со тоа што треба повторно да се земат предвид ситуациските и структурните фактори и процесите на социјализација, наведени погоре.

Со оглед на македонскиот контекст, корисен концепт може да биде и концептот на политичка ефикасност[3]. Тој е разгледан во трудот „Родовиот јаз во политичкото учество и внатрешната политичка ефикасност“ на Јован Близнаковски и Анета Цекиќ во оваа збирка,[4] поради што не е во фокус на овој труд. Во општества како македонското, каде ‘расата’ (во која спаѓа и етничката припадност)

3 Концептот „efficacy“ некогаш се преведува и како „способност“. Авторката избира да го користи како „ефикасност“.

4 Види „Родовиот јаз во политичкото учество и внатрешната политичка ефикасност“ во оваа збирка.

како однос на моќ има силно влијание, значаен објаснувачки концепт може да биде концептот „расна ефикасност“.[5] Овој концепт е скован од Феникс и Чан и се користи за да го „определи степенот на верување на лицата дека нивната ‘расна’ ин-група[6] има доволно влијание врз исходите од процесите на владеење во земјата во која живеат“ (Phoenix & Chan, 2022, стр. 1). Притоа, ‘расата’ како концепт ги опфаќа и етничката и религиската припадност, како и бојата на кожа, а може да го опфати и државјанството (Farkas, 2016).

Концептот на „расна ефикасност“ е релевантен за македонскиот контекст од две причини. Прво, може да помогне при анализите на ефикасноста кај Ромките и Ромите. Второ, поради елементите на споделена моќ во политичкиот систем на земјата, може да се очекува дека може да се следат динамиките на односите на моќ во општеството во врска со ‘расата’, каде влегува и етницитетот помеѓу двете најголеми етнички групи – македонската и албанската. Феникс и Чан поаѓаат од концептот на колективна ефикасност со чија помош се следи „перцепцијата за тоа дали колективен чинител, на кој индивидуата му припаѓа, е способен да ги постигне посакуваните исходи“ (Lee, 2010, стр. 393, како во Phoenix & Chan, 2022, стр. 2). Поврзувајќи го ова со теоријата за општествена когнитивност, според која лицата формираат когнитивно сознание за ефикасноста врз основа на нивните сопствени искуства, опсервации и претходно знаење, тие заклучуваат дека треба да се очекува дека сознанијата за ефикасност би биле во голема мера условени од ‘расата’ (Phoenix & Chan, 2022, стр. 2). Ова е во насока и на тврдењата на Алпорт, според кои „познатото често станува вредност“ (Allport, 1979, стр. 29).

Оттука, може да се заклучат три работи. Прво, треба да се очекува дека животните искуства би биле диктирани од ‘расата’ како однос на моќ во општеството. Второ, треба да се очекува дека

5 Користењето на терминот „раса“ во овој труд е во наводници со цел одбивање на позициите кои тврдат дека постојат корелации помеѓу фенотипичните и генотипичните разлики помеѓу луѓето, односно „нема корелација со генотипичноста, ниту пак други суштински систематски разлики во врска со интелигенцијата или карактерните личности помеѓу луѓето какви што обично се врзуваат со “расата”.“ Извор: Билјана Котевска, Стереотипи, предрасуди и дискриминација во образованието: фокус на учебниците за основно образование (КСЗД и ОБСЕ, 2016) стр.29 и извор цитиран таму: Инфед, ’Race’ and difference in developing practice in lifelong learning, http://infed.org/mobi/race-and-difference-developing-practice-in-lifelong-learning/.

6 „Ин-група“ е група на која лицето смета дека ѝ припаѓа, односно „членовите на ин-групата кога го користат ние, го користат, во суштина, со истото значење“ (Алпорт 1979, 31-32).

дескриптивната репрезентативност, во комбинација со други јавни знаци кои укажуваат на поголемо влијание врз политиката и донесувањето на одлуки во една земја, ќе влијаат позитивно врз политичката ефикасност на лицата кои традиционално биле исклучени како резултат на дејствувањето на ваквите односи на моќ во општеството. Трето, може да се очекува дека ќе има култивирано поголемо ниво на верба дека е потребна колективна активност со цел да се постигнат позитивни резултати за сопствената група, „ин-групата". Ова би се очекувало и како резултат на борбата за унапредување на сопствената еднаквост, или пак, како одговор на перципирана загрозеност на сопствената доминација во општеството, односно примерот кој Феникс и Чан го даваат во контекст на Соединетите Американски Држави е зголемена верба кај афро-американското население дека имаат влијание врз процесите на донесување на одлуки, од една страна, и истовремено зголемено чувство на загрозеност за сопствената доминантна позиција кај белото население, од друга страна. Ова значи дека едната група се гледа себеси како повеќе политички ефикасна, додека другата група сè уште се гледа себеси како политички доминантна и е мотивирана да учествува во политичките процеси со цел да ја зачува својата довчерашна доминантна позиција.

## 2. Истражувачки методи

Примарната појдовна точка за изработката на овој труд беа податоците од 10-тиот бран на ЕОИ, кое за прв пат беше спроведено во Македонија меѓу октомври 2021 година и март 2022 година, заедно со 31 друга европска земја (Институт за социолошки и политички и политичко-правни истражувања, 2023). Врз основа на веќе-објавените податоци од ЕОИ, првичните пресметки направени од Анета Цекиќ и Јован Близнаковски, како и прегледот на постоечката литература во врска со политичкото учество која се користи со податоци од ЕОИ, авторката утврди насока – цел, хипотези, варијабли и прашања, за изработка на модели преку кои ќе може да се увидат родовите разлики меѓу жените и мажите и особено внатре во самата група на жени.

Главна цел на ова истражување беше да придонесе кон мапирањето на родовиот јаз во политичкото учество преку утврдување на промените во врска со политичкото учество во зависност од две главни групи на фактори: (1) животната доба кај жените и мажите и (2) лични карактеристики кај мажите и жените, и тоа етничка припадност, образование, возраст и рурална/урбана средина.

Според прашањата на ЕОИ, како независни варијабли во врска со првиот кластер беа разгледувани следните: живеење во исто домаќинство со родител/родители,[7] живеење во исто домаќинство со партнер/ка[8] и живеење во исто домаќинство со деца.[9] Како зависни варијабли, пак, беа разгледувани интерес за политика, гласање на избори, блискост до партија и учество на протести во последната година. Истите зависни варијабли беа разгледувани и во вториот кластер, но низ призма на следните лични карактеристики кај мажите и жените: етничка припадност, образование, возраст и рурална/урбана средина.

Близнаковски и Цекиќ ги направија моделите и ги изведоа пресметките. Беа изготвени вкупно  осум модели, по два за секоја зависна варијабла на примероци од мажи и жени посебно. Моделирањето кое се користи е логистичка регресија каде сите зависни варијабли се кодирани како бинарни (заинтересираност за политика наспроти незаинтересираност, гласање наспроти негласање, блискост наспроти неблискост до партии, и учество на протест наспроти неучество). Со оглед на тоа што се потпираме на логистичка регресија, во интерпретацијата нема да се коментира интензитетот на ефектот туку само неговата статистичка значајност.

Притоа, можноста за остварување на поставената истражувачка цел беше ограничена од достапните податоци. Имено, не можеше да се оди на разгледување на родовите разлики надвор од доминантното бинационално разгледување на етничката припадност помеѓу Македонци/Албанци или на бинарниот пристап кон родот поради недостиг на податоци.[10]

7 Во прашалникот се наведени како родител, родител на сопруг/а, родител на партнер/ка, посвоител (маќеа, очув).

8 Во прашалникот се наведени како сопруг/а, партнер/ка.

9 Во прашалникот се наведени како син/ќерка (вклучително и посинок, поќерка, посвоено дете, згрижено дете, дете на партнер/ка).

10 По однос на бинационалното разгледување – иако ЕОИ примерокот за самата етничка заедница Роми е достаточен, тоа не е случај ако се сака да се видат родовите разлики, имено да се добијат податоци за Ромките. По однос на родовата бинарност, во ЕОИ анкетата имаше можност само родителите да кажат дали имаат деца кои се самоидентификуваат родово надвор од бинарната рамка. Но, податоци за испитаничката/кот и лицата со кои живее се собираа само за пол, со можност за класификација на лицата како машки и женски.

## 3. Родовиот јаз во политичкото учество во Македонија

Овој дел ги разгледува наодите за родовиот јаз во врска со политичкото учество до кои дојдовме преку анализа на податоците за Македонија од 10-тиот бран на ЕОИ. Прво е даден преглед на наодите за првиот кластер – животна доба, а потоа и за вториот кластер – определени лични карактеристики.

Табеларен преглед на наодите во врска со политичко учество кои се дискутирани во овој дел се дадени во Табела 1.

### Табела 1. Политичко учество кај жени и мажи според животно доба

| | **интерес за политика** | | **гласање на избори** | | **блискост до партија** | | **учество на протест** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **жени** | **мажи** | **жени** | **мажи** | **жени** | **мажи** | **жени** | **мажи** |
| живее со родители (референтна категорија: не живее со родители) | 0.24 | **-0.81**** | -0.7 | **1.03**** | -0.17 | -0.1 | -0.29 | **-0.84*** |
| живее со партнер/ка (референтна категорија: не живее со партнер/ка) | -0.29 | -0.61 | 0.4 | 0.14 | 0.31 | -0.24 | -0.31 | -0.56 |
| живее со деца (референтна категорија: не живее со деца) | 0.38 | **0.74*** | 0 | **1.12**** | **-0.49*** | **0.83**** | 0.55 | 0.89 |
| Албанци (референтна категорија: Македонци) | **0.98***** | **0.81**** | 0.1 | 0.06 | -0.33 | 0.35 | **-2.33**** | -0.2 |
| среден степен на образование (референтна категорија: низок степен на образование) | 0.28 | 0.86 | **0.71*** | **0.96**** | -0.07 | 0.18 | **-1.54**** | -0.79 |
| висок степен на образование (референтна категорија: низок степен на образование) | **1.19**** | **1.48**** | **2.20***** | **1.91***** | 0.39 | 0.23 | -0.1 | -0.79 |
| возраст | **0.04***** | 0.01 | **0.02*** | **0.05***** | **0.02**** | 0 | 0.02 | **-0.03*** |
| рурално место на живеење (референтна категорија: урбано) | 0.02 | **-0.53*** | 0.2 | **0.77**** | 0 | 0.43 | -0.84 | 0.06 |
| константа | -4.27*** | -1.77** | -0.5 | -2.92*** | -1.29* | -0.67 | -2.08 | 0.42 |
| опсервации | 338 | 277 | 337 | 267 | 326 | 264 | 338 | 271 |

Степен на значајност: *** p<0.01, ** p<0.05, * p<0.1

Извор: Податоци од Европско општествено истражување – 10 бран, податоци за Република Северна Македонија, процесирани од Јован Близнаковски и Анета Цекиќ за изработката на овој труд.

### 3.1. Кластер 1: родовиот јаз во политичкото учество и животното доба

Овој дел дава преглед на наодите за родовиот јаз во политичкото учество и животната доба. Како според прегледот на постоечката литература даден во дел 2 од овој труд, прегледот на политичкото учество според животни доба се покажал како добар начин за идентификување на обемот на родовиот јаз кај учеството во политичкиот живот во други национални контексти. Според овој пристап, очекувањето е дека факторите кои овозможуваат пристап до ресурси што може да го помогнат политичкото учество би дејствувале во насока на негово зголемување, со тоа што динамиката со која се стекнуваат и трошат овие ресурси ќе зависи од процесите на социјализација и од ситуациските и структурните фактори. Оттука, во овој дел ќе бидат разгледани наодите за родовиот јаз во врска со политичкото учество во добата живот со родители, живот со партнер/ка и живот со партнер/ка и деца.

Врз основа на постоечката литература, очекувањата се дека откако лицето ќе излезе од родителскиот дом, има поголем интерес за политика поради поголемата независност и новите обврски со кои се соочува поради фактот што повеќе не живее со родителите. Но ова е истовремено проследено и со намалени ресурси – материјални (на пример, не може да смета повеќе на ресурсите од родителите) и други (на пример, време – повеќе време потребно за да се грижи за новиот дом). Доколку овие две промени во ресурсите би се неутрализирале, напуштањето на домот не би требало да направи разлика во политичкото учество ни кај жените ни кај мажите. Во врска со ова, треба да се има предвид и националниот контекст во Македонија, според кој, како што беше дискутирано во делот 2 од овој труд, во Македонија е сè уште ретко искуството да се има посебна фаза на живот како независен живот откако ќе се излезе од родителскиот дом, а пред да се стапи во партнерство. Оттука, реалноста во Македонија често е дека жените сè уште излегуваат од родителскиот дом дури кога стапуваат во партнерство, а со тоа влегуваат во домот на партнерот, кој е најчесто брачен партнер и кој сè уште живее со неговите родители (види дел 2 од овој труд). Ако се имаат предвид процесите на социјализација, според кои социјализацијата за политичко учество кај жените е многу подоцна отколку кај мажите, како и овие контекстуални фактори, не изненадуваат нашите наоди според кои излегувањето од родителскиот дом не прави никаква разлика за политичкото учество кај жените (ова е во насока и на нашите наоди од делот возраст; види дел 3.2.3. подолу).

Кај мажите, пак, се појавуваат разлики. Имено, споредено со мажите кои не живеат со родители, мажите кои живеат со родителите покажуваат помал интерес за политика и за учество на протест, но поголем интерес за гласање на избори. Помалиот интерес за политика и учество на протести кај мажите кои живеат со родителите е во согласност со претпоставките од постоечката литература, додека поголемиот интерес за гласање на избори не е. Доколку на гласањето гледаме како на дел од динамиката на размената помеѓу граѓанките и граѓаните и политичките партии која се јавува во рамки на политичките (изборни) клиенетелистички односи што постојат во земјава (Bliznakovski, 2019; Близнаковски, 2021), тогаш тоа може да е уште еден нивен одраз. Но овој заклучок не може да се потврди, бидејќи е забележливо дека оваа динамика се манифестирала само кај мажите, а не и кај жените, а недостига литература за родовите разлики во врска со клиентелистичките односи, па оттука нема и можност за интерпретација на оваа разлика.[11]

Следната животна фаза која беше разгледана е **животот во партнерство** – брак или вонбрачна заедница. Очекувањето е дека животот во партнерство би резултирал со зголемување на материјалните ресурси, но проследено со други динамики во врска со семејните ресурси кои треба да се имаат предвид при толкувањето. Имено, иако мрежата на контакти расте за двајцата партнери кои влегуваат во заедница, и иако материјалните ресурси се очекува да бидат поголеми во заедница, распоредот на неплатениот труд може да придонесе за зголемување на родовиот јаз во учеството. Имено, за жените, влегувањето во партнерство вообичаено означува почеток на зголемени обврски околу домот и домаќинството, затоа што статистиките покажуваат дека жените сè уште ги извршуваат најголем дел од домашните обврски во домот (European Institute for Gender Equality, 2022b). Оттука, очекувањето е дека животот во партнерство ќе резултира со намалено политичко учество на жените бидејќи тие не само што нема да можат да ги користат овие зголемени ресурси туку и нивниот ресурс време се намалува поради преземањето обврски околу домот што произлегуваат од неговото споделување со уште едно лице. За разлика од жените, за мажите може да се очекува дека ќе може да ги користат зголемените ре-

11 Претпоставка можеме да поставиме според анализа направена за контекстот на Босна и Херцеговина (БиХ). Имено, во БиХ трошокот во врска со клиентелизмот е поголем за мажите отколку за жените. Овој трошок изнесувал 120 евра за мажите и 80 евра за жените (Efendic & Ledeneva, 2019, p. 95). Оттука, можно е помало учество на жените во клиентелистичките односи, но истото не може да се потврди за случајот на Македонија.

сурси, како што се зголемен семеен буџет и зголемени мрежи на контакти. Притоа, иако може да се очекува дека ова ќе се одрази врз сите форми на политичко учество што лицата ги практикувале и пред да стапат во партнерство, треба да се очекува дека лицата кои живеат во заедница, особено ако таа заедница е брачна, би имале поголеми традиционални склоности што се толкува и како поголема склоност за одржување на традиционалните форми на политичко учество, како што се политичките партии. Оттука, би требало да се очекува поголема блискост до политички партии, а намален интерес за учество во протести.

Но, во Македонија, ни кај жените ни кај мажите животот со партнер/ка не прави статистички значајна разлика во врска со политичкото учество, за ниту една од разгледуваните варијабли, односно за интерес за политика, гласање на избори, блискост до партија и учество на протести. Ова може да се толкува низ призма на погоре-споменатото во врска со националниот контекст, односно доцно иселување од родителскиот дом, при што кај жените со стапувањето во партнерство само продолжуваат обврските околу домот и негата кои жената многу веројатно ги имала и пред да замине во партнерската заедница, додека кај мажот, наместо неплатениот труд да го врши мајката, сега го врши партнерката. Во ваков контекст, жената и понатаму нема поминато низ дополнителен процес на социјализација, преку која политичкото учество би добило на значење, додека мажот не стекнува дополнителни ресурси кои значително би му ги подобриле можностите за политичко учество.

Последната посебна животна доба што ја разгледавме беше добивањето деца. Очекувањето е дека доаѓањето на децата треба да има негативно влијание врз учеството во политиката и за мажите и за жените, со тоа што би било значително поизразено кај жените, споредено со оние кои немаат деца. Но во Македонија, додека кај жените скоро и нема никакви промени во врска со политичкото учество откако ќе добијат деца, кај мажите има зголемување на учеството. Единствената разлика што се јавува кај жените како статистички знајачна е дека оние кои имаат деца имаат помала блискост до политички партии споредено со жените кои немаат деца. Кај мажите, пак, се јавува статистички значаен поголем интерес за политика, тие повеќе гласаат на избори и имаат поголема блискост до партија кога живеат со деца, споредено со оние кои не живеат со деца. Ова значи дека, иако не се манифестира со промена во политичкото учество кај жените, доаѓањето на децата има големо влијание врз формирањето на родовиот јаз бидејќи го зголемува уче-

ството на мажите, што може да е плод на традиционалните односи во семејствата, каде што мажот е оној кој работи и треба да обезбеди услови за семејството, кој има јавен живот, додека жената е онаа која се грижи за домот и децата и на која не ѝ е местото во јавниот живот. Оттука, поголемите стекнати ресурси кои вообичаено доаѓаат од социјализацијата што доаѓа со имањето на деца имаат позитивно влијание врз мажите, но не и врз жените.

Оттука, може да се заклучи дека родовиот јаз во политичкото учество е плод на стекнување на нови ресурси кај мажите и стагнација кај жените. Оваа стагнација кај жените произлегува од процесите на социјализација, обрски околу домот, грижа за лица итн., но и од структурните фактори. Оттука, дури и генерално зголемените ресурси кои треба да дојдат со животни фази како што се живот во партнерство, немаат статистичко значајно влијание врз нив. Ако се споредат наодите од Индексот за родова еднаквост за Македонија со другите земји од ЕУ, јасно е дека жените во Македонија посветуваат повеќе време на домаќинството од просекот што го посветуваат жените во ЕУ-земјите. Имено, дури 71,1% од лицата што секојдневно се вклучени во неплатени домашни активности, како што се готвење, перење, чистење и друго, се жени, додека само 10,4% се мажи, со што земјата беше оценета со 55,8 поени, споредено со просекот во ЕУ од 64,9 и со прво-рангираната земја во доменот „Време“ – Шведска, која има 90,1 поен (Башевска, 2023, стр. 22–23). Ова го објаснува наодот дека кај мажите учеството се зголемува откако ќе дојдат децата за три од четирите варијабли, односно дека тие користат од неплатениот труд на жените. Дополнително, може да се очекува дека мажите кои имаат деца се повеќе општествено прифатени како стабилни, традиционални и семејни луѓе, што се покажало како посакувана вредност во Македонија (Серафимовска, 2023).

Интересно е што вообичаено очекување е дека лица во партнерска заедница, особено во брак, како и оние со деца, имаат позастапени „традиционални“ вредности, па оттука би поддржале и би се вклучиле повеќе во потрадиционални форми на политичко организирање, како што се политички партии (Voorpostel & Coffe, 2012). Но во случајот на Македонија ова се потврдува кај мажите, но не и кај жените. Впрочем, единствената статистичко значајна разлика што животните доба ја имаат кај жените е што жените кои имаат деца се оддалечуваат од политичките партии во споредба со оние кои немаат деца. Ова би можело да се објасни со ресурсот

време, односно дека жените кои имаат деца имаат помалку време за да ги следат политичките партии и евентуално да се активираат во нив. Но, не го гледаме влијанието на ресурсот време во врска со ниту една од другите форми на политичко учество. Оттука, објаснувањето би требало да биде од друг фактор. Ако се земат предвид истражувањата според кои партиите се „машки средини“ со „машка култура“ (Коруновска et al., 2015), жени или жени со деца може да се непосакуван учесник во нив. Поради ова, корисно би било некое идно истражување да ги провери разликите што можеби би произлегле со тоа во зависност од возраста на децата на испитаниците, со цел да се види дали евентуално би се појавила некоја разлика.

### 3.2. Кластер 2: родовиот јаз во политичкото учество и личните карактеристики

Во рамки на вториот кластер, беше разгледано влијанието на етничката припадност, образованието, возраста и живеењето во рурална/урбана средина врз политичкото учество кај жените и мажите.

#### 3.2.1. Етничка припадност

Како што е наведено во делот 2, поради природата на примерокот прибран во рамки на ЕОИ анкетата, во овој труд е разгледано политичкото учество само на албанската и на македонската етничка група. Разгледувањето на политичкото учество покажа дека етничката припадност не прави разлика во гласањето на избори и во блискоста до партија. Но, етничката припадност прави разлика во врска со интересот за политика. Анализата покажува дека и Албанките имаат поголем интерес за политика од Македонките и Албанците имаат поголем интерес за политика од Македонците.

Според концептот на „расна ефикасност“, не би требало да има голема разлика меѓу албанската и македонската етничка група. Имено, би требало да се очекува поголем интерес за учество во политика кај Албанките и Албанците колку што се зголемува нивната дескриптивна репрезентативност и сликата за нивното влијание во општеството. Ова е сликата на Албанките и Албанците – дека нивната етничка група може да има влијание во општеството. Тоа би требало да биде проследено со отпор од Македонките и Македонците со цел зачувување на доминацијата на нивната етничка група во општеството, но податоците не укажуваат на постоење на таков

отпор.[12] Ова може да се објасни со фактот што „расната ефикасност" подразбира и определен степен на кохезија во ставовите за способноста на сопствената група да влијае врз политичките процеси. Резултатите укажуваат дека кај жените и кај мажите од албанската етничка заедница има силно изразена кохезија и поврзаност за дејствување врз етничка основа, додека истото го нема кај и жените и мажите од македонската етничка заедница.

Друга разлика што се јавува е што албанските жени имаат многу помало учество на протести во споредба со македонските жени. Учеството на протести се смета за помалку традиционална форма на политичко учество, споредено со блискост до партија и гласање на избори. Таа е форма што подразбира прифатливост на видливоста и на вклученоста на жената во јавниот простор и на нејзиното дејствување во јавниот простор, што во патријархалниот контекст во Македонија е пречка за сите жени; самото учество на жените на протест е своевиден отпор кон патријархалната култура. Сепак, степенот на патријархален притисок во средините во кои живеат Албанките може да е поголем, па со тоа и нивното учество на протести е помало. Дополнително, формата учество на протест е и форма која се практицира кога се нема пристап до центрите на моќ, односно центрите на одлучување. Оттука, ваквата разлика може да е резултат на можност на Албанките да ги реализираат своите барања преку други, поформални, канали.

### 3.2.2. Образование

Степенот на образование исклучително влијае и кај жените и кај мажите врз декларираниот **интерес за политика** и врз формалните начини на политичко учество, како што е **гласање на избори.** Нашите наоди потврдуваат дека и мажите и жените со високо образование имаат поголем интерес за гласање на избори од мажите и жените со средно образование, додека пак тие со средно имаат повисок интерес од оние со основно образование. Образованието, исто така, го формира и интересот за политиката, со тоа што лицата со високо образование, и мажите и жените, имаат поголем **интерес за политика** од оние со средно, додека интересот не се менува значително помеѓу лицата со средно и оние со основно образование. Забележливо е дека интересот за протести опаѓа со степенот на обра-

12 Нема ни поголем интерес од страна на Македонките и Македонците со што би се докажала неприменливоста на оваа теорија во македонскиот контекст. Но според нашите наоди и тоа не е случајот овде.

зование, но статистички значајно е само опаѓањето кое резултира со разликата меѓу жените со средно образование споредено со жените со низок степен на образование, односно оние со средно образование помалку учествуваат во протести од оние со основно образование. Високиот степен на образование, пак, нема статистички значајно влијание на блискоста до партија, ни кај мажите ни кај жените. Со оглед на степенот на партизација и клиентелизам во земјава, не изненадува фактот што образованието не прави разлика за блискост до некоја партија.

### 3.2.3. Возраст

Според наодите за политичко учество кај жени и мажи во врска со возраста, кај жените интересот за политиката се зголемува со текот на времето, и тоа особено како изразен интерес за политика и блискост до партија. Зголемен интерес имаат и за гласање на избори, но тој бележи многу помало зголемување од првите два. За разлика од овие три, жените низ целиот животен век немаат големи промени во врска со учеството на протести. Мажите со текот на годините губат интерес за понеформалните начини на политичко учество, какво што е учество на протести, додека кај жените тоа останува непроменето. Со оглед на тоа дека мажите со зголемувањето на годините доаѓаат до формални позиции на политичка и друга моќ и влијание, вклучително и на позиции на одлучување, ваквото намалување е логична последица. Бидејќи кај жените формалната исклученост трае без разлика на животната доба, не можеме да видиме промени во интересот за учество во неформалните процеси на политичко учество.

Наодите во врска со возраста кај жените јасно ја потврдуваат постоечката литература, односно дека жените подоцна се социјализираат во политиката, што е резултат на општествената социјализација која ниту ги насочува ниту им негува интерес и капацитет за политика. Жените го стекнуваат тоа со протекот на времето. Оттука, може да заклучиме дека жените со тек на време се активираат повеќе политички и покрај постојните општествени и други пречки, а не затоа што општеството им создава услови за тоа. Ова може да се види одразено и во избирачките листи за парламентарните избори во 2020 година. Имено, според студијата за младите и нивната позиција на парламентарните избори, добитничките места на изборните листи на последните парламентарни избори во 2020 година, односно првите пет места, ги добиваат најчесто „кандидати од возрасните групи 30-39 (27,38 %) и 40-49 (26,98 %), и кандидатки од возрасните

групи 40-49 (30,44 %) и 50-59 (25,36 %)“ (Галевски & Ѓорѓиовска, 2020). Што значи, мажите порано стигнуваат до добитни места на изборните листи од жените.

### 3.2.4. Рурална/урбана средина

Според податоците, нема разлика во политичкото учество помеѓу жените од урбаните и од руралните средини. Ова е различно од утврденото во литературата, според кое би требало да има помало политичко учество на жените во руралните средини во споредба со жените од урбаните средини. Ова порамнување во македонски контекст може да е плод на сеприсутната доцна социјализација и на неплатениот труд кој е висок и кај жените од урбаните и кај жените од руралните средини.

Но, разлика се појавува кај мажите. Мажите од руралните средини имаат помал интерес за политика од мажите во урбаните средини. Ова е во согласност со претпоставките од постоечката литература. Но за разлика од тие наоди, во Македонија мажите од руралните средини повеќе гласаат на избори од мажите во урбаните средини. Не постои разлика во врска со блискоста до партија, така што разликата не би се објаснувала преку членство во партија или поврзаност со партија. Но може да се објасни со големото политичко влијание на партиите на локално ниво, како и со фактот што, како што беше дискутирано и погоре, во делот 3.1., гласањето на избори е дел од динамиката на размената помеѓу граѓанките и граѓаните и политичките партии која се јавува во рамки на политичките (изборни) клиентелистички односи што постојат во земјава (Bliznakovski, 2019; Близнаковски, 2021).

## Заклучоци и препораки

И покрај утврдената потреба и артикулирани барања од страна на женските и феминистичките организации во земјава, сè уште постојат пречки што влијаат врз политичкото учество во процесите на донесување на одлуки. Овој труд се фокусираше на родовиот јаз во политичкото учество, прикажан преку интерес за политика, гласање на избори, блискост до партија и учество на протест. Беше направен краток преглед на постоечката литература, со цел да се утврди соодветна насока за истражувањето и да се дојде до почетна основа за интерпретација на неговите резултати.

Врз основа на целото разгледување на политичкото учество по животна доба, може да се извлечат три главни заклучоци. Прво, политичкото учество кај жените е потиснато од постојано високото, диспропорционално, големо и доминантно, учество на жените во неплатениот труд низ целиот нивен животен век. Второ, жените се длабоко социјализирани за живот во приватната сфера и домот, како резултат на што многу подоцна од мажите пројавуваат интерес и започнуваат со учество во политика. Трето, разгледано низ животните доба во нашиот национален контекст, политичкото учество на мажите видно има корист од неплатениот труд и работа на жените, односно нивното политичко учество е благодарение на неплатениот труд и чувањето на жените во приватната сфера преку длабоко патријархалните процеси на социјализација и патријархалната распределба и користење на ресурсите.

Низ процесот на изработка на овој труд беа утврдени неколку точки како препораки за идни истражувања. Тие истражувања би помогнале да се дополнат, да се подобрат и збогатат и/или да се преиспитаат наодите во овој труд. Дополнително, врз основа на дадените заклучоци и дискутираното во трудот, авторката дава пет клучни препораки за донесувачите на одлуки.

Прво, клучно е да се работи на едукација и оснажнување за политичко учество на жените и девојчињата од најмала возраст, па низ целиот процес на образование, со цел да може да се прекине штетното влијание на процесите на социјализација што ги имаме денес, и со тоа директно да се дејствува кон затворање на родовиот јаз во врска со политичкото учество во првите години од неговото формирање. Ова во практиката би значело родово критичко преобмислување и анализа на воспитните и образовните материјали и методи, со цел доаѓање до родово сензитивно образование и воспитание, обуки на образовниот кадар со цел стекнување капацитет за спроведување на родово сензитивни програми и методологии. Главна појдовна точка за спроведувањето на оваа препорака треба да биде Министерството за образование, а вклучени треба да бидат сите чинителки и чинители кои работат на образованието и на родовата еднаквост.

Второ, потребно е да се работи на подигнување на свеста и на сензитивизирање кај политичките партии, како и на реформирање на внатрешното организирање и дејствување, со цел да можат да утврдат како нивното организирање или дејствување создава препреки за политичкото учество на жените. Ова ќе вклучува и работа со младинските унии и со униите на жени, но не треба да се сведе на

активност само во рамки на униите, бидејќи најчесто исклученоста доаѓа од највисоките политички врвови т.е. од политичките лидери (Kotevska & Pavlou, 2023). Главна појдовна точка за спроведувањето на оваа препорака треба да се политичките партии, а вклучени треба да бидат сите чинителки и чинители кои работат со политичките партии, со политичкото учество и со родовата еднаквост во политичките процеси.

Трето, потребно е да се работи со донесувачите на одлуки, а особено со најчестите предлагачи на закони – Владата и министерствата, со цел тие да добијат продлабочено знаење за причините за јазот помеѓу учеството на жени и девојки споредено со мажи и момчиња. Со ова, ќе се влијае кон намалување или спречување на процесите за носење на родово несензитивно законодавство. Главна појдовна точка за спроведувањето на оваа препорака треба да биде Собранието како законодавен дом и поставувач и контролор на стандардите за законодавството, како и Секретаријатот за законодавство во Владата, а вклучени треба да бидат сите чинителки и чинители кои работат на законодавство и родова еднаквост, за родово сензитивно Собрание и за родова интеграција низ јавните политики.

Четврто, клучно е да се започне со редовно, предвидливо и одржливо државно финансирање на истражувања кои ќе овозможат редовно и детално следење на родовите односи во општеството, но и пошироко на општествените односи како што тоа може да се направи со ЕОИ. Ова ќе овозможи следење на промените низ времето, со што може да се извлечат појасни заклучоци за факторите што влијаат врз фомирањето на родовиот јаз во врска со политичкото учество, па и општо – на родовите јазови во различни области. Главна појдовна точка за спроведувањето на оваа препорака треба да е Министерството за образование, како централна институција за финансирање на научни истражувања, а вклучени треба да бидат сите чинителки и чинители кои работат со научни истражувања, граѓанските здруженија кои работат на истражувања и/или на родова еднаквост.

Слично како и четвртата препорака, и петтата препорака е за државното финансирање. Државата мора да го преобмисли начинот на финансирање на граѓанските организации со цел да се создадат услови за редовно, предвидливо и одржливо државно финансирање на работата на граѓанските организации, при што како задолжителен услов за финансирањето ќе се воведе родовата перспектива низ целата поддржана активност, без разлика на нејзината комплексност. Главна појдовна точка за спроведувањето на

оваа препорака треба да е Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците како централна точка за финансирање на граѓанските организации според сегашната поставеност, а вклучени треба да бидат граѓанските здруженија кои работат на родовата еднаквост.


### Благодарност

Овој труд е изработен со помош на моделите и пресметките направени од Јован Близнаковски и Анета Цекиќ, кои придонесоа и во пишувањето на дел од текстот, во делот „Истражувачки методи“. Авторката им изразува голема благодарност за поддршката.


## Библиографија


Allport, G. (1979). *The Nature of Prejudice.* Basic Books.

Badescu, G., & Neller, K. (2007). Explaining associational involvement. In J. W. van Deth, J. R. Montero, & A. Westholm (Eds.), *Citizenship and involvement in European democracies: A comparative analysis* (pp. 158–187). Routledge, Taylor & Francis Group.

Bliznakovski, J. (2019). *Vote Selling, Party Serving and Clientelist Benefit-Seeking: Citizen Engagement in Political Clientelism in the Western Balkans* [University of Milan]. https://www.researchgate.net/publication/341121617_Vote_Selling_Party_Serving_and_Clientelist_Benefit-Seeking_Citizen_Engagement_in_Political_Clientelism_in_the_Western_Balkans/link/5eb000cf299bf18b9594a399/download

Burns, N., Schlozman, K. L., & Verba, S. (1997). The Public Consequences of Private Inequality: Family Life and Citizen Participation. *American Political Science Review, 91*(2), 373–389. https://doi.org/10.2307/2952362

Efendic, A., & Ledeneva, A. (2019). The Cost of Informal Networking in the Western Balkans Region Matters! In E. Gordy & A. Efendic (Eds.), *Meaningful reform in the Western Balkans* (pp. 85–101). Peter Lang CH. https://doi.org/10.3726/b15146

ESS10. (n.d.). *Vote—Voted last national election (ESS round 10—2020. Democracy, Digital social contacts)* [dataset]. ESS round 10 - 2020. Democracy, Digital social contacts. https://ess-search.nsd.no/en/variable/c4fad02a-7230-4535-8dbc-95736a5f2d66

European Institute for Gender Equality. (2022a). *Gender Equality Index–Power in European Union in 2022* [Electronic]. European Institute for Gender Equality. https://eige.europa.eu/gender-equality-index/2022/domain/power

European Institute for Gender Equality. (2022b). *Gender Equality Index–Time in European Union in 2022* [Electronic]. European Institute for Gender Equality. https://eige.europa.eu/gender-equality-index/2022/domain/time

Eurostat. (2020). *Estimated average age of young people leaving the parental household by sex, 2019 (years)* [dataset]. https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/images/d/d3/Estimated_average_age_of_young_people_leaving_the_parental_household_by_sex%2C_2019_%28years%29.png

Farkas, L. (2016). *The meaning of racial or ethnic origin in EU law: Between stereotypes and identities.* European Commission. Directorate General for Justice and Consumers. https://data.europa.eu/doi/10.2838/83148

IPU and UN Women. (2023). *Women in Politics 2023.* https://www.unwomen.org/sites/default/files/2023-03/Women-in-politics-2023-en.pdf

Kotevska, B., & Pavlou, V. (2023). *Promotion of Gender Balance in Political Decision-making.* European Commission. https://www.equalitylaw.eu/downloads/5824-promotion-of-gender-balance-in-political-decision-making

Lee, F. L. F. (2010). The Perceptual Bases of Collective Efficacy and Protest Participation: The Case of Pro-Democracy Protests in Hong Kong. *International Journal of Public Opinion Research, 22*(3), 392–411. https://doi.org/10.1093/ijpor/edq023

Marquart-Pyatt, S., & Paxton, P. (2007). In Principle and in Practice: Learning Political Tolerance in Eastern and Western Europe. *Political Behavior, 29*(1), 89–113. https://doi.org/10.1007/s11109-006-9017-2

Phoenix, D. L., & Chan, N. K. (2022). Clarifying the “People Like Me”: Racial Efficacy and Political Behavior. *Perspectives on Politics,* 1–18. https://doi.org/10.1017/S1537592722002201

Quaranta, M., & Dotti Sani, G. M. (2018). Left Behind? Gender Gaps in Political Engagement Over the Life Course in Twenty-Seven European Countries. *Social Politics: International Studies in Gender, State & Society, 25*(2), 254–286. https://doi.org/10.1093/sp/jxy005

Teorell, J., Sum, P., & Tobiasen, M. (2007). Participation and political equality.

In J. W. van Deth, J. R. Montero, & A. Westholm (Eds.), *Citizenship and involvement in European democracies: A comparative analysis* (pp. 158–187). Routledge, Taylor & Francis Group.

Voorpostel, M., & Coffe, H. (2012). Transitions in Partnership and Parental Status, Gender, and Political and Civic Participation. *European Sociological Review, 28*(1), 28–42. https://doi.org/10.1093/esr/jcq046

Атанасов, З., Димитриевски, Д., Крстеска, А., Наумовска, Б., Цекиќ, А., Близнаковски, Ј., & Тодоровска, М. (2022). *Изборниот систем на Република Северна Македонија: Како да се обезбеди рамноправна и фер застапеност во собранието.* Национален демократски институт.

Башевска, М. (2023). *Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022.* МТСП и ДЗС.

Блажевски, Б. (2021). Платформата за родова еднаквост бара од партиите родов баланс во изборните листи. *Мета.Мк.* https://meta.mk/platformata-za-rodova-ednakvost-bara-od-partiite-rodov-balans-vo-izbornite-listi/

Близнаковски, Ј. (2021). Политичкиот клиентелизам како бариера за општествениот развој во Република Северна Македонија. In *Бариери на општествениот развој* (pp. 177–194). ИСППИ. https://www.researchgate.net/publication/359315301_Politickiot_klientelizam_kako_bariera_za_opstestveniot_razvoj_vo_Republika_Severna_Makedonija

Вељановски, М. (2017). Платформата за родова еднаквост бара балансираност на кандидатските листи: „Родовата рамноправност е фундаментално право“. *Академик.* https://akademik.mk/platformata-za-rodova-ednakvost-bara-balansiranost-na-kandidatskite-listi-rodovata-ramnopravnost-e-fundamentalno-pravo/

Галевски, М., & Ѓорѓиовска, Ј. (2020). *Младинско политичко отсуство: Анализа за позицијата на младите на парламентарните избори 2020.* Фондација за демократија на Вестминстер.

Државен завод за статистика. (2023). *Склучени и разведени бракови во Република Северна Македонија во 2022 година—Дефинитивни податоци* [dataset].

Институт за социолошки и политички и политичко-правни истражувања. (2023). *Податоци од европското општествено истражување.* https://isppi.ukim.edu.mk/podatoci-evropsko-opstestveno-istrazuvanje

Јакимова, Ј. (2022). Ќе ни треба половина век за жените да станат

рамноправни во власта. *Радио Слободна Европа.* https://www.slobodnaevropa.mk/a/ќе-ни-треба-половина-век-за-жените-да-станат-рамноправни-во-власта/31663506.html

Јовевска Ѓорѓевиќ, А., & Јанеска, С. (2020). *Суштинско или стерилно: Застапеноста на жените во собраниските состави на Република Северна Македонија (1990–2020).* ИДСЦС.

Коруновска, Н., Србијанко, Ј. К., Илиќ, С., & Малеска, Т. (2015). *Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија.* Реактор - истражување во акција.

Наумовска, Б. (2023). *Учество на граѓаните во политиката (наоди од Европското општествено истражување за Република Северна Македонија).* https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-03/4.-naumovska-uchestvo-na-graganite-vo-politikata.pdf

Серафимовска, Е. (2023). *Човечките вредности во современ контекст (наоди од Европското општествено истражување за Република Северна Македонија).* https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2023-03/10.-serafimovska-chovechkite-vrednosti-vo-sovremen-kontekst.pdf

Стојанчова, П. (2021). Жените како декор на локалните избори. *Радио Слободна Европа.* https://www.slobodnaevropa.mk/a/жените-декор-на-локалните-избори/31445352.html

Фондација за демократија на Вестминстер. (2019). *Политичкото учество на жените во Северна Македонија–Студија и научно-истражувачки трудови.* Фондација за демократија на Вестминстер.

**Отворено скриени опресии:**
**Ставови, вредности и практики на граѓанките и граѓаните за политичкото учество и за хомосексуалноста**

Издавач
**Коалиција МАРГИНИ Скопје**

Уредник
**Славчо Димитров**

Автор(к)и
**Анета Цекиќ**
**Јован Близнаковски**
**Ирена Цветковиќ**
**Билјана Котевска**

Лектура
**Виолета Танчева-Златева**

Графичко уредување
**Дарко Алексовски**

Печати
**ДАТА ПОНС**

Тираж
**150**

**Скопје, октомври 2023**

---

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

17.022.1:[316.837:316.65(497.7)(047.31)
316.752:[316.837:316.65(497.7)(047.31)
305-055.1/.2:342.571(497.7)(047.31)

ОТВОРЕНО скриени опресии: : ставови, вредности и практики на граѓанките и граѓаните за политичкото учество и за хомосексуалноста / Ирена Цветковиќ... [и др.]. - Скопје : Коалиција МАРГИНИ, 2023. - 88 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Останати автори: Анета Цекиќ, Јован Близнаковски, Билјана Котевска. - Библиографија: стр. 82-85

ISBN 978-608-4803-46-1

1. Цветковиќ, Ирена [автор] 2. Цекиќ, Анета [автор] 3. Близнаковски, Јован [автор] 4. Котевска, Билјана [автор]

а) Хомосексуалност -- Ставови -- Човекови вредности -- Македонија -- Истражувања
б) Родови студии -- Политичка партиципација -- Македонија – Истражувања

COBISS.MK-ID 61936133

---

Коалиција МАРГИНИ

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | North Macedonia

X